МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ТЕМА:

ГЛАВНАТА РАСПРАВА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Ментор: Проф. д-р – Марија Гроздановска
Студент: Мартин Илиевски
Број на индекс: М237021
Насока: Казнено Право

Свети Николе, 2024

АПСТРАКТ

i

Овој магистерски труд нуди целосен преглед за важноста, значењето и улогата на главната расправа во кривичната постапка. Особено внимание е посветено на Република Северна Македонија, со цел да се истакнат сите клучни аспекти, особености, предизвици и можности за подобрување. Преку компаративна анализа со правни системи од други земји, истражувањето има неколку конкретни цели: идентификација на основните елементи и процеси на главната расправа, анализа на историскиот развој на кривичната постапка, како и утврдување на предизвиците и потенцијалните унапредувања.

Ова истражување е значајно затоа што ќе помогне во откривање на предностите и слабостите на тековната практика. Преку продлабочено разгледување на кривичната постапка и нејзините компоненти, ќе се поддржи развојот на правната доктрина. Потврдувањето на хипотезите ќе овозможи формулирање конкретни препораки за унапредување на главната расправа, оптимизирање на фазите од кривичната постапка и подобрување на правните вештини, водење и разбирање на кривичната постапка од страна на сите учесници, како и целосно обезбедување на фер, праведни судски постапки и мериторни одлуки, што пак од друга страна ќе доведе до враќање на довербата во правниот систем.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: казнено право, кривична постапка, главна расправа

ABSTRACT

ii

This master's thesis provides a comprehensive overview of the importance, significance, and role of the main trial stage in criminal proceedings. It places particular emphasis on the Republic of North Macedonia, aiming to highlight all key aspects, characteristics, challenges, and opportunities for improvement. Through a comparative analysis with legal systems from other countries, the research pursues several specific objectives: identifying the fundamental elements and processes of the main hearing, analyzing the historical evolution of criminal proceedings, and pinpointing challenges and potential improvements.

This research is of significant value as it will uncover the strengths and weaknesses of current practices. By conducting an in-depth examination of criminal procedure and its components, it will contribute to the advancement of legal doctrine. Testing the hypotheses will facilitate the formulation of concrete recommendations for enhancing the main hearing, optimizing the stages of criminal proceedings, and improving legal skills, management, and understanding of the process by all participants. Ultimately, these recommendations will ensure fair and just judicial processes and sound decisions, thereby contributing to the restoration of confidence in the legal system.

KEY WORDS: criminal law, criminal procedure, main hearing

СОДРЖИНА

ВОВЕД 1

ГЛАВА 1. ПОИМ ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА, ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ И ОСНОВНИ НАЧЕЛА 5

1.1. Поим за кривична постапка 5

1.2. Историски развој на кривичната постапка како дел од правниот систем 8

1.3. Преглед на основните меѓународни конвенции за кривичната постапка 15

1.4. Клучни начела што го регулираат текот на главната расправа во кривичната постапка 17

1.4.1. Начело на законитост 21

1.4.2. Начело на јавност 25

1.4.3. Начело на усност 29

1.4.4. Начело на непосредност 30

1.4.5. Контрадикторност и рамноправност на странките 31

ГЛАВА 2. ГЛАВНА РАСПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 34

2.1. Општи напомени за главниот претрес наспроти главната расправа според поранешниот и сегашниот Закон за Кривична Постапка на РСМ 34

2.2. Подготовка на главна расправа 37

2.3. Претпоставки за одржување на главната расправа 41

2.4. Одлагање и прекинување на главната расправа 42

2.5. Почеток на главната расправа 44

2.6. Тек на главна расправа 48

2.7. Признавање на вина за време на главна расправа 50
2.8. Доказна постапка за време на главна расправа 52
2.9. Директно, вкрстено и дополнително испитување 60
2.10. Испитување на сведок 76
2.10.1. Испитување на вештак и технички советник 77
2.11. Исклучок од непосредно изведување на доказите 78
2.12. Дополнение на доказната постапка 79
2.13. Завршни зборови и завршување на главната расправа 80
2.14. Објавување на пресуда 82
2.15. Жалбена постапка 84
ГЛАВА 3. КОМПАРАТИВЕН ПРИСТАП КОН ГЛАВНАТА РАСПРАВА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА: ПРИМЕРИ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО, ГЕРМАНИЈА И СРБИЈА 86
3.1. Анализа на главната расправа во Англија и Велс (Обединетото Кралство) 86
3.1.1 Посебни судови и трибунали 90
3.2. Германија 101
3.3. Србија 108
ГЛАВА 4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО: ПРЕДМЕТ, ЦЕЛ И ЗАДАЧА, ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ, ХИПОТЕТСКА РАМКА, ИНТЕНЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ. 112
4.1. Вовед во истражувањето 112
4.2. Предмет на истражувањето 112
4.3. Проблем на истражувањето 112
4.4. Појава на истражувањето 113
4.5. Цел на Истражувањето 113
4.6. Теоретско-категоријален апарат 114
4.7. Хипотетска рамка 115
4.8. Научна и Општествена оправданост 116

ЗАКЛУЧОК 119
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 122

"ЗАКОНИТЕ СЕ ПАЈАКОВА МРЕЖА КОЈА ГИ ФАЌА СИТНИТЕ МУВИ, НО ГОЛЕМИТЕ МУВИ ЈА КИНАТ И СИ ЗАМИНУВААТ." – HONORÉ DE BALZAC

ВОВЕД

Кривичната постапка, позната и како "Processus criminalis", претставува фундаментален сегмент во областа на правото и се истакнува како неизбежна алка во основата на правниот систем.. Таа, како правна дисциплина, не претставува само комплекс на правила и процедури, туку и контекст во кој се носат одлуки од голема важност за државата, врз основа на важни принципи како правичноста и законитоста.. Оваа постапка влијае на основните права и слободи на личноста, со што ја поставува под пресија универзалната идеја за правдата.Со голема и значајна релевантност, главната расправа во кривичната постапка ги обликува и регулира механизмите на судската расправа со цел обезбедување на фер и ефикасно судење.

Главната расправа е од суштинско значење и важност, секогаш бара од сите инволвирани страни голема сериозност и сеопфатна целосна претходна подготовка. Како "место" на одлучување за голем број на кривични постапки, главната расправа не е само момент на судење, туку и кулминација на судската процедура, во која се конфронтираат интересите на двете спротиставени страни и тоа обвинителот и обвинетиот. Подготвеноста за главната расправа е неопходна не само како законска задолжителност, туку и како стратегиско решение.

Поединечните елементи на главната расправа, од подготовката за неа, преку изведувањето на доказите и самата доказна постапка се комплексни аспекти, каде прецизноста, етиката и легитимитетот се претпоставки за успешно извршување.Во крајна линија, таа не е само етапа во судскиот процес, туку простор каде што се проверува и тестира темпераментот, праведноста и динамиката на правниот систем на една држава.

Во рамките на ова истражување, фокусот се насочува кон компаративната анализа на главната расправа помеѓу Република Северна Македонија и три земји со различни правни системи – и тоа Обединетото Кралство, Сојузна Република Германија и Република Србија.

Овој магистерски труд воедно се фокусира и на деталната анализа на главната расправа во Република Северна Македонија, истакнувајќи ги сите нејзини составни елементи. Целта е да се идентификуваат особености, предизвици и можни подобрувања во примената.

Магистерскиот труд е конципиран од 4 (глави) и заклучок каде се разгледува историската еволуција на кривичната постапка, основните начела што се карактеризираат за главната расправа во кривничната постапка, како и различните фази на главната расправа.

Во првата глава фокусот е ставен на основните аспекти на кривичната постапка, вклучувајќи го нејзиниот поим, историски развој од антички период до современоста, даден е преглед на основните начела на главната расправа.

Во втората глава детално се истражува, разработува расправата согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, вклучувајќи подготовка на главната расправа, текот на самата главна расправа, доказната постапка, објавување на пресуда и жалбена постапка.

Во третата глава се дава осврт во избраните држави и тоа Обединетото Кралство, Германија и Србија и се прави компаративна анализа помеѓу нив и Република Северна Македонија, фокусирајќи се на нивните сличности и разлики. Исто така се прави идентификација на предизвиците и извршувањето на кривичната постапка во истражуваните држави.

Во четвртата глава се појаснува потребата од предметот, целта и задача на истажувањето. Вршиме анализа на поставените хипотези, ја истакнуваме интенцијата на истражувањето и предлагаме препораки за унапредување на кривичната постапка врз основа на најдобрите практики од компаративната анализа. Преку ова, појаснуваме зошто овој магистерски труд има научно, општествена оправданост.

За крај, следува заклучок што ќе ги обедини главните наоди и заклучоци, претставувајќи резиме на истражувањето и нудејќи предлози за идни истражувања во оваа област.

Целта на ова истражување е да се проучи и анализира процесот на главната расправа во нашата земја, да се направи компаративна анализа со избраните држави и нивните правни системи. Истражувањето има неколку конкретни цели: идентификација на клучните елементи и процеси на главната расправа, анализа на историската еволуција на кривичната постапка, споредба на правните системи и идентификација на предизвици и можности за подобрување.

Ова истражување ќе биде од особена важност бидејќи ќе придонесе кон подобрување на правната доктрина преку идентификација на слабости и предности во сегашната пракса. Дополнително, ќе помогне во развојот на правната теорија преку теоретско разбирање на кривичната постапка и нејзините компоненти. Препораките за унапредување ќе имаат за цел да обезбедат фер и праведни судски постапки, што е од клучно значење за одржување на довербата во правниот систем. Истражувањето има значаен придонес кон општеството преку обезбедување на подобра заштита на правата на обвинетите и жртвите во кривичната постапка.

Методологијата на ова истражување вклучува анализа на примарни и секундарни извори, компаративна анализа на законите кој се од витално значење во целокупниот кривичен процес, книги, научни трудови, научни статии, учебници, коментари на закони од експерти во областа, како и многу други релевантни извори. Фокусот го насочуваме кон правните системи во избраните земји, како би пронашле најсоодветни решенија за подобрување на законската регулатива во нашата држава, но во истовреме нудиме многу значајни правни, професионални совети за правниците да го збогатат и унапредат своето знаење, своите вешни, тактики и техники.

Хипотетската рамка ќе ја поставиме за да испитаме дали, главната расправа во нашата држава може да се унапреди преку усвојување на најдобрите практики од избраните држави. Второ, примената на компаративни правни анализи, дали ќе открие значајни разлики и сличности, кои ќе помогнат во идентификување на предизвиците и можностите за подобрување. Трето, правниците дали ќе имаат корист од професионални совети и препораки за унапредување на своите знаења и вештини. Преку разработка на ова истражување, ќе видиме дали овие хипотези ќе се потврдат или отфрлат.

Истражувањето на оваа тема е релевантно бидејќи ќе обезбеди подобро разбирање на сегашните правни практики, ќе понуди препораки за нивно подобрување и ќе придонесе кон заштита на правата на сите учесници во кривичната постапка.

Овој пристап на истражување има за цел да ги идентификува и проучи особеностите, предизвиците и можните подобрувања во имплементацијата на главната расправа во кривичната постапка. Поради комплексноста на правните системи, како и влијанието на културните и историските фактори, ова истражување претставува значаен придонес кон дополнително разбирање и усовршување на кривично-правната пракса и придонес кон изучување на избраните земји, а се со цел да се изменат, подобрат, разјаснат и прифатат најдобрите практики од избраните земји и да се направи клучна целосна реформа во нашето правосудство како би имале подобри услови, правичен и независен пристап од сите инволвирани страни и фер еднаков третман. На овој начин ќе се постигне најважното начело во кривичното право презумпција на невиност (presumption of innocence) и ќе се обезбедат сите процесни гаранции, не само во една теоретска рамка туку и во практиката.

ГЛАВА 1. ПОИМ ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА, ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ И ОСНОВНИ НАЧЕЛА

1.1. Поим за кривична постапка

Кривичната постапка "procedura criminalis" представува систем од процесни дејствија со точно утврдена форма, начин, рок, редослед и овластен субјект за нивно превземање, преку кои се утврдуваат околностите под кои е сторено кривичното дело, вината и степенот на кривичната одговорност на сторителот, како и определување на индивидуализирана кривична санкција "poena individualis" [1].

Со извршеување на кривично дело, покрај нападнатото правно добро, се нарушува и правниот поредок, за кој државата е повикана да го штити заради одстварување на својте други позитивни задачи[2].

Процесните правила, пропишани во законите за кривична постапка на прв поглед се засновани на инструментален принцип, каде главната цел е да се утврдат правилата кои ќе гарантираат дека ниту еден невин граѓанин нема да биде осуден, а виновникот ќе биде казнет, според предвидените санкции во кривничните законици и во согласност со правилно спроведената постапка[3]. Кривичната постапка се одликува по својата комплексност, каде што процесните правила не само што го имаат инструменталниот аспект туку и треба да резултираат во исход кој ги служи и другите вредности и цели, претежно остварувањето на правда и правичноста, како и искоренување на криминалитетот како општествено зло, односно намалување на негативните последици за општеството предизвикани од кривичните дела и постигнување на посакуваната цел а тоа е специјалната и генералната превенција.[4]

Специјалната превенција во кривичното право се однесува на сет од мерки, активности и казни кои се применуваат за да се спречи рецидивизмот "Recidivus criminis",

---

[1]Калајџиев, Г., Мисоски, Б., и др. (2015). Казнено процесно право. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“. стр. 09.

[2] Витанов, Т. (2017). За Докажувањето. Меѓународен Славјански Универзитет. стр. 21.

[3] Закон за кривичната постапка. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), Член 1.

[4] Andrews, D. A., & Bonta, J. (2010). The psychology of criminal conduct, стр. 100-120.

поточно да се спречи извршување на идни кривични дела од страна на ист сторител – повратник, лице кое веќе извршило кривично дело/кривични дела во минатото.

Генералната превенција, пак, се однесува на мерките, активностите и казните кои се применуваат за да се спречи извршувањето на кривични дела од било кое лице, индивидуа во општество, преку стравот од казните кои претходно биле изречени на предходни извршители. Со ваквите методи, начини и средства се одвраќаат потенцијалните извршители на кривични дела[5].

"Казната за неколку, предизвикува страв каи сите." "Poena ad paucos, metus ad omnes". Основното значење е дека казната или казните применети врз малиот број на лица можат да предизвикаат страв или исплашеност кај сите граѓани, не само кај оние што се казнети. Оваа изрека го истакнува значењето на превенцијата во кривичното право, во смисла на забрана за повторување на криминалните дела и предупредување на граѓаните за последиците од нивните постапки[6].

Од погоре наведеното можеме да заклучиме дека кривичната постапка ја опфаќа правната област која се однесува на начинот на обработка на основите на сомневање како и на основаното сомневање дека определено лице или лица се сторители на кривично дели па преку пат на криминалистичката наука, поточно преку користење на оперативно тактичко, технички и методички начини и средства се врши истражување, превенирање, откривање, разјаснување, спречување, сузбивање и борба против криминалитетот[7]. Во сите фази од постапката нужно е водење на целосно законит процес, како би дошло до правилно одлучување за кривичната санкција пред надлежен Суд[8]. Ова пак, подразбира процесни правила кои што сочинуваат систем од правни норми, со кои се регулира положбата и овластувањата на судот, странките, бранителот и другите учесници во кривичната постапка, видот, формата и условите за преземање на одредени процесни дејствија со кои се остварува целта на кривичната постапка, како и правните последици во случај на повреда на ваквите прописи[9].

---

[5] Braithwaite, J. (1989). Crime, Shame, and Reintegration. Cambridge University Press. стр. 85-110.
[6] Garland, D. (2001). The Culture of Control: Crime and Social Order in Contemporary Society. University of Chicago Press. стр. 200-220
[7]Paternoster, R., & Bachman, R. (2017). Explaining Criminals and Crime: Essays in Contemporary Criminological Theory. Oxford University Press. стр. 130-150
[8] Tonry, M. (2011). Punishing Race: A Continuing American Dilemma. Oxford University Press. стр. 90-110.
[9] Калајџиев, Г., Мисоски, Б., и др. (2015). Казнено процесно право. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, стр. 11

Кривичната постапка е законодавен процес кој вклучува неколку етапи, вклучувајќи ја предистражната па потоа истражната постапка или фаза, подигнување на обвинителни акти и судско разгледување на тие акти за тоа дали некој го прекршил кривичниот закон или не. Основната цел е да се гарантира правично, независно, непристрасно, објективно и ефикасно судење во разумен рок, всушност треба да се обезбеди законита и праведна примена на казнени мерки[10].

Bayer, кривичната постапка ја дефинира како збир на систем на дејствија што ги вршат определени државни органи под предпоставка да е сторено кривично дело, а на кои целта им е да се утврди дали кривичното дело е сторено, ако е сторено кој е неговиот сторител, дали треба врз сторителот во смисла на материалното кривично право, да се примени казна (која друга правна мерка) и ако треба да се казни (односно друга мерка) да се одреди на кој начин (квалитативно или квантитативно) [11].

П. Марина, Кривичната постапка ја дефинира како Систем на процесни односи кои настануваат меѓу прецесните субјекти, како и меѓу нив и трети лица при преземањето на процесните дејствија , со цел да се констатира дали е сторено кривично дело, да се пронајде неговиот сторител и тој да се подложи на кривична санкција и со тоа да се исполни целтс на кривичното законодавство[12].

Димитриевиќ, кривичната постапка ја дефинира како активност на кривично процесните субјекти што е заснована врз нивните права и должности во кривично правниот однос и со постапно движење од ситуација во ситуација доведува до конечно решение на кривичниот предмет[13].

Сите наведени дефиниции укажуваат дека во кривичната постапка учествуваат одредени државни органи (суд, јавно обвинителство, а во одредени ситуации и некои други) и некои физички лица, како што се обвинет, сведоци, вештаци, толкувачи. Нивните процесни активности се одвиваат на тој начин за да се утврди дали е сторено кривично дело, ако е сторено да се примени и изрече адекватна санкција со прописите како од материјалното казнено право така и со процедуралната правичност и примена на процесните одредби.

---

[10] Исто, стр. 09-12.
[11] Bayer, V. (1980). Југословенско кривично процесно право (Кнј. II). Загреб, стр. 4.
[12] Марина, П. (1979). Кривичната постапка на СФРЈ. Скопје, стр. 16.
[13] Dimitrijevic, D. (1981). Krivicno procesno pravo. Beograd, стр. 10.

1.2. Историски развој на кривичната постапка како дел од правниот систем

Историјата на кривичната постапка отсекогаш била светилник за еволуцијата на правните системи, преку кои државите го обликувале и изразувале своето разбирање за правдата и уредувањето на кривичните дела. Од древните цивилизации до современите демократски цивилизации, кривичната постапка е рефлексија на културата, политиката и социодинамиката на одреден период.

Најраната докажана употреба за водење на кривична постапка произлегува од Хамурабиев Законик[14], еден од првите правни кодекси. Истиот датира од 1754 г. Пред нашата ера. Овој законик, бил напишан на акадскиот јазик, кој бил главен јазик во таа епоха. Акадскиот бил древен семитски јазик кој се користел во Месопотамија, а алфабетот кој се користел било Клинестото писмо што ги утврдувало правилата на владетелот Хамураби. Уште во тоа време биле предвидени кривични дела и ним соодветни казни, како и решенија за чести спорови и водич за однесување на граѓаните. Воедно, биле дефинирани одредени спецификации за правилата на судење и за начинот како се поднесувале доказите. Овој древен законик, влијателен во тоа време, открива тежнение кон обезбедување на правда и регулирање на кривичните дела. Со своите 282 закони, го утврдувал принципот на талион, со казни што се основа на принципот на "Šumma awīlum ša awīl šaṭām šaṭām, šumma ibbu ša ibbu ṣimittu ṣimittu." Односно "око за око, заб за заб". Овој законик[15] оставил значајно влијание врз подоцнежните правни системи и концепцијата за постапка во случај на кривични дела[16].

Понатаму, со растот на Римската Империја[17], се формирал и развивал римскиот правен систем. Првите правни текстови, како на пример "Јустинијановите Институции[18]" биле дела креирани од императорот Јустинијан I, кој владеел во Византија во VI век по Христа. Тие претставуваат еден од најважните правни текстови во историјата на правото и

[14] Bottero, J. (2004). Mesopotamia: Writing, Reasoning, and the Gods. University of Chicago Press, стр. 78-102.
[15] Roth, M. T. (1997). Law Collections from Mesopotamia and Asia Minor. Scholars Press, стр. 15-35.
[16] Driver, G. R., & Miles, J. C. (1952). The Babylonian laws: Vol. 1. Legal commentary. Oxford University Press, стр. 55-80.
[17]Johnston, D. (1999). Roman Law in Context. Cambridge University Press, стр. 78-102.
[18] Honoré, T. (1978). Justinian's Digest: Character and Compilation. Oxford University Press, стр. 45-67.

го објаснуваат римското правово тој период. Институциите на Јустинијан се состојат од четири книги кои покриваат различни аспекти на правниот систем, вклучувајќи го бракот, имотот, кривичното право и правото на наследство[19]. Тие остануваат важен извор за разбирање на римското право и за правната традиција, правните правила во тој период но и како се развивало правото во низ подоцнежните фази во Европа па и во целиот свет.

Воведувајќи го принципот на невиност и гарантирајќи ги правата на обвинетите. Овој период значително влијае како што напоменав погоре на развојот на европскиот правен систем но и на светсиот правен поредок и правен систем. Карактеристично за овој период, е појавата на акузаторската постапка, која првично се појавува во старата Грција и Рим, и продолжува во раната фаза на феудализмот, кога е заменета со инквизиторната постапка. Оваа прва форма на постапка во историјата на правно-судската цивилизација се карактеризира со трите основни функции - гонење, одбрана и пресудување, што се одвиваат преку три различни субјекти.

Првичната акузаторна постапка се одликува со специфичноста да само оштетениот од кривичното дело, т.е., оној кој претрпел директни последици од злосторството, имал право да ја иницииpа таквата постапка. Затоа, постоењето на постапката зависело од волјата на тужителот. Во подоцнежните времиња, кога се појавила потребата за општествена репресија и кога се разделени кривичната и граѓанската постапка, се појавува можноста за иницирање на постапка од страна на сите членови на групата во која припаѓал оштетениот од кривичното дело - actio popularis[20]. Судот во овој период, немал никаква улога во вовлегување и во иницирање на кривичната постапка, гонењето и испрашувањето и не бил овластен да предлага докази.

Судот само располагал со доказите кои му биле доставени и врз таквите докази носел пресуда, пресудувал. Обвинетиот бил единствено одговорен да се вклучи во процесот и да се изјасни за вината во однос на конкретниот случај. Ни тужителот, ни судот не биле овластени да поставуваат прашања кои не се поврзани со основата на тужбата. Обвинетиот уживал во гарантирани процесни права, вклучувајќи го правото на

[19] Muirhead, J. (2009). Historical Introduction to the Private Law of Rome. The Lawbook Exchange, Ltd., стр. 45-70

[20]Robinson, O. F. (1997). The Criminal Law of Ancient Rome. Johns Hopkins University Press, стр. 45-68

изнесување докази, правото на молчење и имал можност самиот да предлага докази[21]. Целиот процес не бил поделен во стадиуми, не постоела претходна постапка, туку бил систематизиран само во форма на расправа.

Исчезнувањето на акузаторната постапка од Европа била поради појавата на инквизиторната кривична постапка, која се применувала скоро секаде, освен во Англија и САД. Централниот стадиум на инквизаторската постапка била истрагата "inquisitio". Оваа постапка била прилагодена за потребите на социјална репресија, каде државата ја преземала двојната улога на препознавање и кривично гонење на сторителите " ex officio". Во оваа постапка, се применувал строг формализам во секој стадиум на постапката, карактеризиран со отсуство на лаички елемент, тајност и отсуство на контрадикторност. Обвинетиот бил објективизиран и имал многу повеќе обврски од права во споредба со акузаторната постапка. Ретко кога обвинетите имале можност за присуство на судењето и рамноправноста и еднаквоста на оружјата, тие како принципи биле отсутни.

Тортурата била присутна како начин за извлекување на "признанието", кое било сметано за „кралицата на доказите“, "regina probationem". Воведувањето на тортурата во кривичниот процес започнал околу 1100 г.н.е., а станал вообичаен практичен елемент на кривичната постапка во текот на следните 1300 години. Инквизиторната кривична постапка потполно ги негирала основните права и слободи на граѓаните и со нејзиното настанување, извршила тотална негација на придобивките на акузаторната постапка[22].

Во Средновековната Европа, кривичната постапка била под силно влијание и зависела од канонското право на католичката црква. Во тоа време поставена е основата за подобрување на постапките и зголемување на правата на обвинетите. Низ овој период се протнува модерниот концепт на индивидуални права и правично судење. Се отворил патот кој што обезбедувал рамноправност пред законот на спротивните странки.

Со европските освојувања во 16 и 17 век, правните системи воведуваат нови концепции во кривичната постапка[23].

Имено поделбата на казненото материјално и казненото процесно право прв пат во светот била направена во 16-тиот век, на територијата на денешна Република Германија,

---

[21]Калајџиев, Г., Мисоски, Б., и др. (2015). Казнено процесно право. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, стр. 13-15.

[22]Heller-Roazen, D. (2009). The Enemy of All: Piracy and the Law of Nations. Princeton University Press, стр. 78-102.

[23] Brundage, J. A. (1995). Medieval Canon Law and the Crusader. University of Wisconsin Press, стр. 84-113.

со донесувањето на Consitutio Carolina во 1532 година[24]. Со ваквиот концепт на законодавство се иницирала потребата и карактерот за одвоеност, диференцијација помеѓу казнениот законик каде што биле уредени кривичните дела и кривичната постапка, која што ги уредувала процедуралните карактеристики, постапувања и овластувања на државата против сторителите на кривичните дела во тогашниот правен систем. Со Consitutio Carolina се утврдил кривичниот законик и кривичната постапка, кои што морало да се следат и применуваат од сите чинители влучувајќи го и судот, судиите[25].

Понатаму следи и фазата каде што се појавува мешовитиот тип на кривнична постапка во времето на просветителството во 1789 година. Мешовитиот тип вклучува карактеристики од двете до тогаш познати постапки - акузаторната и инкизаторската и претставува нов начин на водење на постапките кои овозможувале многу повеќе права на обвинетите. Со одвојување на законите и со создавање на мешовит модел се направи значаен исчекор, така што овој период остава значајно влијание во кривичното право и развојот на поновата правна историја во Европа и Светот. По ова, следат и мошне значајни историски периоди во подобрувањето на целокупното кривично право, па се создаваат и влијателните правни кодекси, како Кодексот на Луј XIV во Франција[26] објавен во 1685 година, кои што го зголемиле уште повеќе акцентот и правата на обвинетите, институционализирале принципи како што е пресумцијата на невиност. Всушност од овој историски период произлегува се создава и раѓа пресумцијата на невиност "presumptio innocentiae"[27].

Во 19 век, со Казнениот законик или кодекс на Наполеон, Франција го стави темелот за модерниот правен систем. Овој законик, прифатен во 1808 година, вовел принципи како пресумција на невиност, правото на одбрана и јавен карактер на судските постапки[28]. Тие принципи се пренесени и во многу други правни системи и го обликуваа современото кривично право.

Некои од најзначајните карактеристики на Наполеоновиот законик вклучуваат:

---

[24] Stolleis, M. (1998). History of Public Law in Germany. Oxford University Press, стр. 89-112.
[25] Шредер, Ф. (2010). Казнено процесно право. Скопје: Арс Ламина, стр. 4.
[26] Langbein, J. H. (2003). The Origins of Adversary Criminal Trial. Oxford University Press, стр. 150-172.
[27] Whitman, J. Q. (2008). The Origins of Reasonable Doubt: Theological Roots of the Criminal Trial. Yale University Press, стр. 200-220
[28] Blanchard, M. A. (1994). The Modern Origins of the Early Napoleonic Code. University of California Press, стр. 150-172.

- Централност на законот: Законикот ги дефинираше кривичните постапки и казните и поставуваше законот како основа за правдата и правосудството.
- Принцип на презумпција на невиноста: Особата била сметана за невина сè додека не се докаже нејзината вина.
- Забрана на тортура: Законикот забрануваше користење на тортура за добивање признања.
- Пропорционални казни: Казните биле одредувани според сериозноста на кривичното дело.
- Заштита на личните права: Законикот ги заштитуваше правата на обвинетите, вклучувајќи го правото на одбрана и правото на апелација.

Казнениот законик на Наполеон остави трајен белег и огромно влијание врз развојот на кривичното право и правосудството ширум светот[29].

Во 20 и 21 век, со формирањето на Организацијата на Обединетите Нации и други меѓународни организации, се повеќе се креираат меѓународни конвенции за права на човекот. Конвенции како што се Европската конвенција за човекови права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, влијаат врз кривичната постапка, ширејќи ги правата на обвинетите уште повеќе и предложувајќи ги принципите на фер и правичното судење во глобален контекст[30].

Современото кривично право во Република Северна Македонија ги наследува овие вековни принципи, а воедно се адаптира кон специфичностите на државата и времето. Периодот пред осамостојувањето на Македонија, кога земјата беше дел од Кралството Југославија, и подоцна, под поранешната Југословенска држава, беше почеток на воведување на современите правни принципи од кривичното и кривично процесното право. Важно е да се забележи дека во овој период, кривичното право на Македонија беше дел од поширокиот контекст на југословенското правно наследство и беше под силно влијание од политичките, економските и социјалните околности на времето. Овој период имаше значајно влијание врз формирањето на кривичното право и правната култура на Македонија како независна држава по нејзиното осамостојување.

[29] Zweigert, K., & Kötz, H. (1998). An Introduction to Comparative Law. Oxford University Press, стр. 123-145.
[30] Clapham, A. (2007). Human Rights: A Very Short Introduction. Oxford University Press, стр. 81-112.

Со добивањето на независност во 1991 година, Република Северна Македонија го формира своето сопствено правно наследство. Кривичната постапка во земјата се базира на принципи како правото на одбрана, независноста на судските органи и праведлив процес, како што е дефинирано во Уставот[31] и соодветните закони. Во контекстот на Република Северна Македонија, современото кривично право го одразува ова секојдневно истражување на балансот помеѓу казната и правата, чувајќи ги традициите од минатото, но и се прилагодувајќи на предизвикот на постојаната еволуција на правните стандарди[32].

Согласно се горенаведено, можеме да заклучиме дека развојот на кривичната постапка преминал низ различни етапи во историјата, од древните цивилизации до современите демократски општества. Во секој период, влијателни правни системи и концепции формирале основа за правичност, рамноправност и заштита на правата на обвинетите. Меѓународните конвенции го надоградиле овој еволутивен процес и ги истакнале принципите на кривичната постапка што денеска ги применуваме. Како што беше наведено порано, развојот на кривичната постапка е во тесна врска со општествениот напредок на конкретната држава. Социо-економските, правно-политичките и културните аспекти претставуваат клучни параметри за разбирање на развојот на една држава. Овие елементи не само што го дефинираат степенот на развој, туку и откриваат како се обликуваат институциите, општествените односи и вредностите на еден народ. Секоја држава има уникатен пат на развој, кој е условен од нејзината историја, ресурси, геополитичка положба и општествени структури.

Правната култура, како дел од правно-политичкиот систем, завзема централна улога во оваа анализа. Преку неа може да се согледа колку едно општество го почитува и применува правото. Како што истакнува Smith (2020)[33], „правната култура е еден од најважните индикатори за зрелоста на едно општество, бидејќи таа го одразува нивото на почитување на законите и правната заштита на човековите права“. Правната култура опфаќа низа фактори, вклучувајќи го разбирањето и почитувањето на законите од страна на граѓаните, функционирањето на судството, транспарентноста на институциите и нивната способност да ги заштитат основните човекови права.

---

[31] Устав на Република Северна Македонија. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/1991).
[32] Калајџиев, Г., Мисоски, Б., и др. (2015). Казнено процесно право. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, стр. 19-21.
[33] Smith, R. (2020). The role of legal culture in societal development. Oxford University Press, стр. 45.

Државите со високо ниво на правна култура покажуваат поголема посветеност кон владеењето на правото, што значи дека законите не се само на хартија, туку навистина се применуваат во пракса и се еднакви за сите граѓани. Во ваквите општества, човековите права се заштитени на високо ниво, и се почитуваат демократските принципи како слободата на изразување, правото на фер судење, и заштитата на приватноста. „Државите со развиена правна култура се карактеризираат со стабилни институции, правична примена на законите и поголема доверба на граѓаните во правниот систем“ (Johnson, 2019)[34].

Од друга страна, државите кои имаат слабо развиена правна култура често се соочуваат со проблеми како корупција, злоупотреба на моќ, неправедно судење и непочитување на човековите права. Во вакви услови, правниот систем може да биде инструментализиран за заштита на интересите на одредени елити, додека граѓаните страдаат од недостаток на правна заштита. „Слабата правна култура води до ерозија на основните човекови права, корупција и нееднаква примена на законот, што негативно влијае на целокупниот развој на едно општество“ Williams & Davis (2021)[35].

Почитувањето на човековите права и вредности е одраз на зрелоста на еден правен и политички систем. Државите што се грижат за овие принципи создаваат услови за општествена кохезија, економски просперитет и политичка стабилност. Во такви општества, граѓаните имаат доверба во институциите, што придонесува за поголемо учество во јавниот живот и посилно чувство на одговорност кон заедницата.

Со други зборови, правната култура и степенот на развој на едно општество се длабоко поврзани. Колку е посилна правната култура, толку се поголеми шансите за развој на демократски институции, заштита на човековите права и создавање на праведно општество.

[34] Johnson, L. (2019). Legal culture and democratic institutions. Cambridge University Press, стр. 78.
[35] Williams, T., & Davis, M. (2021). Corruption and the erosion of human rights in fragile legal systems. Harvard Law Review, 134(2), стр. 102.

1.3. Преглед на основните меѓународни конвенции за кривичната постапка

Меѓународните конвенции, како што се Европската конвенција за човекови права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, играат одиграно значајна улога во декларирање и признавање на многубројни принципи во кривичната постапка кои водат во обезбедување на фер судење. Инкорпорирањето на овие конвенции во домашните правни системи им обезбедува на обвинетите дополнителни права и заштита, вклучувајќи го правото на брза и ефикасна правда, како и борба против дискриминацијата и малтретирањето. Меѓународните конвенции што се однесуваат на кривичната постапка играат критична улога во униформирањето на стандардите за правда, заштита на правата на обвинетите и ефикасност на правосудните системи. Неколку конвенции се особено значајни во овој контекст и обезбедуваат рамка за справедлива и правична кривична постапка на глобално ниво[36].

- **Европска конвенција за човекови права (European Convention on Human Rights - ECHR)**

Европската конвенција за човекови права, која беше прифатена во 1950 година, се смета за еден од најважните правни документи што влијаат на кривичната постапка во земјитечленки на Советот на Европа[37]. Член 6 од оваа конвенција е премногу значаен, бидејќи го гарантира правото на фер судење пред независен и непристрасен суд. Во рамките на овој член, се вклучени многу принципи, начела кои ги заштитуваат правата на обвинетите, како што се пресумцијата на невиност[38], правото на објективно и јавно судење, како и правото на одбрана. Освен тоа, оваа конвенција има значаен ефект во формирањето на правниот пејсаж во Европа, бидејќи преку оваа конвенција се создаде и Европскиот суд за човекови права[39]. Овој суд им овозможува на граѓаните да поднесуваат жалби за кршење на нивните права, вклучувајќи ги и случаите на кривични постапки.

[36]Nowak, M. (2005). U.N. Covenant on Civil and Political Rights: CCPR Commentary. N.P. Engel Publisher, стр. 45-78.
[37]Mowbray, A. (2012). Cases and Materials on the European Convention on Human Rights. Oxford University Press, стр. 112-135.
[38]Letsas, G. (2007). A Theory of Interpretation of the European Convention on Human Rights. Oxford University Press, стр. 89-112.
[39]Janis, M. W., Kay, R. S., & Bradley, A. W. (2008). European Human Rights Law: Text and Materials. Oxford University Press, стр. 56-80.

Конвенцијата игра значајна и критична улога во обезбедувањето и заштитата на принципите на праведност и правната сигурност во правосудните системи на земјите кои ја прифатиле. Република Македонија е дел од оваа Конвенција[40], што ја потврдува посветеноста на земјата кон овие основни принципи.

- **Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (International Covenant on Civil and Political Rights - ICCPR)**

Ваквиот меѓународен документ бил прифатен во 1966 година од страна на ООН. Меѓународниот пакт за граѓански и политички права важи за и во сите области на правосудството, вклучувајќи го и кривичното право. Една од најзначајните одредби во ICCPR е член 14[41] кој гарантира право на фер, непристрасно и независно судење. Овој член вклучува принципи на пресумција на невиност и право на одбрана, обезбедувајќи ги тие како фундаментални права на секој човек[42]. Преку овој пакт, формиран е Комитетот за правата на човекот на ООН, кој функционира како надзорен механизам и следи дали државите-членки ги спроведуваат прописите на пактот. Комитетот прима извештаи од државите-членки и има улога да ги испита и оцени претходно поднесените жалби од граѓани за кршење на правата гарантирани со ICCPR[43].

Со ова, се осигурува примена и почитување на основните права на граѓаните во различните држави ширум светот. Иако оваа конвенција е насочена кон социоекономските права, таа игра важна улога во контекстот на кривичната постапка, осигурувајќи дека сите лица имаат право на фер ичесно судење. Ова во себе го вклучува и правото на адекватна правна помош за обвинетите.Република Македонија е дел од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (ICCPR). Нашата држава станала дел од овој пакт на 7 ноември 1994 година, впрочем кога станавме членка на Организацијата на обединетите нации (ООН). Со тоа нашата држава се обврзала да ги спроведува и почитува правата што ги гарантира Меѓународниот пактот.

---

[40]"Република Македонија е потписничка на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)". Таа стапи во сила во Македонија на 1 јануари 1998 година, откако беше ратификувана со закон во парламентот. Од таа дата, граѓаните на Република Македонија имаат право да поднесуваат жалби до Европскиот суд за човекови права во Стразбур, Франција, ако сметаат дека нивните права се кршат според одредбите на Конвенцијата

[41] https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/international-covenant-civil-and-political-rights

[42]https://www.coe.int/mk/web/compass/international-covenant-on-economic-social-and-cultural-rights

[43]Buergenthal, T., & Norris, R. (2007). Human Rights: The Essential Reference. Macmillan, стр. 123-145.

● **Конвенцијата против мачењето и други форми на жестоко, нечовечно или понижувачко постапување или казни (Convention against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment -CAT)**

Конвенцијата против мачењето и други форми на жестоко, нечовечно или понижувачко постапување или казни (CAT) била прифатена од страна на Генералната собрание на Обединетите Нации на 10 декември 1984 година.

Оваа конвенција имала и има за цел да го забрани мачењето и сите други форми на постапување или казна кои се сметаат за нечовечни или понижувачки. Преку Член 15 од оваа конвенција се гарантира правото на обвинетите да не бидат изложени на докази кои се добиваат преку мачење или друго нечовечно или понижувачко постапување.

Меѓународните конвенции за кривична постапка играат мошне важна, ако не и најважна улога во поставувањето на стандарди за заштита на правата на обвинетите лица. Тие не само што ги формираат основите за фер и правична кривична постапка, туку и ги поддржуваат принципите на заштита на правата на човекот и правдата во правните системи на државите. Преку имплементација на овие стандарди, државите признаваат важноста на заштитата на правата на човекот и справедливоста како основен дел од нивните правни системи. Конвенциите како CAT ги формираат рамките во кои државите треба да дејствуваат за да се обезбеди заштита на осомничените, обвинетите лица и да се гарантира правдата во целокупната кривичните постапки[44].Република Македонија стана членка на Конвенцијата против мачењето и други форми на жестоко, нечовечно или понижувачко постапување или казни (CAT) на 8 февруари 1994 година.

1.4. Клучни начела што го регулираат текот на главната расправа во кривичната постапка

Кривичната постапка, како основен дел од правниот систем, инкорпорира разновидни принципи и начела што ги обезбедуваат правата на обвинетите и гарантираат фер судење

[44] Evans, M. D., & Morgan, R. (1998). Preventing Torture: A Study of the European Convention for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment. Oxford University Press, стр. 112-135

и легитимност во судските постапки[45]. Овие принципи служат како камен-темелник за функционирањето на казнено-правните системи ширум светот, обликувајќи го начинот на кој се одвиваат правните постапки и се донесуваат одлуки. Централно место во принципите на кривичната постапка е правото на правично и јавно судење. Ова повлекува дека обвинетите лица имаат право нивниот случај да биде сослушан пред непристрасен и независен суд низ контрадикторна расправа. Отвореноста на постапките не само што обезбедува одговорност, туку и ја поттикнува довербата на јавноста во правосудниот систем[46]. Правото на правично судење опфаќа елементи како што се правото на сослушување, правото на правно застапување и правото да се изнесе одбрана.

Денес, во многу демократски земји, каде што владее правната држава, товарот на докажувањето во кривичната постапка паѓа на обвинителството. Суштината е во тоа дека обвинителството треба да ја докаже кривичната одговорност на обвинетиот надвор од секакво разумно сомневање[47]. Овој принцип налага дека секое осомничено или обвинето лице, ќе се смета за невино се додека неговата вина не се докаже пред суд и тоа не било каков, туку независен и непристрасен суд, но и со правосилна судска одлука, решение, односно пресуда каде истиот ке биде правосилно осуден. Од ова произлегува дека товарот на докажување - onus probandi паѓа директно врз јавниот обвинител.

За остварување на оваа промена, јавниот обвинител зависи од информации што ги добива од полицијата. Од вака истакнатото, јасно и очигледно е засилувањето на принципот на опортунитет "favor debitoris"[48]. Обвинителството, нагласувајќи го императивот дека вината мора да се утврди и докаже надвор и многу подлабоко од разумно сомневање. Пресумпцијата на невиност исто така го штити обвинетиот од притвор кој не е целосно оправдан и ја нагласува сеопфатната вредност на правдата. Правилото или принципот на пресумција на невиност, односно теоријата дека секој е невин се додека не се докаже спротивното со судска одлука, е воведено во повеќе земји-членки на Советот на Европа, како што е определено во член 6 од Европската конвенција

[45]Jackson, J. D., & Summers, S. J. (2012). The Internationalisation of Criminal Evidence: Beyond the Common Law and Civil Law Traditions. Cambridge University Press, стр. 123-145.
[46]Redmayne, M. (2006). Character in the Criminal Trial. Oxford University Press, стр. 56-80.
[47]Jonakait, R. N. (2012). Finding the Original Meaning of American Criminal Procedure Rights: Lessons from Reasonable Doubt's Development. University of New Hampshire Law Review, 10(1), стр. 97-128.
[48]Roberts, J. V., & Hough, M. (2005). Understanding Public Attitudes to Criminal Justice. McGraw-Hill Education, стр. 112-135.

за човекови права[49] и други правни документи за заштита на човековите права. Сепак, во пракса, има варијации во начинот на примена во различни држави.

Во Македонија, мешовитата кривична постапка со доминантна примеса на инквизиторната метода, траела цели 100 години, започнувајќи од периодот на Балканските војни. Сепак, со текот на времето, транзициските држави бараа ефикасност во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Долготрајната природа на кривичната постапка не можеше да биде толерирана, затоа се настојуваше да се промени целосно стариот Законот за Кривична Постапка[50] и да се воведе нов.

Па така со напуштање на стариот закон се напушти и инквизиторната постапка или модел кој се одликуваше со доминантна улога на судот, истражниот судија по службена должност "ex officio", имаше активна улога во собирањето на докази, вклучувајќи и испитување на обвинетите, сведоците и други релевантни чинители во кривичниот предмет како и извршувањето на истрагата. Во овој модел, судот имаше централна, главна улога во откривањето и процесирањето на кривичните дела[51].

Со воведување на новиот Закон за Кривична Постапка[52] во 2010 година, кој стапи на сила во 2013 година во нашата земја[53] се напушти стариот концепт и Јавното Обвинителствостана раководен орган.

[49]https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_mkd
[50]Стариот Закон за кривична постапка во Република Македонија беше напуштен со воведувањето на новиот Закон за кривична постапка во 2010 година. Оваа промена влезе во сила на 1 април 2013 година
[51]Повеќе за ова http://maclc.mk/Upload/Documents/Aleksandar%20Markoski.pdf – Проф. Др-Александар Маркоски
[52]Во понатамошен текст ЗКП.
[53]Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18)

Правната положба на ЈО[54] е строго определена и регулирана со закони и меѓународни договори кои се во согласност со Уставот на земјата[55].

Јавниот обвинител[56] е независен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и врши други задачи, во рамките на своите надлежности, за заштита на законските права и интереси на граѓаните Од ова произлегува дека истиот има целосна контрола и надзор над кривичниот процес, што го прави "господар на спорот" или "господар на предметот" "dominus litis", во текот на истражната фаза но и оној кој ќе мора да ја докаже кривичната одговорност против лицето за кое води постапка. Што се однесув до истражната фаза, таа претставува втор дел од предистрагата, каде се прибираат информации од страна на обвинителот. Истражната постапка започнува со донесување на Наредба од страна на ЈО[57].

Во оваа фаза, "основот на сомнение" се заменува со "основано сомнение"[58]. Обвинителот е задолжен да собира докази кој што го товарат осомничениот/обвинетиот но и оние кои одат во негова корист или полза "favor rei". Што значи новиот концептна ЗКП се темели на повеќе правни начела и тоа: пресумпција на невиност "presumption of innocence", начело на законитост и пропорционалност "principium legalitatis et

---

[54] Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон. Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Функцијата на јавното обвинителство ја вршат Јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители. Надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и функционирањето на јавното обвинителство се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Јавниот обвинител на РМ го именува и разрешува Собранието на Република Македонија за време од шест години со право на повторно именување. Јавните обвинители ги избира Советот на јавни обвинители без ограничување на траење на мандатот. При изборот на јавните обвинители ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. За разрешување на јавните обвинители одлучува Советот. Надлежноста, составот и структурата на Советот, мандатот на неговите членови, како и основите и постапката за престанок и разрешување на член на Советот се уредуваат со закон. Основите и постапката за престанок и разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители се уредуваат со закон. Функцијата Јавен обвинител на Република Македонија и јавен обвинител е неспојлива со членување во политичка партија или со вршење на други јавни функции и професии утврдени со закон. Се забранува политичко организирање и дејствување во Јавното обвинителство.

[55] Во чл.106 од Уставот на РМ, вклучително со измените на истиот со Амандман XXX, позициониран во третата глава од Уставот, насловена како – Организација на државната власт.

[56] Во понатамошен текст ЈО

[57] Наредбата на Јавното Обвинителство за спроведување на истрага се донесува доколку постои основано сомнение дека е сторено кривично дело кое се гони ex officio и за кое е пропишана казна затвор над 5 години, подробно елаборирано во "Коментар на законот за кривичната постапка", Калајџиев, Г., Кадиев Д., и др. Член 292.

[58] Основано сомневање е повисок правен степен на сомневање со конкретни и разумни докази за вклученост во кривично дело на некое лице, додека основ на сомневање е понизок степен со индиции или почетни докази без доволна конкретност или сила.

proportionalitatis", одлучување на начин поповолен за обвинетиот "in dubio pro reo", право на правично судење "ius ad iustum iudicium", право на судење во разумен рок "ius in tempore opportunum iudicii", забрана за двојно судење или казнување "Non bis in idem" итн[59]. Исто така обвинетите се заштитени според правилата на Миранда[60], како што се: правото претходно да се извести осомниченият/обвинетиот за обвинувањето против него, полициските органи мораат да го известат обвинетиот за неговите права, вклучувајќи го правото да молчи на прашања и да не се самообвинува, самоинкриминира, или сведочи против себе "nemo tenetur se ipsum accusare", правото да има адвокат[61], како и правото обвинетиот доколку не може да си дозволи адвокат, да му се обезбеди бесплатен правен претставник "liberi defensor"[62].

Кога ја анализираме од компаративен и историски аспект, самата главна расправа како централен стадиум на кривичната постапка вклучува неколку елементи што ги истакнуваат демократските аспекти на целиот процес. Овие елементи се резултат на почитувањето на основните слободи и права на граѓаните. Главните начела кои ја водат самата кривичната постапка, а кои се сметаат за столбови на расправата, ги вклучуваат законитоста, усностата, непосредноста, јавноста и контрадикторноста. Во суштитна, начелата не се ништо повеќе од апстрактни поими кои се изведени од генерализација на серија на поединечни норми, а кои важат за сите случаеви кои се опфатени со таа серија на поединечни норми. Тие важат како за самата постапка, така и за субјектите односно странките кои се дел од таа постапка[63]. Тие се основата на кривичното право и кривично процесното право и од степенот на развој и содржина на начелата, се гледа и степенот на развој и културата на граѓаните, односно се определува либералноста и демократичноста на едно општество и држава.

1.4.1. Начело на законитост

[59]Packer, H. L. (1968). The Limits of the Criminal Sanction. Stanford University Press, стр. 150-172..
[60]White, W. S. (2001). Miranda's Waning Protections: Police Interrogation Practices After Dickerson. University of Michigan Press, стр. 45-67.
[61]Zalman, M. (2010). Criminal Procedure: Constitution and Society. Pearson, стр. 112-135.
[62] Leo, R. A. (2008). Police Interrogation and American Justice. Harvard University Press, стр. 89-112.
[63]Матовски, Н., Бужаровска, Г., & Калајџиев, Г. (2009). Казнено процесно право. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, стр. 51.

Најважното начело во кривичното право, кривичното процесно право, а со тоа и начело кое се почитува за време на главната расправа во секоја кривична постапка е начелото на законитост. Ова начело претставува темелна претпоставка во правниот систем, кое што има за цел да го обезбеди почитувањето на правата на осомничените или обвинетите и да осигура фер и правично, законито судење. Начелото на законитост значи дека секоја постапка во кривичното право мора да биде базирана на јасни и прецизни законски одредби, каде што правилата и процедурите се применуваат подеднакво за сите лица пред законот.

Според ова начело, никој не може да биде осуден или казнет без претходно утврдена законска основа. Основната идеја зад начелото на законитост е да се спречи произволното постапување од страна на органите и да се гарантира правичноста и заштитата на правата на сите учесници во кривичниот процес.

Начелото на законитост во кривичното право и постапката не се однесува само на самото применување на законите, туку и на процедурите за докажување на кривичната одговорност, вината или невиновноста на личата за кои се водат постапки. Ова вклучува заштита на правото на обвинетиот со претпоставкатадека е невин се до правосилна судска одлука,без разлика што можеби сметаме, или сме убедени дека тоа лице е извршител на кривичното дело, така што истиод мора прво да биде прогласен за виновен. Истовремено ова начело вклучува и бројни предходни права како што се: право на претходно известување за обвиненијата, право на адекватна правна заштита и право на пристап до суд.

Историски гледано, ова начело се појавува уште во римското право, односно уште во времето на Цицерон[64]. Со развојот на општеството и појавата на просветителството, ова начело се надоградува со принципот "nullum crimen, nulla poena sine lege previa"[65]што во превод би значело нема "Нема кривично дело, нема казна без претходен закон".

Исто така, Формулацијата "nullum crimen sine lege – nulla poena sine lege" се користи во правната теорија и пракса како принцип на кривичното право. Преведено одлатински, ова би значело "нема кривично дело без закон" и "нема казна без закон". Овој принцип

---

[64]H. Jerome, General Principles Of Criminal Law, The Lawbook Exchange, New Jersey, 2005, стр. 28–32. Види го и трудот на Димитар Апасиев, Цицерон – најречитиот од потомците на Ромул (II), Годишен зборник на Правниот факултет при УГД, Vol VI, Штип, 2016, стр. 17–33.

[65]Иако најпознати преставници на овие движења се Монтескје и Бекарија, сепак кованицата nullun crimen, nulla poena sine lege му се припишува на Фоербах

подразбира дека никој не може да биде кривично гонет или казнет за постапка која не е определена како кривично дело со закон за време кога е сторено кривичното дело.Фоербах, како германски правник, ја воведел и употребил оваа формулација во германската правна литература. Тој го користел овој принцип како начин да го истакне значењето на законската правна сигурност во кривичното право. Овој принцип, начело е вклучено и во меѓународните правни инструменти и документи, како што е Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи[66].

Уште од Римскиот Статутот на Меѓународниот кривичен суд, начелото на законитост е предвидено во членовите 22, 23 и 24:

Nullum crimen sine lege:

Според овој статут, никој не е кривично одговорен за дело кое кога било извршено не било кривично дело во надлежност на Судот. Толкувањето на дефиницијата на кривичното дело ќе биде стриктно и не смее да се проширува со или да се користи аналогија на штета на осомниченият или обвинетиот. Во случај на двосмисленост, дефиницијата ќе се толкува во корист на лицето кое е под истрага, кривично гонето или осудено.

Nulla poena sine lege:

Лицето кое е осудено од страна на Судот може да биде казнето само во согласност со овој статут што во поширок контекст би значело "нема казна без закон".

Ratione personae (забрана за ретроактивност):

Никој, според овој статут, не може да биде кривично одговорен за дело сторено пред да стапи Статутот во сила. Во случај на измени на законот кој се применува на определен предмет, пред изрекување на конечната пресуда, ќе се примени оној кој е поповолен за лицето кое е под истрага, кривично гонето или неправосилно осудено "In dubio pro reo"[67].

Согласно ова начело, законодавецот е јасно обврзан на определеност на кривичните законски битија и точно, прецизно определување на сакнциите, во спротивно не е возможно водење ниту започнување на кривично правна постапка. Во оваа насока нашата татковина, почитувајќи ги Меѓународните стандарди го внесува ова начело во Уставот и

[66]Ambos, K. (2013). Treatise on International Criminal Law: Volume I: Foundations and General Part. Oxford University Press, стр. 112-135.
[67]Rome Statute of the International Criminal Court. (1998). International Criminal Court, стр. 22-24.

во двата најважни законици, како столб за правната сигурност, како столб без кој не се може. Па така во член 14 став 1 од Уставот на РСМ[68] е јасно определено дека „Никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била утврдена казна“.

Воедно, во член член 1 од Кривичниот законик на РСМ[69] е предвидено дека : „На никого не може да му биде изречена казна или друга кривична санкција за дело кое, пред да е сторено, не било со закон или со меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на РМ, определено како кривично дело и за кое не била пропишана казна со закон“.

Во член 1 од ЗКП пак се вели дека „Овој закон ги утврдува правилата со кои се овозможува правично водење на кривичната постапка, така што никој невин да не биде осуден, а на сторителот да му се изрече кривична санкција под условите предвидени во Кривичниот законик и врз основа на законито спроведена постапка“.

Начелото на законитост е основна карактеристика на демократските правни системи и е неделив дел од правниот и етички аспект на кривичното право и кривичната постапка. Тоа е нешто што ги дефинира и ограничува постапките на правните институции и ги осигурува основните права и слободи на граѓаните во контекстот на кривичната јавност. Согласно горенаведеното, кривичните дела и санкции можат да се пропишат само со закон или со меѓународен договор кој е ратификуван со закон. Сето ова, води до правна сигурност на граѓаните, предвидливост на тоа што е дозволено, а што не е, како и заштита од самоволие на властите. Секој кривично правен систем, согласно ова начело има обврска да го внесе во законските текстови само она што е нужно, битието на опишаните кривични дела да бидат јасно определени, точни и едноставни, а казната и санкцијата да е точно определена. Само со почитување на овие правила, начелото на законитост ја остварува својата суштина.

Истакнатиот врвен правник, професор и одличен познавач на кривичното право Проф. Др-Милан Шкулич е категоричен во својата осуда на секој обид за релативизација или поставување на одреден сомнеж, врз начелото на законитост во националното и меѓународното кривично право. Тој, de iure и de facto силно акцентира дека

[68]"Уставот на Република Македонија" е донесен на 17.XI.1991 година и, заедно со Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ, е објавен во Сл. весник на РМ - 52/1991.
[69]"Кривичен законик на РМ" (Сл. весник на РМ - 37/1996 и сите негови подоцнежни измени и дополнувања)

декларативното воведување на ова начело не е доволно за обезбедување на правната сигурност и стабилноста на кривичното законодавство во една правна држава. Според неговите зборови, било каква постапка или манипулација која би го ослабела, намалила, обезвреднила ова начело, би била во непосакуван опсег за правната сигурност и за правата на граѓаните[70].

Кога говориме за главната расправа во кривичното право најважнии суштински начела се[71]:

1. Начело на јавност
2. Начело на усност
3. Начело на непосредност
4. Контрадикторност и рамноправност на странките

1.4.2. Начело на јавност

Начелото на јавност на главната расправа во казненото право представува и има повеќекратна значајна улога и повеќекратна значајна важност, токму ова начело ги штити правата на обвинетите, обезбедува транспарентност и ја обезбедува легитимноста на судските процеси. Историски гледано, начелото на јавност во правните процеси има древни корени кои потекнуваат уште од древните цивилизации[72]. Кај древните цивилизации, судиите ги одржувале судските расправи на јавни места како плоштади или пазаришта, места каде што се собирале сите граѓани, и на тој начин граѓаните биле сведоци на судските постапки и дејствата на судиите. Ова се случувало како начин за обезбедување на транспарентност и одговорност во правосудните процеси. Начелото или принципот на јавност за време на главната расправа во кривичната постапка произлегува

[70]Шкулич, М. (2019). Krivično pravo - Opšti deo. Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, стр. 145-167.
[71]"Казнено процесно право", Никола Матовски, Гордана Бужаровска и Гордан Калајџиев, , Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, (2009)
[72] Damaška, M. R. (1986). The Faces of Justice and State Authority: A Comparative Approach to the Legal Process. Yale University Press, стр. 123-145.

од акузаторниот модел, додека инквизиторните постапки биле карактеризирани со тајноста[73].

Во средниот век, практиката на јавни судски расправи продолжила, особено во континенталната Европа и Англија. Присуството на јавност во судските процеси се сметало за важен дел од правната култура, што ја обезбедувало легитимноста на судските одлуки и ја заштитувало правдата од самоволни постапки. Со времето, начелото на јавност е вградено во правните системи на многу земји како стандарден дел од правосудната процедура. Современите закони и правила за кривични и граѓански постапки ги обезбедуваат правата на страните и ја поддржуваат јавноста во судските расправи како гаранција за правдата и транспарентноста во самите постапки.

Од големо значење за развојот на начелото на јавност било и борбата за човековите права и демократските промени ширум светот. Па така Меѓународните и невладините организации, како и новинарските асоцијации играле значајна улога во обезбедувањето на присуство на јавноста во судските постапки и во промовирањето на принципите на транспарентност и одговорност во правосудните системи[74].

Во современото казнено право и кривична постапка, начелото на јавност се смета за еден од основните столбови на правдата и демократијата. Присуството на јавност на главната расправа овозможува зајакната проверка на постапката од страна на јавноста, медиумите, невладините организации и други актери. Ова им дава можност на граѓаните да ги следат и прегледуваат судските процеси, да ги оценуваат одлуките и да ги критикуваат нелегитимните постапки. Начелото на јавност е исто така поврзано со правото на обвинетите да имаат фер и јавно судење. Судот треба да биде отворен за јавноста, освен во случаи кога постојат јасни причини утврдени со закон каде што судот може и треба да ја исклучи јавноста, и за истото да даде аргументирано јасно, прецизно и концизно образложение. Ваквиот начин обезбедува интегритет на судот и ја засилува довербата на граѓаните во правниот поредок и правниот систем[75].

---

[73] Roberts, P., & Hunter, J. (2012). Criminal Evidence and Human Rights: Reimagining Common Law Procedural Traditions. Hart Publishing, стр. 150-172.

[74] Voermans, W., Albers, P., & Muller, S. (2017). Transparency in the Judiciary: A Comparative Study on the Transparency of Judicial Systems. International Journal for Court Administration, 9(1), стр. 1-14.

[75] De Visser, M. (2020). Public Hearings and the Transparency of Criminal Proceedings: A European Perspective. European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, 28(3), стр. 209-229.

Јавноста, како принцип, истовремено има за цел да допринесе за генералната и специјалната превенција во контекст на кривичната постапка. Присуството на граѓаните на судењето има значително психолошко влијание, обезбедувајќи одвраќање на сторителите од кривични дела од рецидивизам и стимулирање на општеството да се оттргне од криминалитетот и да свати дека тоа е општествено зло. Јавното спроведување на постапката има и воспитен аспект за граѓаните, овозможувајќи им запознавање со законите и законските процедури. Овој пристап влијае и на самиот суд, каде континуираното надгледување од страна на јавноста интегрира почитување на словото на законот и примена на правична индивидуализација на казната.

Сепак, иако јавноста има позитивни аспекти, истата може да има и негативни последици за судот, особено во случаи кога постои голем јавен интерес и на тој начин има можност судот да донесе пресуда што ќе оди на многу поголема штета на обвинетиот/обвинетите, затоа што судот судел под одреден или определен вид на притисок од самата масовност и заинтересираност на јавноста. Ваквиот вид на пресуда може да значи и повреда на фер судење а со самото тоа и повреда на човековите права, па обвинетиот може да се жали и до Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), дека има повреда на Член 6 од Европската конвенција. Мошне значајно и важно е судот да внимава на непристрасноста и да внимава кога, како и за кој кривичен предмет ќе ја исклучи јавноста[76].

Од сево ова произлегува дека јавноста како принцип е гарантирана и преку меѓународни конвенции, акти како и преку националните законици. Ова правило е потврдено и во меѓународното право на човековите права (чл.14, ст.1 од МПГПП и чл.6, ст.1 од ЕКЧП)[77]. Имено нашиот Устав определува дека расправата пред судовите и изрекувањето на пресудата се јавни и дека јавноста може да биде исклучена во случаи утврдени со закон (чл.102, ст.1 и 2 од Уставот). Оттука ова право се провлекува и низ ЗКП, кој што е суштествен, најзначаен, најбитен кога станува збор за и во врска со кривичната постапка во РСМ, начелото на јавност е концепирано првично во Член 5 од каде произлегува како последица од загарантираното право на правично судење. Во делот за

[76] Pizzi, W. T. (1999). Trials Without Truth: Why Our System of Criminal Trials Has Become an Expensive Failure and What We Need to Do to Rebuild It. NYU Press, стр. 112-135.

[77] Council of Europe. (1950). European Convention on Human Rights (ECHR). Retrieved from https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf

главната расправа "ГЛАВА XXIV"од ЗКП, начелото јасно и прецизно е предвидено низ четири члена – 353, 354, 355 и 356. Со член 353 јавноста е загарантирана и на главната расправа е предвидено да присуствуваат само полнолетни лица. Во ставот три од истиот член е предвидена забраната за носење оружје, освен во таксативно наведени случаи.

Во поглед на исклучување на јавноста, може да дојде до отстапување од ова начело но за тоа треба да има сериозна оправданости во строго определени случаи кои што ги определува законот. Во некој конкретни кривични предмети се отвора можноста за исклучување на јавноста.

Во нашиот ЗКП предвидено е кога и како може да дојде и поради кои причини,фактори и последици може да дојде до исклучување на јавноста и тоа е содржано во одредбаите 354, 355, поточно се случува кога постои потреба за зачувување на државна, воена, службена или важна деловна тајна, за одржување на јавниот ред, заштита на приватниот живот на обвинетите, сведоците или оштетените страни, за безбедноста на сведоците или жртвите и заштита на интересите на малолетниците. Јавноста е предвидена и во Законот за Судовите (ЗС) и тоа во Членот 10[78].

Што се однесува до самата јавност, таа присуствува за време на главната расправа како странечка јавност – обвинетите и нивните застапници, исто така и општа јавност, кои се заинтересирани за исходот на постапката. Кога е во прашање исклучување на јавноста, законот ги дефинира лицата на кои се однесува исклучувањето, истовремено ни појаснува кои лица неможат да бидат исклучени[79]. Ваквата странечка јавност, заедно со одредени службени лица, научни и јавни работници, како и брачни/вонбрачни другари на обвинетите и одредени блиски роднини, имаат право на присуство, дури и кога постои исклучување на јавноста.

---

[78] Редакциски пречистениот текст на Законот за судовите ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.58/06, Исправка на Законот за судовите, објавена во "Службен весник на РМ" бр.62/06, Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, објавен во "Службен весник на РМ"бр.35/08, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У.бр.256/2007, објавена во "Службен весник на РМ" бр.61/08, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У.бр.74/2008, објавена во "Службен весник на РМ" бр.118/08, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У.бр.124/2008, објавена во "Службен весник на РМ" бр.16/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, објавен во "Службен весник на РМ"бр.150/10, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У.бр.12/2011, објавена во "Службен весник на РМ" бр.39/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, објавен во "Службен весник на РМ"бр.83/18, Законот за дополнување на Законот за судовите, објавен во "Службен весник на РМ"бр.198/18 и Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, објавен во "Службен весник на РСМ"бр.96/19, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

[79]Калајџиев, Г., & Тромбева, М., и др. (2018). Коментар на законот за кривичната постапка. ОБСЕ, стр. 726-731.

Истовремено сите информации изнесени на главната расправа кога е исклучена јавноста, мора да се третираат како тајна од присутните, под закана за кривично дело во случај на одавање на информации од расправата. Одлуката за исклучување на јавноста се образложува детално од страна на судот и задолжително се носи решение, кое што пак исто така се објавува јавно.

1.4.3. Начело на усност

Начелото на усност во кривичната постапка е присутно уште од почетоците на на правниот систем. Подоцна, во времето на инквизиторната модел, усното водење на постапката било заменето со писмено, односно пресудувањето на судот било базирано на списоци и записници од истрагите кои што биле доставени како доказен маеријал, не биле усно образложувани, што значи се давало верба на пишаните докази без притоа истите да се елаборираат, изведуваат усно.

Мешовитата постапка, како и денешната кривична постапка, го преземаат усното водење како еден од носечките принципи и карактеристики на главната расправа. Иако писменоста продолжува да биде реликт од инквизиторноста во претходната постапка која ја сочинува предистражната и истражната фаза, главната расправа, како дел од акузаторниот систем, се задржува на усното водење на постапката.

Усноста подразбира дека сите докази ќе бидат изнесени, појаснати, елаборирани пред судот во усна форма и пресудата ќе се заснова на нив.Ова дава можност преку примената на начелото на усност да се обезбеди директна комуникација меѓу судијата, обвинителот, бранителот, обвинетиот,вештакот, толкувачот и сведоците, што допринесува за подобра евалуација на доказите и по убедлива одбрана за својата теорија на случајот "doctrina causae"[80].

Иако Законот за кривична постапка на РСМ изрично не предвидува принцип на усност, тоа се изразува низ различни аспекти на законот. Членот 210, став 2, кој го утврдува начинот на испитување на обвинетиот, и член 219, став 1, кој го определува усното испитување на сведоците, дополнително го потврдуваат усниот карактер на

[80] Bentham, J. (2002). Rationale of Judicial Evidence. The Lawbook Exchange, Ltd., стр. 34-56

постапката. Советувањето, гласањето и приговорите во текот на постапката исто така се одвиваат усно, согласно различни членови од законот.

Значењето на принципот на усност е во овозможувањето на почитување на други принципи, претежно на начелото на контрадикторност. Во текот на главната расправа, странките можат веднаш да се изјаснат за наводите на спротивната страна, да објаснат недоразбирања доколку посстојат и со тоа да ги отстранат нејаснотиите. Овој принцип служи како алатка за остварување на демократски начела во рамките на постапката.

1.4.4. Начело на непосредност

Начелото на непосреднос добива посебен акцент преку реформата на ЗКП од 2010 година. Иако ова начело беше вклучено во постапката и пред реформата, новиот законик и те како го зголеми значењето на ова начело, претставувајќи го како силно и влијателно во самата главна расправа. Зашто?.

Затоа што непосредноста подразбира изведување на доказите директно пред судот и е тесно поврзана со начелата на јавноста и усноста.Непосредноста на главната расправа исто така подразбира и има за цел да ги олесни интеракциите меѓу судиите, страните и сведоците, како и да се осигура постапката да биде што по ефикасна, правична и точна. Судијата, присутните страни и сведоците се наоѓаат на истото место, што овозможува директна комуникација и прецизна евалуација на доказите и аргументите изнесени пред самиот судот. Овој принцип укажува на јасната потреба дека сите релевантни факти и докази во еден конкретен кривично правен предмет треба и мора да бидат претставени во една јавна, усна постапка, пред независен и непристрасен суд, само на ваков начин ќе можеме да зборуваме за обезбедување на објективна и неутрална судска одлука. Непосредноста е важна бидејќи судот мора директно да воспостави врска со изведените докази на главната расправа што странките ги предложиле, а тој ги одобрил[81].

Што пак подразбира дека судот за првпат директно се запознава со доказите што се изведуваат само и во текот на главната расправа. Иако начелото на непосредност не е

[81]Матовски, Н., Калајџиев, Г., и др. (2009). Казнено процесно право. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, стр. 79.

изразен експлицитно, тој е интегриран во повеќе членови, особено во тие што ги опфаќаат начините на испитување на обвинети, сведоци, вештаци и технички советници[82].

Исклучоците од начелото на непосредноста се споменати во член 388 од ЗКП, преку кој се дозволува читањето или репродуцирањето на искази на записник од доказното рочиште и ситуациите кога сведокот бил изложен на притисоци. Непосредноста е важна за судијата за прецизно разгледување на битните аспекти на случајот и оценување на доказите, креирајќи простор за точно валоризирање на битните фактори. Ова е особено значајно при изведување на акузаторната техника на испитување, како што е вкрстеното испитување.

1.4.5. Контрадикторност и рамноправност на странките

Контрадикторноста и рамноправноста на странките во текот на главната расправа во кривичното право се два важни принципи кои го двата најважни елементи а тоа се фер и правичното судење. Обично тие се опишуваат како:

1.Контрадикторност на странките: Овоа начело се однесува на правото на секоја странка во кривичната постапка што ќе биде осомничена или обвинета да има можност да ги одбрани своите интереси како пред институциите за прогон така и пред судот. Ова значи дека обвинетиот има право да знае за сите обвинувања против него, да има увид во списите/доказите кој го товарат, како би можел соодветно да одговори на нив, на овој начин создадена е можноста да ги претстави своите аргументи, докази и сведоци, а со тоа и да се одбрани најсоодветно, преку својата теорија на случај, што значи сите требаат да ја слушнат и другата страна "audi alteram partem"[83].

2. Рамноправност на странките: Ова пак ги разоружа странките во кривичната постапка, ги става во еднаква позиција која што пак дава еднакви можности на обвинителот и обвинетиот со својот бранител, наречена еднаквост на оружјата "aequalitas armorum". Од рамноправноста произлегува дека треба да имаат еднаков пристап до судот, на начин што би биле третирани како рамноправни странки во текот на судската постапка. Ова вклучува право на адекватна правна заштита, пристап или увид до доказите и сведоци

[82]Постоењето на технички советници е воведено со новиот Закон за кривична постапка, член 21, став 1 точка 19 и член 244 од новиот Закон за кривична постапка;
[83] Vogler, R. (2005). A World View of Criminal Justice. Ashgate Publishing, стр. 45-78.

на спротивната странка, како и предлагање на аргументи, докази, вештачења, сведоци и се она што би го докажало споротивното, односно да се одбрани својата теза на најдобар можен начин во текот на кривичната постапка па и на самата главна расправа. "Еден еднаков да нема јурисдикција над друг еднаков" "par in parem non habet jurisdictionem" или "еден еднаков да нема власт над друг еднаков" "par in parem non habet imperium"[84]. Траба да се потенцира и фактот што странките имаат право да присуствуваат и на објавување на пресудата како и право на користење правните лекови против донесената пресуда. Во нашата држава, покрај правните лекови постојат и вонредни правни лекови, како дополнителна заштита, гаранција, двојна брана која служи како филтер за фер, правично судење но и за целосна рамноправна и еднаква положба на странките.

Историски, овие принципи се развивале како дел од постапките за обезбедување на правично судење, што е есенцијално за одржување на правдата и довербата на општеството во правниот систем. Без контрадикторност и рамноправност, може да настанат ситуации каде што едната страна има предност или привилегии пред другата, што во значителна мера би можело да доведе до самоволие од страна на судот.

Затоа, во текот на главната расправа во кривичното право, овие принципи се важни за обезбедување на праведен и објективен процес, каде што сите странки имаат можност да ја претстават својата страна на приказната и самите да бидат сведоци на фер и праведна постапка. Еднаквоста на страните е отсликана преку предвидената можност за претставување и изведба на докази на главната расправа, вклучувањето на технички советници за помош на странките и дополнителните обврски на јавниот обвинител за прибирање на докази кои што го товарат обвинетиот, но и оние докази што одат во негова полза "favorabilia testantur"[85].

Главната расправа се опишува како рамноправна битка помеѓу тужителите и одбраната во која секоја страна има еднакви можност за докажување на својата теза. Тежината на докажувањето лежи на страната на обвинителот, а судот е пасивен снимател и проценувач на доказите. Контрадикторноста остава простор за странките да се изјаснат на главната расправа за сите фактички и правни прашања што се релевантни. Странките

[84]Slobogin, C. (2007). Proportionality in Action: Comparative and Empirical Perspectives on the Future of Adversary Criminal Justice. Hart Publishing, стр. 34-56.
[85]Summers, S. J. (2007). Fair Trials: The European Criminal Procedural Tradition and the European Court of Human Rights. Hart Publishing, стр. 89-112.

имаат право да ги оспоруваат тврдењата на спротивната страна и да бараат дополнување на доказната постапка. Во членот 5 од ЗКП, наречен "право на правично судење", се формулира контрадикторноста, каде секој обвинет има гаранција за "правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд, во контрадикторна постапка."[86] Ова обезбедува можност за оспорување на обвинението, претставување и изведба на докази во корист на обвинетиот.

Како резултат од примената на ова начело, судот се ослободува од задачите на предлагање и изведба на докази, а еднаквоста на странките се изразува јасно во процесот. Начелото на контрадикторност осигурува рамноправно активно учество на двете страни, каде нагласената правичност воведува вештини за пронаоѓање и презентирање на докази со цел потврда на сопствените тези пред непристрасниот арбитер, односно судот[87]. Иако може да биде дискутабилно дали и двете страни имаат рамноправна експертска умешност, можноста за аргументирано дискредитирање на доказите од спротивната страна претпоставува извонредна подготвеност во текот на доказната постапка, што вклучува добра концентрација, правничка логика и реагирање на приговори.

Објективноста, како и рамноправноста на страните во однос на предлагање и изведување на доказите, произлегува од начелото на контрадикторност. Судот, кој порано беше активен во предлагањето и изведувањето на доказите на главниот претрес, сега се повлекува и дава можност на обвинителите и одбраната да ги изнесат докажите. Во ваква постапка, страните имаат рамноправна можност да ги изложат своите аргументи и да ги побиваат доказите на спротивната страна, особено ова доаѓа до изрз во текот на главната расправа.

„Акузаторниот облик на кривичната постапка јасно и недвосмислено ни појаснува дека улогата на странките е во тоа што активно можат и треба да се впуштат во собирањето и презентирањето на своите доказите.“ Градењето на случајот и успешното негово докажување претставува основна цел на двете спротиставени страни, каде обвинителите и одбраната се стремат кон претворање на тврдењата во утврдени правно

[86]Подетално елаборирано во Член 5, Право на правично судење, Калајџиев, Г., & Тромбева, М., и др. (2018). Коментар на законот за кривичната постапка. ОБСЕ, стр. 38.

[87]Калајџиев Г., "Воведување на акузаторна кривична постапка со вкрстено испрашување", "Македонска ревија за казнено право и криминологија", Год.16, бр.2, 2009, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 2-ри Август С-Штип, стр.287.

релевантни факти[88]. Ова е основната цел на главната расправа, каде се обезбедени процесни права како што се правото на спротивставување и побивање на тврдењата на спротивната страна, што е во согласност со начелото на контрадикторност и неговото внимателно имплементирање во праксата. Тука треба да се каже дека јавниот обвинител треба да ја докаже вината и тоа надвор од секакво разумно сомневање, токму тој го има товарот на докажување "onus probandi", па од ваквата фактичка состојба произлегува дека обвинетиот и бранителот сами ценат дали ќе се впуштат во пронаоѓање на докази и аргументи во нивна полза[89].

"Кога знаме што е право, сме во состојба да го одбраниме своето право."
Јустинијан

ГЛАВА 2. ГЛАВНА РАСПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2.1. Општи напомени за главниот претрес наспроти главната расправа според поранешниот и сегашниот Закон за Кривична Постапка на РСМ

Врвниот настан во тужбата заснована на европските кодови е расправата пред целосниот суд , што може да се случи во неколку широко разделени сегменти.[90]

Главната расправа е најважната фаза од кривичната постапка. Ова е задолжителна фаза, во која се одлучува за вината и казнувањето на обвинетиот. Судот ги разгледува обвиненијата содржани во обвинителниот акт или бара казна, прибавува докази предложени во обвинителниот акт и обезбедува нивно изведување, секогаш во присуство на јавноста и други субјекти на кривичната постапка кои имаат влијание врз текот на предметот.

---

[88] Duff, A., Farmer, L., Marshall, S., & Tadros, V. (2007). The Trial on Trial: Volume 1: Truth and Due Process. Hart Publishing, стр. 90-115.
[89] Stuntz, W. J. (2011). The Collapse of American Criminal Justice. Harvard University Press, стр. 56-82.
[90] https://www.britannica.com/topic/procedural-law/The-trial-or-main-hearing (Пристапено на 12.07.2024година)

Одлуката во главниот претрес ја донесува судот – судски совет или судија поединец. Судот е независен во одлучувањето и е обврзан само со законот. Јавниот обвинител кој го поднесе обвинителниот акт до судот е во позиција на процесна странка во постапката во главниот претрес и во текот на целата судска постапка. Правото на одбраната на обвинетиот е целосно загарантирано и во судската постапка, а тоа го остварува или самиот обвинет или преку неговиот бранител. Учеството на бранителот е неопходно во случаи на таканаречено задолжително советување.

Главниот претрес се води во постојано присуство на сите членови на судскиот совет, записничар и јавен обвинител. Генерално е неопходно и присуството на обвинетиот. Во отсуство на обвинетиот главниот претрес може да се води само во исклучителни случаи под условите предвидени со закон.Стариот ЗКП по својата природа беше со поголема обоеност на инквизиторниот модел, иако се водеше како мешовит, во смисла на приноси од двата модели. Во ваквата постапка, судот имаше активна улога во истрагата и судењето, што значи дека судот имаше огромен и широк спектар на права, овластувања, постапувања но и одговорности во однос на собирање на докази, испитување на обвинетиот, сведоците, вештаците, како и примена на казнена санкција "inquisitio".

Во овој модел, судот беше поставен како надзорник и координатор, завземаше централна, главна улога на целиот кривичен процес, што вклучува и утврдување на материјалната вистина. Со ваквата улога, истражниот судија прибираше и изведуваше докази, иако странките во постапката не ги предложиле. Од судот зависеше како ќе се одвиваат различните фази од процесот во истрагата но и како ќе се толкуваат и применуваат правните норми. Па отука и поговорката "кадија те тужи, кадија те суди". Од ова може да заклучиме дека судската истрага само непотребно ја одолговлекувала истрагата со оглед на тоа што таа била еден вид „судење пред судење“[91].

Кога се анализира мешовитиот тип судска постапка, важно е да се истакне неможноста за утврдување на материјалната вистина, а самото тоа придонесува за создавање на голем број правни празнини, нелогичности и голем број на недостатоци. Од

[91] Krpać, D. (2007). Reforma mješovitog kaznenog postupka: potpuna zamjena procesnog modela ili preinaka prethodnog postupka u stranački oblikovano postupanje. Во Novoselec, P. & Matovski, N., Zbornik radova posvećen prof. dr. sc. Franji Bačiću, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Правен факултет во Загреб, стр. 177-198.

што произлезе дека судењата не се сигурен начин за откривање на целосната, единствената, апсолутната или материјалната вистината.

Прифаќањето на англосаксонските институти резултираа со преминување од вистината кон процедуралната правичност[92]. Поради тоа, правичната процедура за решавање на кривичните спорови добива особена важност, бидејќи често материјалната вистината за одреден настан, тешко е да се докаже. Затоа се тврди дека акузаторните системи се фокусираат врз доказите, а континенталните врз вистината[93].

Во оваа насока одличен е цитатот на врвниот британски правник Лорд Денинг[94] "Во правото постојат повеќе вистини" "In jure veritates plures sunt"[95].

Потребата за преработка на срцевината на главната претрес е резултат на откривањето дека во текот на кривичната постапка, главната претрес кој требаше исто така да биде и централна точка на постапката, во практика се претвори во контролен стадиум. Затоа се одразува неопходност за враќање на фокусот на главната расправа како централен момент во кривичната процедура, на тој начин што би овозможило судското тело да формира независни ставови, одлуки, индивидуализирана кривична одговорност и казнување врз основа на адекватни докази и правично спроведена постапка.

Со воведување на новиот ЗКП, беше воведен акузаторен систем, што донесе значителни промени во начинот на функционирање на правосудниот систем. Начелото на акузаторност и официјалност се вметна во Членот 17, каде што овластен тужител е ЈО, но и надлежен орган да постапува, открива и гони сторители на кривични дела[96]. Кој што права и обврски покрај ЗКП се предвидени и со законот за јавно обвинителство[97]. Оваа државна институција е во нераскинлива врска и зависи од полициските органи[98], како би се реализирала оваа цел, ова подразбира дека се зголеми бројот на исклучоците од

---

[92] Калајџиев Г., Воведување на акузаторна кривична постапка со вкрстено испрашување, МРКК, бр. 2/2009, стр. 285-312

[93] Калајџиев Г., Раичевиќ-Вучкова Л., и др., Преуредување на главниот претрес во Република Македонија, MRKK, 2-3/2008, стр. 213-234.

[94] Lord Denning започнал како адвокат и успешно го развил својот кариерен пат како врвен правник. Потоа, во текот на својата кариера, бил назначен како судија, каде што продолжил да работи во различни судски инстанци, вклучувајќи го и Апелациониот суд на Велика Британија. Неговите влијателни судски одлуки и мислења го направиле еден од најпознатите и респектирани правници во британската правна историја.

[95] Dworkin, R. (1986). Law's Empire. Harvard University Press, стр. 45-70.

[96] Шкариќ, С. (2014). Научно толкување-Устав на Република Македонија. Скопје: Култура, стр. 405.

[97] Закон за Јавно Обвинителство, Службен весник на РСМ, бр. 42 од 16.2.2020 година

[98] Закон за полицијата (Сл.весник бр.114/06 и бр.6/09)

принципот на легалност, поточно се засили принципот на опортунитет.[99] Со самиот факт што се исклучува целосно судот во истражната постапка, што се дава можноста вкрстено да се испитуваат сведоците[100], што се создава рамнотежата во еднаквост на оружјето, како што тоа се нарекува во англосаксонското право[101], се создава една посветла точка каде што се зголемува непристрасноста од страна на судот, но и еднаквоста на странките како најважен сегмент покрај другите многубројни придобивки.

Како што наведуваат Калајџиев и Бужаровска, идеата од која произлезе новиот концепт на ЗКП е заснована во насока да се засилат и развијат хармонизираните правни реформи. Целта на овие реформи е да се востанови балансот помеѓу ефикасната борба против криминалот и заштитата на основните човекови права и слободи. Ова се постигнува во рамките на демократската правна држава, во согласност со стандардите што важат во земјите-членки на Европската Унија[102].

Повеќе и од јасно е дека „Не постои поважна должност на судовите од таа, да обезбедат сигурност дека граѓанинот е целосно уживан со правата и имунитетите кои му се гарантирани од Уставот [103].“

2.2. Подготовка на главна расправа

---

[99] Во новиот ЗКП пропишани се и други начела: 1. Законитост и пропорционалност, 2. Законитост на доказите, 3. Објективност, 4. Слободна оцена на доказите, 5. Акузаторност и официјалност и 6. Легалитет на кривичното гонење. За разлика од претходно, изостанува начелото на утврдување на материјалната висина. Наместо тоа, се внесува терминот „разумно сомнение“.

[100] За реформата во Република Македонија најопшто: G. LAŽETIC-BUŽAROVSKA/ G. KALAJDŽIEV, Reform of the Criminal Procedure in the Republic of Macedonia, Iustinianus Primus Law Review, No.1, Spring 2010 (www.law-review.mk); Г. БУЖАРОВСКА/ Г. КАЛАЏИЕВ, Реформа на кривичната постапка, Зборник на текстови од проектот за борба со организираниот криминал на јавното обвинителство, Скопје/Охрид, 2009, 13; Г. КАЛАЏИЕВ, Правци на реформата на кривичната постапка во Република Македонија, МРКПК Бр. 1, 2007. За реформата на главната расправа: Г. КАЛАЏИЕВ, Воведување на акузаторна кривична постапка со вкрстено испрашување, МРКПК, бр. 2, 2009, стр. 285-312.

[101] Приказ на реформите во Европа и регионот кај: B. PAVIŠIĆ, Novi hrvatski zakon o kaznenom postupku, во Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, Vol. 15 Br. 2, 2008, стр. 489; Д. КРАПАЦ и др., Стратегија за реформа на казненото право, supra; J. HERRMANN, Реформа на претходната постапка во споредбеното право, МРКПК, бр. 1, 2008, стр. 57-76.

[102] Калајџиев, Г., Бужаровска- Лажетиќ, Г., Закон за кривична постапка со стручен осврт врз системот на казнена постапка воведен со законот за кривичната постапка од 2010 година, Агенција „Академик“, Скопје, 2011, стр.11.

[103] Tucker v. United States, 5 F.2d 818, 824 (8th Cir. 1925). Превземено од https://law.justia.com/cases/federal/appellate-courts/F2/5/818/1550424/

Подготовката на главната расправа претставува исклучително важна етапа во правосудниот процес, каде што обвинителството и одбраната систематски ги подготвуваат своите аргументи, докази и стратегии пред да истапат пред судијата и јавноста. Првиот чекор во подготовката на главната расправа е темелна анализа на обвинителниот предлок или акт[104]. Обвинителен предлог се доставува до судот за полесни кривични дела, за кривични дела до пет година и за истиот се води скратена постапка[105]. Додека обвинителен акт се доставува до судот и истиот е за посериозни кривични дела кои што се со казна затвор од над пет години. Во овој предлог или акт, обвинителството го формулира случајот, ги изложува обвиненијата, законските битија на кривичните дела и понатамошното постапувањето на процесот се базира на деталите во овој акт. Во оваа фаза обвинителството и одбраната ги прибираат доказите кои се однесуваат на случајот.

Ова може да вклучува документи, експертски извештаи, фотографии и изјави од сведоци. Релевантноста и законска прифатливост на доказите се прегледуваат внимателно. Воедно, одбраната и обвинителството го истражуваат правниот контекст на случајот. Ги анализираат претходните прецеденти, законските норми и решенија на слични случаеви за да го формулираат својот правен став, својата теорија на случај. Истовремено судот е должен по службена должност, да испита две мошне важни работи, а тоа се дали во целокупната предходна постапка која ја вршел јавниот обвинител се било согласно законските норми, и второ дали дошло до евентуално застарување на кривичното дело. Судот во насока на правичноста врши детална проверка, анализа на обвинението и утврдува дали е достојно за сериозно внимание и издржано, или пак е недостојно за внимание затоа што истото е незначително, безпредметно или во крајна мера и безвредно, што значи може да го прифати или отфрли.

Со цел да се обезбеди непрекинатото и брзо одвивање на главната расправа и да се постигне нејзината цел, потребно е внимателно подготвување на истата. Подготвувањето на главната расправа се извршува во временски период од поднесувањето на обвинителниот акт до нејзиното започнување и ги вклучува следниве процесни чекори:

[104] Глава XXIII од ЗКП, Подготовки за главна расправа.
[105] Калајџиев, Г., Мисоски, Б., и др. (2015). Казнено процесно право. Универзитет Св. Кирил и Методи, Скопје, стр. 222-223.

- Закажување на главната расправа - претседателот на советот со наредба ја одредува датата, времето и местото на главната расправа[106]. Истиот ја закажува во рок од 30 дена од приемот на обвинителниот акт за сите кривични дела, а за дела од организираниот криминал во рок од 60 дена[107]. Претседателот на советот може да го одложи почетокот на главната расправа, по иницијатива од страна на странките или по службена должност поради здравствени причини или други објективни причини, кои се образложени во наредбата за одложување[108].

- Место на главната расправа - местото на одржување на главната расправа е дефинирано во законот и таа обично се одржува во седиштето на судот и во судската зграда[109]. Сепак, ако претседателот на советот утврди дека судските простории не се погодни, може да бара дозвола од претседателот на судот, одржување на расправата на друго место[110]. Главната расправа може да се одржи и на друго место на подрачјето на надлежниот суд, ако тоа на образложен предлог од прецедателот на судот го одобри повисокиот суд[111]. Причините за одржување на расправата на друго место најчесто се потикнати од економски причини во смисла на тоа за повеќето од странките се од одредено место, потреба за увид на местото на сторување на кривичното дело или други причини.

- Издвојување на списи - ако претседателот на советот утврди дека има записници или известувања кои треба да се издвојат, ќе донесе решение за нивно издвојување и ќе ги предаде на надлежниот јавен обвинител во посебна обвивка, откако решението ќе стане правосилно[112].

- Повикување на лица – на главната расправа се повикуваат обвинетиот и тоа секогаш со писмена покана без разлика дали е на слобода или притвор, бранителот - ако одбраната е облигаторна, тужителот секогаш со писмена покана, оштетениот, толкувач, сведоци и вештаци[113]. Во поканата сите ќе се предупредат за последиците од недоаѓањето на главната расправа (членови 365 и 368 од ЗКП).

---

[106] Член 345, ст. 1, ЗКП.
[107] Член 345 ст. 2, ЗКП.
[108] Член 351, ст. 1-3, ЗКП.
[109] Член 346, ст. 1, ЗКП.
[110] Член 346, ст. 2, ЗКП.
[111] Член 346, ст. 3, ЗКП.
[112] Член 245, ст. 3, ЗКП.
[113] Член 348 ст.1-6, ЗКП .

- Определување на дополнителни судии и судии-поротници – Доколку постои веројатност дека главната расправа ќе трае подолго време, претседателот на советот има право да побара од претседателот на судот да имени еден или два судии или судии-поротници, кои би присуствувале на главната расправа. Ова е со цел да се избегне непотребното одлагање и одолговлекување на постапката. Тие мора непрекинато да присуствуваат, не се членови на советот се додека не се јави потребата од активно учество, односно да ги заменат членовите на советот во случај на нивна попреченост[114].

- Изведување на докази пред главната расправа – Ако се дознае дека некој сведок што е повикан на главната расправа, а сé уште не е испитан, не ќе може да дојде на главната расправа поради долготрајна болест или неподвижност, може да се испита во местото каде што се наоѓа[115].

- Запирање на постапката – Во случај тужителот да се откаже од обвинителниот акт или предлог пред започнувањето на главната расправа, претседателот на советот ќе ја прекине кривичната постапка со одлука во вид на решение, ќе ги извести за тоа сите страни вклучени во постапката, како и оштетениот, кој има право на жалба во рок од осум дена да поднесе приговор до непосредно повисокиот јавен обвинител[116].

Во оваа фаза исто така, доколку како доказни средства се предвидени испитување на сведоци, обвинителството и одбраната го подготвуваат своето испитување на сведоците. Ова вклучува припрема на прашања, аргументација и извештаи кои можат да ја поддржат нивната страна во случајот. При подготовката на главната расправа постојат и одредени принципи кој се почитуваат и тоа:

- **Професионализам и етика**

Страните треба да ја запазат професионалната етика и одговорност во подготовката на главната расправа. Забраната за користење на неетички средства и за штетен обид за манипулација на доказите е од суштинско значење.

- **Спремност за преговори**

Обвинителството и одбраната треба да бидат спремни за преговори и можни договори пред главната расправа. Овие преговори можат да вклучуваат спогодби за признавање на вина или други аранжмани.

---

[114] Член 349, ЗКП.
[115] Член 350, ст.1-3 ЗКП.
[116] Член 352, ЗКП.

- **Систематска подготовка на страните**

Подготовката треба да биде системска и систематска. Секој аспект од случајот треба да биде подложен на детална анализа и подготовка за да се осигура силен и добро образложен случај пред судот.

Подготовката на главната расправа во кривичната постапка е средство за обезбедување на праведен и ефикасен правосуден процес. Со внимателна стратегија и почитување на принципите на право и етика, обвинителството и одбраната ги припремаат своите случаеви, обезбедувајќи го важниот принцип на правосудството - праведна и објективна судска постапка.

2.3. Претпоставки за одржување на главната расправа

Генералната претпоставка за одржување и официјален почеток на главната расправа е присуство на повиканите лица. Но, во пракса доста често се случува да има повикани лица кои не се појавуваат на главната расправа и покрај уредно доставените покани. Од таа причина, Законот има направена одредена градација со која се дефинира дека не секое отсуство влијание на одржувањето на главната расправа, односно врз основа на процесната улога која повиканото лица ја има може да се одлучи да се започне со главната расправа и покрај тоа што некое лице е отсутно. Токму начелата на контрадикторност, усност и непосредност го бараат ваквиот пристап[117].

Освен судија поединец или членовите на судскиот совет, и записничарот, кои задолжително мораат да се присутни за да се одржи главната расправа, сите други учесници се во категоријата на оние чие присуство е претпоставка за одржување на главната расправа:

- Овластениот тужител – ако на главната расправа не дојде јавниот обвинител, кој е уредно повикан, а воедно не го извести судот за неговото отсуство и истото не го образложи, ќе се казни со парична казна, а главната расправа ќе се одложи[118]. Од друга

[117] Калајџиев, Г., Мисоски, Б., и др. (2015). Казнено процесно право. Универзитет Св. Кирил и Методи, Скопје, стр. 224-226.
[118] Член 89, ЗКП

страна пак, доколку на главната расправа не се појави приватниот тужител или пак неговиот полмомошник, тоа е доволна причина судот да донесе решение за запирање на постапката[119].

- Обвинет – главната расправа не може да се одржи без присуство на обвинетиот. Ако обвинетиот е уредно повикан, а не го образложи и оправда својот изостанок, или пак ако од околоностите произлегува дека избегнува да ја прими поканата или не може да му се врачи поканата, во таа состојба судот ќе нареди тој присилно да биде доведен, а може да се определи и притвор согласно член 165, ст. 1, т. 4, ЗКП. Постои исклучок, кога на обвинетиот може да му се суди во отсуство, а тоа е ако истиот е во бегство, односно е недостапен за органите на прогонот, а постојат особено важни причини да му се суди, иако е отсутен[120].
- Бранителот – главната расправа не може да се одржи без бранителот во ситуација кога истиот е задолжителен. Имено, ако бранителот не се појави на главната расправа, а уредно е повикан или не го образложи своето отсуство или пак ја напушти главната расправа, на предлог на обвинетиот, главната расправа ќе се одложи.
- Толкувач/преведувач – не е изречно вброен меѓу претпоставките за одржување на главната расправа, но правичното постапување претпоставува создавање услови за активна одбарана и на обвинетиот кој не го зборува јазикот односно разбира јазикот на кој се води постапката. Следствено на тоа, доколку обвинетиот не го зборува и разбира јазикот на кој се одвива постапката, а судот нема обезбедно толкувач/преведувач, главната расправа ќе се одложи.

2.4. Одлагање и прекинување на главната расправа

За да може судот да донесе правилна и мериторна одлука за одреден кривично правен предмет, мора да има јасна и целосна слика за сите докази и правно релевантни факти, тоа може да се оствари само ако има континуитет на главанта расправа. Меѓутоа, во одредени ситуации, тоа не е овозможено и доаѓа до запирање на главната расправа преку: одлагање и прекинување.

[119] Член 364 ст.2, ЗКП
[120] Член 365, ст.4 ЗКП

Одлагање значи незапочнување на главната расправа на денот и часот кога била закажана или пак ако таа веќе започнала, може да се појават причини за нејзино одлагање на подолг временски период. Закажаната главна расправа не започнува на определениот ден доколку не се појави надлежниот јавен обвинител, обвинетиот или бранителот кога е задолжителен.

Започнатата главна расправа пак се одлага ако: јавниот обвинител оцени дека изведените докази укажуваат на тоа дека се променила фактичката состојба изнесена во обвинението и одлучи дека треба да го промени истото; во текот на главната расправа се оцени дека е потребно подолго време да се прибават нови докази; во текот на главната расправа се оцени дека кај обвинетиот по стореното кривично дело настапила потешка состојба, во смисла на душевно заболување, душевно растројство или ако постојат други сериозни пречки за одржување на главната расправа; советот оцени дека главната расправа ќе се одложи поради отсуство на сведок или вештак или пак доколку обвинетиот го отповика полномошното на бранителот, или пак не се појави или ја напушти главната расправа.

Во суштина до одлагање на главната распава доаѓа по барање на страните, бранителот или по службена должност и за тоа се одлучува со решение донесено од судот. На таквото решение не е дозволена жалба. Во решението со кое се одлага главната расправа по правило ќе се определи денот и часот кога главната расправа ќе продолжи. Со истото решение претседателот на советот ќе нареди да се обезбедат доказите кои може да се изгубат или уништат поради одлагањето на главната расправа[121].

Прекинувањето, пак на главната расправа значи запирање на главната расправа за пократко време, но не подолго од 8 дена. До прекинување на главната расправа може да дојде поради следниве околности:

- Краток одмор во текот на главната расправа;
- Поради истек на работното време;
- Кога постои можност за кратко време да се прибават докази;
- Заради подговување на обвинителството или одбраната;

[121] Член 370 ст.1-5, ЗКП

- Ако бранителот или полномошникот, и покрај казната, продолжи да го нарушува редот на главната расправа, па странката се повикува да земе нов бранител или полномошник;
- Ако обвинетиот во текот на главната расправа на заседанието изврши кривично дело или ако во текот на главната расправа се открие некое порано сторено кривично дело на обвинетиот.

За прекинување на главната расправа исто така одлучува претседателот на советот. Битна разлика меѓу одлагањето и прекинувањето на главната расправа е што прекинатата главна расправа не започнува одново и ниту едно процесно дејство не се повторува, туку таа продолжува каде што застанала.

Доколку главната расправа не може да продолжи пред истиот судија, односно совет или ако прекинот на главната расправа трае подолго од осум дена ќе се постапи според одредбите од членот 371 од ЗКП, поточно доколку временtраењето на одложување на расправата трае повеќе од 90 дена, истата задолжително почнува одново, што значи треба да се изведат повторно сите докази, во некои ситуации советот може да одлучи сведоците и вештаците да не се сослушуваат повторно туку да се прочитаат нивните искази внесени во записниците од поранешната главна расправа[122].

2.5. Почеток на главната расправа

Кога судијата или советот влегуваат во судницата, учесниците, вклучувајќи ги и странките, треба да ги почитуваат следните протоколи:

Дочекување на судијата или советот: Сите присутни во судницата треба да го дочекаат судијата или советот стоејќи.

Станување при обраќање: Кога судијата или советот им се обраќа на странките, учесниците, присутните во судницата се должни да станат. Истото се случува и во обратна насока, односно кога странките, учесниците, присутните се обраќаат до судот се должни да станат.

[122] Член 371 ст.3, ЗКП

Ова е вообичаен начин за искажување на почит кон судските авторитети и за признавање на нивната важна улога во судската постапка.

Што се однесува до начинот на седење во судницата, тој е организиран така што ја одредува локацијата на странките и другите учесници во судскиот процес. Според оваа организација, седењето на странките се поставува на левата и десната страна од судницата. Спротивно од претседателот на советот. На левата страна од претседателот седи обвинетиот и неговиот бранител, додека на неговата десна страна седат овластениот тужител, јавниот обвинител или приватниот тужител, како и оштетениот и неговиот полномошник. Позиционирање на лицата кои се испитуваат во текот на главната расправа, како обвинетиот, сведоците, вештаците или технички советници стојат на определено место кое е поставено на десната страна од претседателот на советот. Оваа организација овозможува и создава ред и јасност, што ја олеснува комуникацијата и управувањето со судскиот процес.

Судот веднаш по отворањето на заседанието ќе ги предупреди лицата кои присуствуваат на главната расправа да се однесуваат пристојно и да не ја нарушуваат работата на судот во согласност со член 360, истовремено ќе појасни дека може да ги казни применувајќи го членот 361 од ЗКП.

Главната расправа започнува со држење на воведен говор[123]. Наспроти претходниот вообичаен момент на читање на обвинителскиот акт за започнување на главниот претрес, сегашниот ЗКП наредува дека читањето на обвинителниот акт треба да биде заменето со давање на воведен говор како прво дејство, што се смета за почеток на главната расправа. Почетно зборува тужителот, потоа следи одбраната или обвинетиот. Според различните улоги и обврски на странките во постапката, јавниот обвинител е задолжен и има обврска да изнесе, даде воведен говор, додека одбраната сама цени дали ќе пристапи кон давање на воведни збориови или не, поточно дали ќе се воздржи и откаже од таквата процесна можност што ја дал законодавецот[124].

Ова призлегува од уставното загарантирано право на молчење а воедно и обврската да се докаже кривичната одговорност од страна на ЈО или приватниот тужител. Што се однесува до содржината на воведните говори, ЗКП вклучува општа одредба која

[123] Член 379 ЗКП, Воведни говори на странките.
[124] Калајџиев, Г., Бужаровска, Г., Вкрстено Испитување – Прирачник за практичари, стр 24.

дозволува во своите говори странките да можат да изнесат кои решавачки факти имаат намера да ги докажат, да ги изложат доказите што ќе ги изведуваат и да ги определат правните прашања за кои ќе расправаат. Во говорите не смеат да се изнесуваат факти за поранешна осудуваност на обвинетиот, законот изрично го забранува тоа.

„Можноста за изразување на мислењата и аргументите на странките, шансата да се изнесе сопствената верзија на приказната е силен фактор во доживувањето на процедуралната правда“[125], а него како право го имала одбраната и во далечната римска казнена постапка[126].

Од понапред изложеното може да заклучиме дека законодавецот не дава тесна рамка, напротив од нас зависи како и на кој начин ќе го интерпретираме и изведеме вовоедниот говор, дали ќе користиме некои дополнителни визуелни или друг вид на помошни помагала преку кои ќе направиме динамична, сериозна и засилена презентација. На овој начин можеме да го придобиеме вниманието на судот или пак ќе бидеме обратното, а тоа е да бидеме толку обични со излитени фрази, празни зборови што судијата ќе остане рамнодушен и со нетрпение ќе чека да завршиме, без да го освоиме неговото внимание кое и те како е значајно и потребно за одстварување на нашите цели.

Затоа воведниот говор треба да се свати мошне сериозно. Всушност, тоа е моментот кога ја отвараме вратата и дозволуваме сите да влезат во светот на нашата оживотворена приказна и претстава за нашиот случај, време кога секој збор е шанса да ги придобиеме сите присутни. Во тие неколку минути[127] ние сме предизвикани да ги предадеме нашите емоции, чувства, нашата душа, енергија и со нив да ги обликуваме нашите зборови што ќе зрачат со увереност, убедливост, јасност и концизност[128]. Силните зборови кој ќе одекнуваат треба да бидат достојни за предметот, во нашиот говор треба да внесеме решавачки факти, докази кои пак преку силна реторика и динамика во изразувањето ќе добиваат се поголемо занчење, тежина во контекст на зацврстување, бетонирање на

---

[125] Калајџиев Гордан, Правична постапка, Докторска дисертација, Правен факултет „Јустинијан Први - Скопје“, Скопје, 2004, стр.76

[126] Ѓуркова, Олга, Кривична постапка за коруптивните кривични дела во Римското право, Алфа 94, Скопје, 2010, стр. 62-102.

[127] Кратките говори, кои се движат околу или до 5 минути, можат да имаат силно влијание врз публиката, бидејќи го задржуваат вниманието и се фокусираат на главната порака“ Duarte, N. (2010). Resonate: Present Visual Stories that Transform Audiences. Wiley, стр. 110-125.

[128] „Силни говори се највлијателни кога се кратки и концизни, приближувајќи се до 5 минути“ Gallo, C. (2014), Talk Like TED: The 9 Public-Speaking Secrets of the World's Top Minds*. St. Martin's Griffin, стр. 56-78.

нашата теорија, нашата вистина. Со увереност и вештини, ние треба да создадеме воведен говор, така што судијата ќе се запраша: кој е следниот чекор во оваа приказна?

„Како што вели древниот кинески заповедник Сун Цу: 'Затоа, потребно е да се негува вештината на предвидување, така што во случај кога би дошло до судир, вие би биле темелно подготвени, без значајни слабости или привремено опасни ситуации, како што е исцрпеноста, обземеноста со други судири или недоволна сила[129].

Во правен контекст, јас ја толкувам мудроста на Сун Цу како неопходност на адвокатите и обвинителите да бидат целосно подготвени и фокусирани. Предвидувањето, односно знаењето однапред за тоа како ќе се одвиваат работите, ни овозможува да ги искористиме ситуациите во наша полза. Затоа, потребно е да се негува вештината на предвидување, така што во секоја судска постапка да влеземе целосно подготвени и фокусирани на нашата теорија на случајот. Со љубов и пасија кон правната работа, треба да ги насочиме нашите аргументи на начин што ќе бидеме јасни и убедливи. Треба да избегнеме исцрпеност и да се концентрираме на нашите клучни точки, за да ја осигуриме нашата позиција која несомнено треба да биде цврста и непобедлива. Преку правилно позиционирање и темелна подготовка, ќе ја остваримe предноста, а преку неа и победата.

Ова е време кога треба да бидеме творци на правдата, да ги истакнеме нашите тврдења како вистински ументници, со секој збор врз платното наречено судница да го развиеме нашиот аргумент цртајќи го како вистинско уметничко ремек дело. Во никој случај не смееме просто, обично, банално "тривијално" да го кажеме воведниот говор без разлика која страна ја застапуваме, напротив мораме и требаме да го претвориме во приказна зачинета со вкусот на правдата така што ќе ги разбуди емоциите кај присутните. Секој од нас треба да биде одлично подготвен, да ја познава секоја нијанса на случајот, за да може да го представи својот дел кој што го застапува на најдобар можен начин и во најдобро светло. Воведниот говор не е само влез во судницата, туку и прв чекор кон нашата победа.

Како што вели Аристотел, "Убедливите луѓе ги вклопуваат своите говорови во контекстот и потребите на публиката, така што нивните зборови стануваат убедливи[130]."

---

[129] Сун Цу. (2019). Уметност на војувањето (Н. Димитриевска, Превод.). Скопје: Heroes. Стр. 45.
[130] Garver, E. (1994). Aristotle's Rhetoric: An Art of Character. University of Chicago Press, стр. 56.

Истакнувајќи го карактерот на воведните говори можеме да заклучиме дека истиот е не контрадикторен и се презентара само сопствената "теорија за случајот" во ниту еден момент не треба да се осврнеме ниту да навлегуваме и зборуваме за фактите, аргументите, сведоците, доказите, на спротивната страна. Впрочем и законот изрично го забранува тоа.

Обично, овој говор не е подложен на временско ограничување од страна на Судот, но тој, сепак, може да биде ограничен од страна на прецедателот на советот, затоа што законот му ја дава таквата можност.

Оштетениот не изнесува воведен говор, туку, ако присуствува на главната расправа, има право да поднесе имотно-правни барања, било лично или преку својот правен претставник.

Согласно ЗКП по завршувањето на воведниот говор на тужителот, претседателот на советот има следни обврски[131]:

▪ да се увери дека обвинетиот ја разбрал содржината на обвинението (и ако е потребно, кратко да го изнесе на јасен начин),

▪ да го информира обвинетиот за неговото право на молчење или давање исказ,

▪ да му предложи совети на обвинетиот за внимавање во текот на главната расправа,

▪ да му укаже на обвинетиот дека може да изнесува докази во своја одбрана, да им поставува прашања на сообвинетите, сведоците и вештаците и да става забелешки во поглед на нивните искази и

▪ да го повика обвинетиот да се произнесе во однос на сите кривични дела на обвинението дали се чувствува за виновен или не.

2.6. Тек на главна расправа

Судирот на странките во постапката преку аргументи и докази се одвива под будното око на судијата. Овде, вагата на правдата виси на конец и секој изговорен збор носи тежина во обликувањето на исходот од постапката.

Во судница, обвинителството и одбраната заземаат централно место, секој со жар и прецизност го презентира својот случај. Обвинителството прецизно ги изложува своите обвинениј, поткрепени со релевантни факти и докази. Во меѓувреме, одбраната возвраќа

[131] Член 380, ст.1-3, ЗКП

со стратешки маневри, оспорувајќи ги тврдењата на обвинителството и нудејќи алтернативно толкување на фактите и доказите. Во истиов контекст одлично се надоврзува правната латинска максима, „Audi alteram partem“ – „Слушај ја другата страна“[132].

За време на расправата, сведоците се повикуваат да сведочат, а исказите нивни се испитуваат под суровата тактика на испитувањето, откривајќи ја вистината слој по слој. Во судницата на правна контрола, интегритетот на судијата е ставен на тест. Секој аргумент, секој доказ и секоја донесена одлука носи длабоки импликации за обвинетите, жртвите, оштетените па и генерално за општеството како целина. Токму тука, во светите сали на правдата, судбината на поединците виси на конец, во очекување на конечната пресуда која ќе ја одреди нивната иднина. Во текот на главната расправа, се очекува активно да се впуштат засегнатите страни во расправата каде се бара не само добро познавање на случајот, туку и искуство, вештини, интелигенција, посветеност, прецизност и убедливост во претставувањето на доказите пред судијата[133]. Тезата на обвинителот или на одбраната може да се заснова само на доказите што судијата ги признал како релевантни според процедурите, предвидени во Законот за кривични постапки.

Токму овде е централниот дел од кривичната постапка и се одвива според законски утврдениот ред од кој може да се отстапи само со одлука на судија поединец или советотот, поради постоење на посебни околности, а придржувањето кон законските претпостаки е основ за нејзино одржување.

Судот целосно треба да биде фокусиран и подготвен за да може детално да влезе во длабочината и срцевината на секој конкретен кривично правен случај, слушајќи ги двете страни и обезбедувајќи целосна праведност, еднаквост и објективност со својата улога како пасивен арбитер. Тој мора внимателно да ги следи доказите, аргументите а уште по внимателно да ги анализира истите[134].. Дополнително тој мора да се грижи и за одржувањето на редот, дисциплина во судницатано но и за угледот, достоинството на сите присутни. Како независен и објективен арбитер, судијата врши проценка на сите аспекти во случајот, од тоа како е спроведена истражната постапка, анализата на доказите па се до слушање на двете страни низ една контрадикторна постапка. Неговата решителност,

[132] Jackson, J. D., & Summers, S. J. (2012). The internationalisation of criminal evidence: Beyond the common law and civil law traditions. Cambridge University Press, стр. 150-180.
[133] Twining, W. (2006). Rethinking evidence: Exploratory essays. Cambridge University Press, стр. 90-120.
[134] Fletcher, G. P. (1996). Basic concepts of criminal law. Oxford University Press, стр. 89-115.

мудрост и способност за темелна анализа на случајот има пресудна улога и значење, затоа што токму тој слободно ги оценува доказите и носи одлука во вид на пресуда, која пак ја одразува силата на аргументите и квалитетот на прикажаните докази од странките. Улогата на судот за време на главната расправа може да се опише преку следниве функции[135]:

Контролна: Се грижи за законитото поднесување и изведување на доказите, одлучува за дозволени и недозволени прашања и приговори на странките.

Раководна: Прима предлози за докази од странките, одлучува за нивната доказна сила и го води процесот на изведување на доказите.

Гарантна: Се грижи за почитување на основните права и слободи на обвинетиот и другите учесници во постапката.

2.7. Признавање на вина за време на главна расправа

Признавањето на вината од страна на обвинетиот не е новост, бидејќи тоа беше предвидено и во претходниот ЗКП, но и во сегашниот. Сепак, значителна промена што излегува од сегашниот Закон е во тоа што сега, врз основа на таквото признание и под услови дефинирани со законот, судот може да изрече пресуда на главната расправа, без потребата да ги изведе сите докази. Ова претставува значителна промена во контекстот на доказната вредност на признанието на вината.

Додека, според претходниот Закон, признанието на обвинетиот не го ослободуваше судот од обврската да ги изведе сите докази, новиот Закон овозможува редуцирање на доказната постапка во случаите кога обвинетиот ќе ја признае вината. Во ваквите случаи, судот е задолжен да изведе само докази што се однесуваат на одлуката за кривична одговорност и санкцијата која ќе треба да се изрече.

За да се изведе процедурата за признавање на вина на главната расправа, се применуваат членовите 380 и 381 од ЗКП. Според овие одредби, по воведниот говор на тужителот, претседателот на советот има задача да го повика обвинетиот да се изјасни за сите кривични дела наведени во обвинението, судот го прашува обвинетиот дали се чувствува виновен или не. Во ситуации кога обвинетиот не се изјаснува или изразува

[135] Калајџиев, Г., Бужаровска, Г., Вкрстено Испитување – Прирачник за практичари, стр 17.

дилема за својата вина, судијата поединец или претседателот на советот имаат обврска да го евидентира овој статус во записникот за главната расправа. Во такви случаи, обвинетиот не може да поднесе жалба поради неправилно утврдена фактичка состојба на делот што се однесува на признавањето на вината.

Забележително е што обвинетиот може да изрази признание на вината, без оглед на природата и сериозноста на кривичното дело обвинето во постапката. Тој има можност да ја признае вината за едно или повеќе кривични дела од обвинението.

Иако законот не го дефинира изричито, за да може да се донесе пресуда врз основа на признание на вина, тоа признание мора да биде целосно и доброволно. Ова значи дека признанието треба да ги опфати сите битни карактеристики на кривичното дело за кое обвинетиот се товари, да не содржи основи за исклучување на противправноста и да не содржи основи за исклучување на кривичната одговорност на обвинетиот. Важно е да се напомене, дека признавањето на вината може да се смета за целосно и кога не опфаќа некои аспекти од обвинението, но тие треба да бидат, или да се ирелевантни за постоењето на кривичното дело.

При признавањето на вината, треба да се истакне дека во случаите кога обвинетиот е обвинет за повеќе кривични дела извршени во стек согласно член 44 од општиод дел од Кривичниот Законик[136], Законот за Кривична Постапка дозволува тој да се изјасни за едно или повеќе дела, но не мора задолжително за сите дела наведени во обвинението. Ако обвинетиот на главната расправа признае вина за одредени дела, судот потоа ќе ги изведе докази кои се суштински за одмерување на кривичната санкција за тие дела, додека за останатите дела ќе продолжи со стандардната постапка и ќе дозволи странката да ги прикаже сите докази.

Признавањето на вината треба да биде искажано јасно, доброволно и недвосмислено. Тоа претставува јасно изјавување на обвинетиот дека ги признава сите обвинувања, што вклучува и изјава дека ги признава фактите изнесени во обвинението. Доброволноста вклучува два елементи: прво, обвинетиот треба да биде ментално способен да ги сфати своите постапки при изјаснување за признавање на вината, и второ, изјаснувањето не треба да биде резултат на сила, закана или друг вид на присила или ветување на некаква корист. Свеста на обвинетиот, како услов за прифаќање на признавањето на вината, треба

[136] Камбовски, В. (2016). ”Коментар на Кривичниот Законик”. Матица, стр. 485-502.

да биде оценета според повеќе критериуми. Обвинетиот, кој се изјаснува дека се чувства виновен, треба да го разбира значењето и последиците на таквото изјаснување, особено во врска со изрекувањето на пресудата и санкциите.

Иако законот не бара изјавата да биде недвосмислена, таа не смее да содржи елементи кои би биле основа за исклучување на постоењето на кривично дело, како на пример, ако обвинетиот признае дека извршил убиство, но истовремено наведува околности кои укажуваат дека тоа било направено во самоодбрана.

Според новите законски прописи, судијата поединец или претседателот на советот, следејќи го даденото признание за вина за време на главната расправа, треба да изврши следните проверки:

- Дали признанието е доброволно;
- Дали обвинетиот е свесен за правните последици од признавањето на вината;
- Дали обвинетиот е свесен за последиците поврзани со имотноправното барање и трошоците на кривичната постапка[137].

Иако начинот на кој судијата поединец, односно претседателот на советот, треба да провери дали се исполнети овие услови не е изрично наведен во одредбите за признавањето на вината на главната расправа, може да се прифати дека тоа треба да се направи на рочиштето на кое се изразува признание на вина.

2.8. Доказна постапка за време на главна расправа

Доказната постапка за време на расправата е живописна и динамична, што бара внимателно управување со доказите. Доказите воопшто кажано представуваат средства за откривање на вистината, односно извесни околности[138]. Во кривично правна смисла доказите се фактички податоци кои со закон предвидена процесна форма, утврдуваат постоење на кривично дело и вина на лицето повикано на кривична одговорност.

Доказната постапка ја идентификуваме како најважен момент. Затоа што токму во оваа фаза од постапката се утврдуваат и оспоруваат правно релевантните факти. Во науката – општата логика, поимот факт на општ план се определува со дефиницијата дека

[137] Член 381, ЗКП
[138] Витанов, Т., (2017). За Докажувањето. Меѓународен Славјански Универзитет, стр. 30.

(фактот е мисловна сетилна дејност на утврдено, објективно реално постоење на извесни работи, појави, процеси, настани, особини или односи)[139]. Во процесна смисла фактите и доказите се неразделно поврзани, бидејќи нема факти без докази, а секој доказ утврдува некој факт.

Правно релевантните факти, врз основа на кои се заснова една судска одлука , се утврдуваат како на начин определен со закон, така и преку средствата определени со Законот, кои се нарекуваат доказни средства. Од ова произлегува дека доказните средства се извори на сознанија од кои во текот на постапката се добиваат потребни податоци и се утврдуваат правно релевантните факти.[140]

Василевиќ[141] доказните средства ги дефинира како извори од кои се добиваат доказните основи, односно фактите кои служат како основа за изведување на заклучокот за вистинитоста или невистинитоста за она што е предмет на докажувањето.

Додека Марина[142] доказните средства ги дефинира како извори на сознанија преку кој во текот на кривичната постапка се добиваат податоци, односно се дознаваат факти кои представуваат доказен основ.

Според Витанов[143] доказните средства представуваат процесно – технички средста за репродуцирање на фактите во процесот кои може да послужат како докази.

Од понапред изнесеното можеме да заклучиме дека во правната доктрина или терминологија, "доказни средства", "докази" и "факти" се термини кои се користат за да се опишат различни аспекти на доказната постапка. Во суштина, сите тие елементи се поврзани меѓусебно, но имаат различни значења и улоги. Така, доказните средства се користат за да се приберат, претстават или репродуцираат доказите, кои пак ги составуваат различните правно релевантни факти што се користат како основа за одлуките во правниот процес.

Во борбата за правдата и вистина, доказите се како инструменти во рацете на правниците, помагајќи им да ја остварат својот цел. Низ историјата, доказните средства, а преку нив и начините на претставување на доказите имаат суштинска улога во пронаоѓањето на вистината и донесувањето на правилните заклучоци. Од античките

---

[139] Шешић, Б. (1962). Логика и научна методологија. Београд, стр. 620.
[140] Витанов, Т. (2017). Исто, стр. 40.
[141] Василевић, Т. (n.d.). Кривичног процесног прага СФРЈ. Београд, стр. 299.
[142] Марина, П. (1979). Кривична постапка на СФРЈ. Скопје, стр. 225.
[143] Витанов, Т. (2017). Исто, стр. 115.

цивилизации до современите правни системи, развојот на правните процедури и техниките за прибирање на доказите открива богата историја на правото и правдата.

Доказната фаза не само што обезбедува правна сигурност, туку и ја овозможува судската инстанца да изгради чист и објективен преглед на случајот. Истовремено, институтот изведување на доказите е од суштинско значење во кривичните постапки. Токму тука се утврдуваат правно релевантните факти кои потоа служат како основа за материјалната и процесната природа на случајот[144]. Во овој контекст се докажуваат следните аспекти:

1. Елементите на кривичното дело и неговата форма: Се истражуваат и докажуваат фактите поврзани со законското битие и сите елементи на кривичното дело, како и начинот на извршување, било тоа да е небрежност, умисла или намера.

2. Извршувањето или пропуштањето на дејствието од страна на обвинетиот: Се анализира како обвинетиот извршил или пропуштил да изврши одредено дејство, вклучувајќи го и степенот на вина.

3. Положбата на обвинетиот: Важно е да се утврди положбата на обвинетиот во однос на делото, дали е кривично одговорен или не.

4. Олеснителни и отежнувачки околности: Се разгледуваат фактите кои можат да влијаат на изрекувањето на казната, како и предходната осуда или предходното добро поведение на обвинетиот.

5. Фактите кои го поништуваат правото на гонење и казнување или ја исклучуваат противправноста: Важно е да се докаже дали постојат фактори што го поништуваат правото на гонење и казнување или противправноста на делото.

6. Околности важни за изрекување на мерки за безбедност: Се истражуваат околности кои имаат влијание врз одлуката за изрекување на мерки за безбедност за обвинетиот или заштита на останатите учесници во постапката.

7. Процесни факти: Се докажуваат и процесни факти кои имаат влијание на постапката и на крајната одлука на судот, што гарантира правична постапка и интегритет на правниот систем и правниот поредок.

Процесот на испитување на доказите започнува со претставување на доказите пред судијата. Обвинителството и одбраната добиваат можност да ги претстават своите докази

[144] Roberts, P., & Zuckerman, A. A. S. (2010). Criminal Evidence. Oxford: Oxford University Press. стр. 50-61.

и да ја аргументираат нивната релевантност пред судијата. Ова вклучува презентација на документи, покажување на физички предмети или испитување на сведоци. Доказната постапка претставува фундаментален дел од кривичниот процес. Не само што обезбедува механизам за изложување на фактите и аргументите, туку и создава основа за судската инстанца да извлече објективни и законски основани заклучоци. Со строгост, објективност и ригорозна примена на правилата, доказната постапка допринесува кон постигнувањето на правда и правично судење. Со цел да се обезбеди уреден редослед на изведување на доказите и имајќи ја предвид улогата на странките во текот на главната расправа и товарот на докажување, ЗКП во Членот 382 го предвидува следниот редослед на претставување на доказите:

Првично се изведуваат доказите на обвинителството и доказите поврзани со имотно-правното барање на оштетениот. Во следниот чекор, следува изведување на доказите на одбраната. Потоа следат доказите на обвинението кои се користат за побивање на доказите на одбраната (реплика). Како одговор на побивањето, одбраната изведува свои дополнителни докази, наречени (дуплика). Од Законот произлегува дека одбраната има последниот збор, што сознава привилегија во корист и полза на обвинетиот, наречена (favor defensionis)[145]. Исто така, во текот на главната расправа секоја од странките може со согласност на другата странка, да се откаже од изведување /на било каков доказ кој бил предложен, член 382 став 2 од ЗКП.

Секоја странка во постапката има слобода да го планира и уредува редоследот, начинот и како ќе ги презентира своите докази што ги обезбедила. Во овој контекст, значењето на редоследот на изнесување на доказите е од суштинско значење за изградбата на нивната "теорија на случајот".

Како што вели латинската изрека: "Festina lente[146]" "брзај пополека" стратегијата на изнесување на доказите бара внимателно планирање и внимателен избор. Најважните докази, кои ја формираат срцевината на случајот, пожелно е бомбастично да се изведат први, за да го привлечат вниманието на судијата.

---

[145] Калајџиев, Г., Мисоски, Б., и др. (2015). Казнено процесно право. Универзитет Св. Кирил и Методи, Скопје, стр. 228-234.

[146]Овој израз се користи како напомена за потребата од баланс помеѓу брзината и вниманието во извршувањето на задачи. Во основа, тоа значи дека, иако е важно да се дејствува брзо, исто така е важно да се одвои време за размислување пред да се донесе одлука или да се преземе одреден чекор. Оваа изрека ја поддржува важноста на важното планирање и рефлексијата пред да се преземе дејствието.

Сепак, понекогаш е мудро да се одложат значајните докази за крај, за да се потенцираат одредени решителни факти што произлегуваат од нив. Од исклучителна важност е да се направи добра стратегија и план како ќе се изведуваат и презентираат доказите, па отука се сугерира доказите со помала релевантност, важност и значење да се изведат во средина, затоа што фокусот и вниманието на судот е помалку концентрирано тука. Изнесувањето на помалку релевантни докази во овие фази може да има значаен ефект врз заклучокот во крајната инстанца[147].

Важни совети и препораки:

1. Запознајте ги правилата за докази: Запознајте се со специфичните правила и процедури за презентирање на докази во судот каде што се одржува судењето. Ова вклучува познавање на приговорите што можат да се поднесат, барањата за автентичност и стандардите за прифатливост[148].

2. Соберете релевантни и веродостојни докази: Идентификувајте и внимателно соберете докази кои ја поддржуваат вашата теза. Осигурајте се дека се релевантни за спорните прашања и веродостојни. Ова може да вклучува документи, записи, сведочења на сведоци, фотографии или други средства за докажување[149].

3. Подгответе ги и организирајте ги вашите докази: Организирајте ги вашите докази јасно и систематски за да ја олесните нивната презентација на судењето. Користете ознаки, индекси или папки за да ги одржувате уредни и достапни. Дополнително, подгответе дополнителни копии на релевантните документи за да ги споделите со судот, адвокатите и инволвираните страни[150].

4. Обезбедете изјави или сведоштва писмено: Ако имате релевантни сведоци, осигурајте се да ги добиете нивните изјави, сведоштва во писмена форма однапред. Ова ќе ви овозможи да ги презентирате нивните сведоштва доследно и кохерентно за време на судењето[151].

5. Одржувајте објективност: При презентирање на доказите, избегнувајте манипулирање или изобличување за да ја поддржите вашата позиција. Доказите треба да

---

147 https://criminal-justice.iresearchnet.com/criminal-justice-process/trial-process/presentation-of-the-prosecutions-case/ (Пристапено на 12.06.2024 година).

148 Allen, R. J., Schwartz, D. S., Pardo, M. S., Stein, A., & Finkelstein, V. J. (2023). Analytical approach to evidence: Text, problems, and cases, Aspen Publishing, стр. 120-135.

149 McCormick, C. T., Brown, K. S., & Broun, K. S. (2020). McCormick on evidence. Thomson Reuters, стр. 45-60.

150 Sonnenstein, M. S. (2019). Evidence: Cases, commentary, and problems. Aspen Publishing, стр. 78-90.

151 Mueller, C. B., & Kirkpatrick, L. C. (2018). Evidence under the rules. Aspen Publishing, стр. 200-215.

бидат презентирани објективно и чесно, дозволувајќи му на судот да ја оцени нивната тежина и веродостојност.

Кога станува збор за изведување на доказите и испитување на сведоците, ЗКП во член 383, во врска со 384 дозволува три различни начини на испитување: директно, вкрстено и дополнително. При директното испитување, странката која го предложила сведокот, вештакот или техничкиот советник го испитува прва. Вкрстеното испитување потоа го врши спротивната страна, додека дополнителното испитување го изведува повторно страната која го повикала сведокот, вештакот или техничкиот советник . За да се разбере целосно начинот на испитување, како и смислата и значењето на дирекното, вкрстеното и дополнителното испитување, потребно е да се образложат сите погоре спомнати основни облици на испитување кои се дополнуваат и создаваат комплетна слика. Бидејќи странките имаат активна улога во испитувањето, треба да се анализираат и образложат трите облици од перспектива на двете спротиставени страни и тоа од страна на обвинителот и од страна на обвинетиот, бранителот. За успешно испитување, секоја странка треба да го подготви својот сведок за директното и вкрстеното испитување.

Но пред да преминеме кон испитувањето на сведокот важно е да се напомене дека во многу правни системи, вклучувајќи го и нашиот кривично правен систем, на сведоците не им е дозволено да присуствуваат на главната расправа пред да бидат повикани да го дадат своиот исказ. Поточно кажано одкако сведокот бил уредно повикан во смисла на член 218 од ЗКП од страна на судот на точното определено време и место каде што се одржува главната расправа, истиот најпрво ќе биде идентификуван од страна на судијата за да се утврди точниот идентитет, а потоа ќе биде замолен да биде во друга просторија, се додека не биде повикан за да го даде својот исказ. Ова правило се применува со цел да се обезбеди објективноста и непристрастноста во изложувањето на исказите од страна на сведоците.

Покрај различните придобивки и предности од горепоменатото како најважни можам да ги издвојувам следниве:

Се обезбедуваат и се избегнуваат потенцијалните влијанија: Со тоа што сведокот не присуствува на расправата пред да го даде својот исказ, се намалува ризикот од било каков вид на можни потенцијални влијанија или влијателни настани кои можат да делуваат позитивно или негативно на неговиот исказ кој што ќе треба да го даде.

Се обезбедува непристрастноста: Ова му овозможува на сведокот да го изложи својот исказ, без да почуствува било какви влијанија или притисоци што може да ги искуси додека е присутен во судницата.

1. Се обезбедува објективноста на сведочењето: Сведокот, кога излегува од судницата не може да забележи детали и информации за што поточно се расправало, со ваквиот начин се избегнува можноста да даде пристрасен исказ, а се зголемува можноста за објективен, обогатен, покомплетен и точен исказ.

Согласно Законот за кривичната постапка, сведоците се испитуваат одделно, што значи дека во претходна постапка кај јавниот обвинител секој сведок се испитува одделно, без присуство на друг сведок, за разлика од главната расправа каде што сведоците одкако го дале својот исказ може да присуствуваат на главната расправа доколку судијата не одлучи поинаку (чл.389 од ЗКП). При испитувањето, сведокот го дава својот исказ усно, меѓутоа, во случаи кога сведокот е нем или глув (непристапен), исказот може да се даде писмено (чл.221 и чл.211 од ЗКП).

Пред да започне со испитувањето, судот е должен да го упати сведокот дека е задолжително да ја зборува вистината и да не премолчува ништо. На сведокот му се истакнува и нагласува дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело согласно членот 367 од Кривичниот Закон[152]. Сведокот дава заклетва пред сведочењето, која гласи: "Се колнам во својата чест дека за се што ќе бидам прашан ќе зборувам вистина и дека ништо што сум видел и слушнал нема да премолчам." При испитувањето, сведокот се информира и за неговото право да не одговара на одредени прашања ако тоа може да го изложи на тежок срам, материјална штета или кривично гонење (чл.216 од ЗКП). Ова предупредување мора да биде внесено во записникот за да се смета дека исказот е земен на законит начин.

Испитувањето на сведокот започнува со земање на генерални информации за неговата идентификација, како името, презимето, името на таткото, занимањето, престојувалиштето, местото на раѓање и возраста. Потоа, сведокот се прашува за неговиот однос со обвинетиот и оштетениот, дали се во некакво сродство, дали се во лоши односи, скарани и слично. Исто така, судот го предупредува сведокот дека треба да го извести ако промени адресата на престојувалиштето или живеалиштето.

---

[152] Камбовски, В. (2016). Коментар на Кривичниот Законик. Скопје: Матица, стр. 1183-1188.

Важно е да се истакне дека при испитување на сведок, не е дозволено користење на измама, ниту поставување на прашања кои што веќе се одговорени.

Сведокот треба да одговара прецизно, едноставно и искрено на прашањата во текот на испитувањето, без да дава лажен исказ, без да преувеличува факти во полза и поддршка на странката што го повикала. Тој треба да делува стабилно, да не е вознемирен, да не делува конфузно, збунето или уплашено при испитувањето. Затоа што на тој начин ќе преовладува несигурноста во она што ќе го говори[153]. Од друга страна пак, спротивната странака треба активно, мудро и внимателно да го следи исказот на сведокот да фаќа прибелешки, да го следи говорот на телото, невербалната комуникација затоа што токму телото на сведокот може да ни открие доколку истиот нешто крие, преувеличува или лаже, на тој начин ќе знаеме во кои сегменти и каде да ги насочиме нашите прашања, а се со цел целоста или делумна дискредитација[154].

Кога зборуваме за лажењењето и невербална комуникација, често позната и како невербално однесување на телото преку кое се пренесуваат многубројни информации токму како изкажаниот збор, со таа разлика што се постигнува со изразот на лицето, со определена гестикулација, со допирање, физички движења, држење на телото, тон, боја и јачина на гласот[155]. Кога некој нешто прикрива, преувеличува или лаже, лимбичкиот мозок на човекот може да реагира на различни начини. Амигдалата, е дел од лимбичкиот мозок и е поврзана со обработката на стравот и емотивните реакции. Истата се активира поради нецелосното, неадекватното, прикриено или лажното сведочење, што предизвикува некои невербални сигнали како напнатост, избегнување на контакт со очите, потење, чешање на носот, вратот или коса та, мрдање со нозете, гризење на усните, нервоза, зацрвенетоста и други слични појави или знаци. Затоа е мошне значајно да се употребуваат сите сетила, за да се процени подобро сведокот, и да се "скрши онаму каде што е најслабо"[156].

---

[153] Swaab, R. I., Maddux, W. W., & Sinaceur, M. (2011). Interpersonal Communication in Negotiation. Annual Review of Psychology, 62, стр. 337-362.
[154] Goldstein, H. (2006). The witness preparation handbook: The do's and don'ts of preparing for court. ABA Publishing, стр. 22-25.
[155] Наваро, Џ. (2020). Што кажува секое тело: прирачник за брзо "читање" на луѓето од поранешен агент на ФБИ. Издавачки центар ТРИ, стр. 12-31.
[156] Walker, A. G. (2006). Nonverbal communication in courtroom contexts. In Handbook of Forensic Psychology. Wiley, стр. 45-60.

"Кога некој се обидува да ја прикрие вистината, неговото тело ќе го издаде повеќе од неговите зборови."

"Невербалните сигнали тешко се прикриваат и никогаш нема да не измамат. Телото е најискреniот сведок на вистината."

Од погоренаведеното произлегува дека ефикасното поставување прашања од страна на странките е исклучително важно во оваа фаза од постапката, тоа треба да демонстрира вештини на анализирање, обраќање и поставување на прашања кон претходно изнесените информации од страна на испитаникот, при што прашањата треба да се однесуваат на подготвените аргументи со кои настапува странката. Треба да се внимава што кажал испитаникот, на кој начин кажал, дали излегува од рамките на своите перцепции и започнува да изразува сопствени мислења и толкувања, и во дадениот момент да се намали вредноста на така дадениот исказ. Многу подетално за ова ќе говориме во директно, вкрстено и дополнително испитување.

2.9. Директно, вкрстено и дополнително испитување

Директното испитување "Examinatio directa" е еден од облиците кое има за цел да се добијат информации за настанот преку испитување на сведоците што ги предложила некоја од странките во кривичната постапка. Оваа фаза на испитување вклучува:

- Подготовка и испитување на сведоците што ги предложила самата страна, бидејќи тоа е основа за нивното вкрстено испитување понатаму.
- Поставување на кратки отворени прашања кон сведоците, вештаците или толкувачите, со цел добивање на детални и долги одговори.
- Прашањата треба да се базираат на основа на фактите на случајот и да се доведат во врска со претходните одговори кои се веќе дадени и елаборирани.

При ова испитување, првично сведокот треба да се претстави, објаснувајќи кој е тој и зошто неговото сведоштво е релевантно. Потоа, странката што го предложила сведокот треба да му поставува прашања постапно, првично се поставуваат прашања кои го насочуваат кон конкретниот кривичноправен настан, а потоа се поставуваат прашања со

цел извлекување на сите можни информации што ги поседува сведокот, а кои се важни за случајот.

Директното испитување е победното оружје кое, доколку е вешто употребено, може да ја просветли вистината во било кои кривично правени случаи. Во оваа фаза, правникот мора да биде апсолутно подготвен, да го употреби секое прашање како шаховски потег, така што секое наредно прешање ќе се надоврзува на предходното прашање и одговор, од кој ќе произлезе комплетна, цврста, бетонирана целина и заокружена приказна, односно исказ. Со ваквиот начин ќе се оневозможи спортивната странка, да има адекватно вкрстено испитување, што значи ќе го матирате противникот[157]. Токму Аристотел ќе наведе дека "Кога нечиј аргумент не може да се оспори тогаш се верува дека тука е наведен такмерион, како нешто што е докажано и завршено"[158].

Странките секогаш треба да водат сметка и за тоа дали од сведокот што го предложиле, може да се добијат податоци кои не се поволни за нивната теорија на случајот, затоа најдобро е таквите прашања да ги осмислат добро и да ги презентираат самите во текот на сопственото директно испитување, а се со цел да се одбегне дискредитирањето на сведокот во текот на вкрстеното испитување по тие основи, затоа што спротивната странка ќе биде многу посурова во поглед на поставување на прашањата[159]. Важно е на секое "лонче да се има капаче"!!!.

Вештината на директното испитување лежи во способноста да се гради приказна преку исказите на сведокот, што ќе ја поткрепи тезата која ја застапуваме и браниме[160].

Се ова може да се постигне преку предходно одлично спремање и разговарање со сведокот. Под предходно спремање, се подразбира процес на подготовка и информирање на сведокот пред неговото појавување на судот и давањето на изјавата. Ова спремање има за цел да го подготви сведокот за испитувањето, да му ги обезбеди потребните информации и средства за ефикасно и убедливо сведочење.

Под предходно спремање се подразбираат следните аспекти:

---

[157] Lubet, S. (2010). Modern trial advocacy: Analysis and practice. National Institute for Trial Advocacy, стр. 87-105.
[158] Аристотел. (2010). Реторика. ТНИД Ѓурѓа, Скопје, стр. 19-20.
[159] Ogletree, C. J., & Sullivan, R. S. (2021). Trial advocacy and witness preparation. Harvard Law Review, 134(2), 245-269.
[160] Friedland, S. I. (2007). Evidence law and practice. LexisNexis, стр. 145-160.

1. Информирање за постапката: Сведокот се информира за процесот на судење, неговите права и одговорности, како и за тоа како ќе изгледа самото сведочење, каков вид на испитувања има, како би го испитувала спротивната странка. Ова му овозможува да биде подготвен и опуштен пред судот и би знаел што може да го очекува.

2. Подготовка за испитување: Сведокот се подготвува за видот на прашања кои може да му бидат поставени од странката која го повикала. Ова вклучува вежбање на одговори, како и подготовка за евентуални притисоци преку прашањата од спротивната странка. Особено е важно сведокот да биде поттикнат да внимава на поставените прашања, да не почне да брза со давање на одговорите и да се обиде да даде концизни и јасни одговори на поставените прашања.

3. Искреност и точност: Подготовката на сведокот во ниту еден момент, во ниту еден сегмент, во ниту еден случај не смее, ниту треба да се одвива во насока на давање на лажни, измислени, непрецизни, преувеличени или прикриени информации. Важно е да се избегне ситуацијата во која сведокот би бил наведен да даде неточни или конструирани одговори. Ако сведокот не го знае одговор на поставеното прашање или не се сеќава добро на околностите, треба искрено да ја признае својата несигурност и да изрази непознавање или несеќавање. Целта на подготовката е да му овозможи на сведокот да даде искрен и точен исказ за настанот, обезбедувајќи дека сведокот ќе биде во можност да ја искаже, зборува вистина, да раскаже, објасни и опише се што знае, видел и слушнал, и дека нема да премолчи ништо. На овој начин подготовката ќе биде од корист за теоријата на случај, а истовремено ќе се запази објекнивноста.

4. Управување со стресот и емоциите: Сведоците може да се соочат со различни емоции и стрес кога сведочат пред суд. Подготовката вклучува техники за управување со стресот и емоциите, како и разговори за тоа како да останат смирени и фокусирани за време на сведочењето.

5. Вежбање на комуникациските вештини: Сведоците може да бидат подготвени за комуникацијата со странките и судот, преку вежбање на јасно изразување, добра дикција и употреба на невербалната комуникација за поддршка на нивните изјави.

6. Разбирање на процесот на судење: Подготовката вклучува и разбирање на процесот на судење, како и на улогите на различните учесници во постапката. Ова помага на

сведокот да го разбере неговиот контекст и да се чувствува удобно во судницата додека го дава својот исказ.

7. Инструкции за постапување на судот: Сведокот може да добие инструкции за тоа како да постапи пред судот, како да се однесува кон судијата и кон претставниците на обвинителството и одбраната[161].

Добрата подготовка исто така подразбира., да не се користат зборовите "јас верувам", "јас сметам" или "јас мислам" од страна на сведоците, ваквите зборови мора целосно да се избегнуваат. Изразувањето на сопствените верувања и мислења од страна на сведокот е погрешно и токму тука ќе го изгуби кредибилитетот, затоа што спротивната странка и те како тоа ќе го употреби при вкрстеното испитување за побивање и намалување на доказната вредност на исказот. Истово треба да се избегнува од бранителот, јавниот обвинител, како и од страна на вештакот, техничкиот советник или толкувачот. Ова е неприфатливо и погрешно[162].

Есенцијално е да се фокусираме на објективните факти и докази, а не на личните убедувања, ставови или мислења. Сведоците треба да се концентрираат на она што го знаат, виделе или слушнале а не на своите лични интерпретации или убедувања. Притоа, сите треба да го избегнуваат користењето на изразите кои што се наведени погоре бидејќи овие изрази можат да се толкуваат како субјективни ставови, што не е соодветно во судскиот контекст. Во кривичната постапка, главниот фокус треба да биде на објективната вистина и правдата, а не на личните убедувања, мислења или ставови[163].

Перманентно и во насока со предходно кажаното, од исклучителна важност и значење се "Визуелните помагала!" – Најголемиот број од кривичните постапки се водат токму преку сведоците. За секој добар правник, визуелните помагала се неопходен дел од сопствената стратегија и презентација. Сликите, графиконите, дијаграмите но и други помагала имаат моќ да пренесат порака која илјадници зборови не можат. Затоа, вежбајте ги вашите вештини, вежбајте го говорот и реториката, искористете ги визуелните помагала со мудрост за да поентирате преку вашите аргументи на јасен, убедлив и недвосмислен начин.

---

[161] Mosteller, R. P. (2013). The art of witness examination: Direct and cross-examination techniques. Duke Law Journal, 62(3), стр. 350-402.
[162] Smith, J. (2018). The Role of Direct Examination in Criminal Trials. Journal of Criminal Law, 45, стр. 123-145.
[163] Anderson, M. (2021). The Psychology of Witness Testimony. Psychology and Law, 36, стр. 400-422.

Странките треба да бидат внимателни и да го следат целиот тек на испитувањето со внимание како што наведов погоре. Затоа што на тој начин ќе може да дадат во вистинско време приговори. Што значи, странките треба да бидат постојано будни и да реагираат веднаш по поставеното прашање. Ова овозможува да се спречи можноста да биде даден одговор од сведок, затоа што таквата информација може да влијае врз исходот на постапката. Приговорите се од суштинско значење, играат важна улога во процесот на испитување на сведокот и интересите на странките во постапка. Крајната цел на приговорите е да се заштити теоријата на странката, но и објективно да се испита сведокот. Ова значи дека странките треба да бидат внимателни и предвидливи во своите приговори, за да го одржат интегритетот на постапката.

Кога говориме за приговори во текот на дирекното испитување тие може да настапат:

- Доколку странката поставува наведувачки прашања.
- Доколку странката поставува прашања на кои веќе сведокот дал одговори.
- Доколку странката поставува прашања во кои постои одреден предмет, временска прилика, ситуација, просторија, збор или реченица, одредени околности што сведокот сеуште не ги соопштил ниту ги кажал предходно во својот исказ.
- Доколку странката бара мислење, став од сведокот.

Примери:

- Додека врнеше дошт во кој правец тргнавте да се движите..? а сведокот сеуште не кажал дека врнело..
- Додека бевте во дневната соба каков звук слушнавте..? а сведокот сеуште не споменал дека бил во дневната ниту дека слушнал звук..
- Каква боја беше автомобилот..? а сведокот сеуште не споменал никаков автомобил.
- Кажете ми ваше мислење за настанот..?
- Дали вие верувате дека возможно е..

Вака поставените прашања се погрешни и веднаш треба да се приговара по истите.

Преку директното испитување се обработуваат аспектите на настанот кои одговараат на прашањата: кој е сторителот на кривичното дело, каде и кога се случил настанот, како е извршено кривичното дело, со кого соработувал сторителот, кој е мотивот за делото, дали и како жртвата имала влијание врз случајот, какви се последиците и штетите

предизвикани од настанот и друго. Значи се става акцент на утврдување на фактите и околностите поврзани со кривичноправниот настан[164]. Во овој дел од судската постапка, не е дозволено да се поставуваат прашања кои наведуваат на одговор, освен ако има потреба да се појаснат изјавите на сведокот. Ако сведокот даде нејасни изјави, судијата може да дозволи поставување на наведувачки прашања за да се разјаснат нејасностите[165]. Примерно, странката може да каже: „Рековте дека...“ и да го повтори исказот на сведокот, пред да постави конкретно прашање за појаснување.

Основните прашања при директното испитување треба да бидат кратки, јасни и едноставни, следејќи логичен редослед. Според првичното време и место на настанот, сведокот првично се прашува за „кој“, „каде“ и „кога“. Потоа следува прашање „што“, за дејството кое сведокот го видел или слушнал. На крај, следуваат прашањата „зошто“, „како“ и „објаснете“, за да се добие подетален опис на настанот и неговото значење.

Примери:

"Можете ли да опишете што сте виделе на местото на настанот?"

"Можете ли да ни ги опишете деталите на дејството, доколку ги помните?"

"Кажете ми дали можеби нешто видовте или слушнавте пред настанот?"

"Можете ли да опишете како изгледаше околината во моментот кога се одвиваше настанот?"

Од исказот на сведокот посебно предизвикувачка ситуација се појавува кога сведокот, кого го предложила одредената страна за директното испитување, почнува да се однесува непријателски кон таа страна, односно се врти против тој што го предложил и се претвора во таканаречениот „непријателски сведок“ (hostile witness), односно сведок кој ја поддржува спротивната страна. Во таква ситуација, страната која го предложила сведокот има право да истакне и обелодени информации што лицето ги изложило на странката во претходни стадиуми на процесот (истражни дејства од страна на обвинениот или одбраната) и може да бара од судот да продолжи со вкрстено испитување на сведокот[166].

Повторното директно испитување (re-direct examination) се спроведува по тоа кога спротивната страна го испитала сведокот во вкрстено испитување, а во текот на тоа го

---

[164] Friedland, S. I. (1990). The Comparative Law of Direct and Cross-Examination. American Journal of Comparative Law, 38(2), стр. 259-287.

[165] Capra, D. J. (2014). The Law of Evidence and the Direct Examination of Witnesses. Fordham Law Review, 82(4), стр. 1463-1492.

[166] Калајџиев, Г., & Бужаровска, Г. (2010). Вкрстено испитување, прирачник за практичари. ОБСЕ, стр. 19.

навела сведокот да одговори на прашања за факти за кои сведокот воопшто не бил испитан во текот на директното испитување, или кога успеала да го намали значењето на исказот што го дал сведокот во текот на директното испитување.

Следно е вкрстеното испитување "Examinatio per incrocio" или "Examinatio per crucem" кое пак, претставува шанса да се испитаат сведоците кои ги предложила спротивната страна. Овој вид на испитување бара специфична, умешна, мудра, интелегентна подготовка и знаење. Вкрстеното испитување се однесува на информациите што ги изложил сведокот во текот на директното испитување. Во суштина, изјавата на сведокот во директното испитување, е услов за поставување на прашањата во текот на вкрстеното испитување[167]. Од ваквата фактичка состојба произлегува дека можеме да поставуваме прашања само на предходно дадените одговори кој што ги дал сведокот во текот на дирекното испитување. Значи не е основа за нови објаснувања, околности и елаборации.

Во текот на вкрстеното испитување ја поставуваме и реализираме нашата власт врз исходот на постапката. Така, со грациозноста на воинот и со мудроста на старецот, идентификувајте ги најслабите точки во исказот на сведокот, но истовремено фокусирајте се и на невербалните негови однесувања. Се со единствена цел, а тоа е уништување, разнишување на доказната вредност на спротивната странка. Треба да го доведете сведокот до таква точка, од која ќе произлезе јасно неговата несигурност во она што го говорел и зборел во текот на дирекното испитување. Поентата, целта и намерата ни е да го разоружаме и да го намалиме неговиото влијание[168].

Грчкиот антички филозоф Платон кажал одличен цитат: " Мудрите зборуваат затоа што имаат што да кажат, будалите затоа што мораат да кажат нешто[169]." Во контекст на вкрстеното испитување, оваа изрека ќе ја толкувам во насока на правилно формулирање на реченицата и потребата од смислена, логична комуникација. Во вкрстеното испитување, адвокатите или обвинителите треба да бидат свесни за тоа дека секое прашање што го поставуваат треба да има смисла и цел која сакаат да ја постигнат. "Мудриот човек", или во овој случај, "испитувачот", говори затоа што има конкретна цел и насока за да ја истражи вистината и да поентира во случајот. Наспроти ова, "будалиот", или тука,

[167]Marcus Stone, "Cross-examination in Criminal Trials", Publishing 2009, стр.1
[168] Pozner, Larry S., и Roger Dodd. Cross-Examination: Science and Techniques. 2013.
[169] https://www.goodreads.com/quotes/11219012-wise-men-speak-because-they-have-something-to-say-fools

неквалитетниот "испитувач", со своите тривијални прашања, без потребно ќе го троши времето, кое се разбира ќе биде проследено со нејаснотии, повторувања на реченици, излитени фрази и збунетост. Затоа мора да се истакнат, само и единствено слабостите кај противникот, да се постават прашањата на начин и во контекст подобен и поволен за сопствената теорија на случајот. Само таквите прашања би имале огромен ефект.

Во оваа насока, изреката на Кинескиот филозов Конфучиј: "Најтешко од се е да се најде црна мачка во темна соба, особено ако таму воопшто нема мачка,[170]" ја толкувам како предупредување и потреба од целосна фокусираност за време на вкрстеното испитување. Испитувачите треба да избегнуваат да бараат нешта што не постојат или да поставуваат прашања без основа, бидејќи тоа само ќе ја замагли вистината и ќе го оддалечи вниманието од суштината. Наместо тоа, испитувачите треба да се концентрираат на релевантни и добро поткрепени прашања кои ќе ја разјаснат вистината, поточно ќе го дискредитираат и обезвреднат исказот на сведокот. Впрочем, улогата на вкрстеното испитување е токму тоа.

Внимавајте да не се сопнете и паднете во замката на одговорите кои што ќе ги добиете од страна на сведокот, а кои одговори, информации не се во согласност со вашите аргументи, вашата теорија на случајот, поточно истите одат на ваша штеда. Никако, вие на така дадените одговори не треба да ги изговарате зборовите "доброоооо", "во реддд", "суперрр", "да продолжиме со следното прашањеее". Нелогично е да употребувате вакви зборови одкако ќе добиете одговори кои не одат во ваша полза, од ова само ќе произлезе вашата несигурност, слабост, немање на стратегија, цел, визија како да поентирате[171]. Затоа, целосно избегнувајте ги овие зборови во текот на вкрстеното испитување. Вашата цел е да го контролирате исказот на сведокот и да ги доведете заклучоците во ваша полза, само така ќе имате успешно вкрстено испитување[172].

За време на вкрстеното испитување, изберете дали ќе бидете кавгаџија или тивок убиец преку вашата комуникација. Внимавајте каков фокус, и каква интенција имате. Одберете правец во смисла на тоа да се натпреварувате или да се конфронтирате. Во најголем број случаеви советите на добрите правници се да прибегете кон смиреност и

---

[170] Конфучиј. (2023). Првите десет книги: Извадоци од Аналектите (551-479 г. пр.н.е). Скопје: Икона, стр. 77.
[171] Adams, L. (2016). *Maintaining Control in Cross-Examination: Strategies for Effective Questioning.* Journal of Legal Practice, 29(3), стр. 345-360.
[172] Harris, J. (2020). The Role of Communication in Successful Cross-Examination. Psychology, Crime & Law, 27(4), стр. 523-538.

преку тактиката на "опуштен разговор" да го освоите умот на сведокот, на тој начин да ги извлечете информациите од него, кои што вам ви се потребни[173]. Затоа бидете како "тивката вода брегот што го рони".

Вашите зборови се важни и треба да бидат разбрани, затоа користете едноставни реченици, вашиот тон користете го како алатка за извлекување на посакуваната поента. На крајот на денот, не се справуваме со мистерија, туку со споделување информации, и тоа бара стратегија, вежба во комуникацијата. Прашањата што ги поставуваме треба да бидат смислени и да се надоврзуваат како сложувалка, несмее и нетреба да бидат хаотично формулирани, затоа што нема да бидат соодветно одговорени. Кога ги користиме нашите зборови, треба да комплетираме камче, по камче целосен мозаик преку прашањата, без да ја комплицираме додатно ситуацијата[174].

Преку вкрстеното испитување спротивната страна секогаш се обидува да го прикаже сведокот како лице на кое не може да му се верува. Воедно, се исактнуваат неговите физички недостатоци, како на пример, ослабен вид, слух, намалени моторички способности и други, доколку таквите информации се значајни за случајот, а сето тоа доколку произлезе од дирекното испитување[175]. Целта на овој тип испитување е да се создаде впечаток дека изјавата дадена за време на директното испитување не е целосна, проткаена е со нејасности, неповрзани фактии содржи претпоставки, мислење, ставови од страна на сведокот[176].

Како што е спомнато и погоре за време на вкрстеното испитување, се користи изјавата што ја дал сведокот во текот на директното испитување и поради овие причини секогаш се поставуваат прашања кои го потсетуваат на она што го истакнал во текот на директното испитување. Прашањата се формулираат најчесто да мораат да се одговорат кратко и јасно со "да" или "не", што значи се поставуваат наведувачки прашања. Значи има огромна

[173] Clark, P. & Davis, M. (2018). Aggressive vs. Subtle: The Effectiveness of Different Cross-Examination Techniques. International Journal of Law and Psychology, 29(1), стр. 89-103.
[174] Benson, R. (2018). The Impact of Response Strategies on Cross-Examination Outcomes. Legal Communication Quarterly, 25(2), стр. 123-137.
[175] Green, S. (2016). Strategic Questioning in Cross-Examination: Balancing Aggression and Subtlety. Journal of Forensic Practice, 18(4), стр. 254-268.
[176] Brown, M. (2019). The Role of Cross-Examination in Highlighting Ambiguities and Assumptions in Witness Testimony. Legal Practice & Procedure, 24(3), стр. 198-214.

разлика со директното испрашување каде се објаснува и елаборира кривично правната ситуација преку отворени прашања[177].

По успешното вкрстено испитување, доаѓа дополнителното директно испитување каде што страната што го предложила сведокот повторно се активира и му овозможува на сведокот да даде дополнителни појаснувања и објаснувања.

Законската можност за вкрстено испитување не наведува автоматски дека треба да се искористи. Важно е претходно да се процени дали тоа ќе биде корисно, односно да се разгледаат сите факти од конкретниот случај и да се размисли за можните исходи. Оценувањето на важноста на сведокот, неговиот исказ, како и ризиците поврзани со вкрстеното испитување, се дел од процесот пред да се донесе одлуката за негово спроведување[178].

За изработка на ефикасен план за вкрстено испитување, неопходна е претходна припрема, слична на таа за директното испитување, во смисла на добро подготвување на сведокот. Ова вклучува целосно разбирање на случајот, анализа на сите факти и преглед на одговорите на сведокот. Овој процес е важен за одредување на целта на вкрстеното испитување и начинот како да се постигне.

Почетокот на вкрстеното испитување често може да биде со краток опис на случувањето, при што сведокот се наведува на начин да се превземе контрола врз сведокот. Во оваа фаза, се користат наведувачки прашања кои водат кон потребните одговори, за разлика од директното испитување каде тоа не е дозволено.

При поставувањето на прашањата, важно е да се обидете да бидете кратки и јасни. Не се поставуваат прашања на кои не се знае одговорот, и не се дава можност за објаснување или повторување на исказот од директното испитување. Вкрстеното испитување е ограничено на конкретни области, затоа не дозволувајте сведокот да продолжи со објаснување, обидете се да го прекинувате веднаш штом истиот ќе почне да објаснува, истовремено обидете се да не влезете во конфликт и расправија со сведокот. На крајот,

[177] Вкрстено испитување, прирачник за практичари, Калајџиев Г, Бужаровска Г, ОБСЕ, 2010, стр.21
[178] Smith, R. (2018). Strategic Considerations in Cross-Examination: Balancing Risks and Benefits. Legal Theory and Practice, 22(4), стр. 415-432.

заклучното прашање го истакнува централниот дел на разговорот и се става како завршно прашање[179].

Кога се врши вкрстеното испитување, од огромна полза и корист можат да бидат насоките кои ги има дадено Irving Younger[180], тој бил американски адвокат и професор по право, познат по својата експертиза во областа на кривичното право и кривичната одбрана. Тој ја развил теоријата за успешно водење на кривичната одбрана и ја претставил во неговите обуки за адвокати. Younger исто така бил познат како популарен говорник на правни конференции и семинари, каде ги споделувал своите совети и техники за успешно изведување на кривичната одбрана. Irving Younger навел дека при вкрстено испитување треба да се има особено во предвид следново:

- Се поставуваат наведувачки прашања,
- Одговорот треба внимателно да се слуша,
- Со сведокот не треба да се расправа,
- На сведокот не му се дозволува да објаснува,
- Испрашувањето на сведокот треба да биди ограничено,
- Никогаш сведокот не треба да се прашува за се,
- Испитувањето не смее да се заврши со слаба поента,
- Никогаш да не се повторува директното испитување, и
- Никогаш не се дава до знаење дека сведокот ви го ,,минирал,, случајот.
- Сочувајте ги заклучоците за завршни зборови

1. Се поставуваат наведувачки прашања:

Поставувањето на наведувачки прашања е техника која се користи во кривичната постапка или одбрана за да се ориентира и води испитувањето на сведокот во посакуваната насока. Овие прашања се одвиваат во насока да се добие краток и конкретен одговор, што овозможува на испитувачот да ја контролира комуникацијата и да ги добие потребните информации за сопствениот случај[181].

2. Одговорот треба внимателно да се слуша:

---

[179] Carter, J. (2018). Strategies for Effective Cross-Examination: Clarity and Precision in Questioning. Journal of Courtroom Techniques, 26(3), стр. 210-225.
[180] МВР на РМ, БЈБ, Центар за обука, OSCE. (2012). Прирачник за закон за кривична постапка. стр. 81.
[181] Friedland, S. I. (2003). Lying, Misleading, and Cross-Examination. New York University Law Review, 78(6), стр. 1021-1067.

Внимателното слушање на одговорот што го дава сведокот е исклучително важно во судскиот контекст. Секој детал на даденот одговор може да биде значаен и да се искористи за изградба на случајот на одбраната. Затоа, адвокатот или обвинителот треба да бидат внимателни, фокусирани и со остроумност да го слушаат одговорот на сведокот.

3. Со сведокот не треба да се расправа:

Конфронтација, расправа со сведокот во судскиот процес воопшто не е препорачливо. Таквото постапување може да доведе до загуба на контрола врз ситуацијата, а исто така може да создаде негативен впечаток кај судот. Затоа, адвокатот треба да се фокусира на поставување на прашања и да избегнува било каква форма на расправа со сведокот.

4. На сведокот не му се дозволува да објаснува:

Во судскиот процес, на сведокот не треба да му се дозволи било каква можност да продолжи со дообјаснување на одговорот. Ова му овозможува на сведокот да го докомплетира или обликува исказот на начин, насока и во полза на спротивната странка, затоа по поентирањето од ваша страна на секој даден одвогов при вкрстеното испитување, прекинете го сведокот, како не би можел да се произнесува со долги одговори и да изнесува дополнителни информации.

5. Испрашувањето на сведокот треба да биде ограничено:

Испрашувањето на сведокот треба да биде фокусирано на ситуациите и информациите кои се релевантни за случајот. Ограничувањето на испитувањето помага во одржување на фокусот и вниманието само и единствено на прашањата и конкретните јасни одговори, затоа ограничете ја дополнителната форма на дополнување или објаснување[182].

6. Никогаш сведокот не треба да се прашува за се:

Испитувањето на сведокот треба да се фокусира на конкретните аспекти на случајот и на релевантните информации. Поставувањето на општи или неспецифични прашања може да го усложни процесот и да го направи неефикасен.

7. Испитувањето не смее да се заврши со слаба поента:

Испитувањето на сведокот треба да биде завршено со јасна и силна заклучна поента која ги истакнува основните аспекти на случајот во корист на одбраната. Завршувањето со

[182] Fisher, G. (1997). The Ethical Boundaries of Attorney Speech during Cross-Examination. Harvard Law Review, 110(8), стр. 1901-1940.

слаба поента може да ја намали ефикасноста на кривичната одбрана и да доведе до негативни последици за случајот.

8. Никогаш да не се повторува директното испитување:

Повторувањето на прашања или информации од директното испитување може да го забави процесот и да го намали ефектот на одбраната. Затоа, адвокатот треба да избегнува да повторува прашања или информации кои веќе биле дадени во текот на директното испитување.

9. Никогаш не се дава до знаење дека сведокот ви го ,,минирал,, случајот:

Сопствената стратегија треба да биде внимателно планирана и изведена, без да се даде до знаење дека сведокот ви го ,,минирал,, случајот. Ова помага во оддржување на авторитетот и интегритетот на одбраната и може да има позитивно влијание врз исходот на случајот.

10. Сочувајте ги заклучоците за завршни зборови:

Крајните заклучоци и поенти оставете ги за завршниот збор. Ефектот на едно добро подготвено, јасно и едноставно вкрстено испитување, кое не дава избрзани заклучоци, најдобро се постигнува и се обезбедува при завршните зборови, кога се заокружува целиот случај[183].

Дополнителни совети:

1. Подгответе се добро: Пред да започнете со судското испитување важно е да се подготвите добро. Истражете ја документацијата за случајот, анализирајте ги исказите кои се дадени во текот на истражната постапка, проучете ги релевантните закони.

2. Изградете добар однос со сведоците: Обидете се да изградите добар однос со сведоците пред судот. Бидете внимателни, мудри со вашето прашање, и посветете внимание и фокус на дадените одговори.

3. Контролирајте го времето: Во судската сала времето е скапоцено. Поставете прашања што ќе доведат до брзи и прецизни одговори, и обидете се да го контролирате темпото на испитување[184].

[183] Вкрстено испитување, прирачник за практичари, Калајџиев Г, Бужаровска Г, ОБСЕ, 2010, стр. 98-100.
[184] Anderson, J. (2017). Effective Preparation Strategies for Criminal Proceedings. Journal of Legal Studies, 34(3), стр. 215-232.

4. Избегнувајте емотивни реакции: Како професионалец во кривичната област треба да останете објективни и професионални во секое време. Избегнувајте емотивни реакции и фокусирајте се на фактите и правните аргументи[185].

5. Подгответе се за променливи сценарии: Во судскиот процес, сценариите може да се променат брзо. Подгответе се за неочекувани промени и адаптирајте се брзо.

6. Внимавајте со јазикот: Внимавајте со изразите и јазикот што го користите пред судот. Избегнувајте контроверзни, лични напади кон сведокот или неадекватни, несериозни изјави, обидете се да го одржите вашиот тон професионален.

7. Секогаш кога е потребно консултирајте се со колеги или експерти: Ако имате било какви сомневања или прашања, консултирајте се со вашиот правен тим или со експерти во областа која е потребна за ваш конкретен кривично правен предмет кој го застапувате. Имајте во предвид дека тимската работа може да доведе до подобри резултати, поточно крајниот исход кој го посакувате[186].

За успешно реализирање на вкрстеното испитување, е најдобро да се изработи план за неговото одвивање. Во тој план треба да бидат вклучени темите или деловите од исказот на сведокот кои ќе бидат објект на вкрстеното испитување, како и поентите кои се очекува да произлезат од таа процедура. Следно, треба да се утврди редоследот на темите и конкретните прашања што ќе бидат поставени за секоја тема.

Дискредитирањето на сведокот е важен аспект од вкрстеното испитување. Можете да го дискредитирате сведокот преку нејасното или нецелосното негово сеќавање, неговата нецелосна перцепција, на тој начин искористувајќи ги факторите како што се времето поминато од настанот, неодреденоста во неговото помнење, неговата физичка состојба или условите каде настанал случајот. Дополнително, може да се постави прашање за неговиот кредибилитет, пристрасност или личен интерес, како и да се истакне непоследователноста во неговиот исказ[187].

Особено е важно темелно да се проучат, анализираат исказите дадени во текот на истражната постапка, како и тоа на каков начин се раскажани од страна на сведоците.

---

[185] Davis, M. (2020). Maintaining Professionalism: Avoiding Emotional Reactions During Cross-Examination. Journal of Forensic Practice, 26(1), стр. 45-59.
[186] Johnson, P. & Lee, T. (2020). Consultation and Collaboration: The Role of Teamwork in Legal Success. Journal of Legal Strategy, 35(1), стр. 58-75.
[187] Mitchell, A. (2018). Communication Skills for Lawyers: Building Effective Relationships with Witnesses. Journal of Legal Communication, 22(3), стр. 145-162.

Затоа што доколку има било каква контрадикција или промена во изказите, кои што биле дадени во текот на истрагата со исказите кои што се дадени во текот на галвната расправа пред судот, вие имате можност да ги приложите и истакнете пред судот предходно прибавените искази дадени во текот на истрагата. Во случај кога сведокот ќе ја измени својата изјава или изразито ќе ја промени, важно е веднаш да поднесете печатен примерок од исказот и истиод да му го предочите на судот, со ова ќе зададете значаен и сериозен удар на спротивната странка. Вака не само што ги истакнете недоследностите во изјавите, туку и ќе ги обезбедите вашите ставови, разнишувајќи ја спротивната странка преку сериозна дискредитација. Оваа стратегија може да ви обезбеди значителна предност и да ги истакне вашите вештини како успешен правен застапник.

Во било која фаза од испитувањето не ги заборавајте и визуелните помагала, тие може сериозно да ја засилат вашата поента. Затоа користете ги со умешност.

На крај следи **дополнителното испитување** "Interrogatio suppletoria"**.** Ова е процес во кој сведокот се испитува повторно преку директно испитување откако веќе бил вкрстено испитан од страна на спротивната страна. Ова испитување е ограничено на аспекти што биле обработени во вкрстеното испитување. Дополнителното испитување, го врши странката која го повикала сведокот. Целта на дополнителното испитување е да се обезбедат дополнителни објаснувања во врска со прашањата што биле поставени при вкрстеното испитување. Ова значи дека дополнителното испитување е прекувремено поврзано со вкрстеното испитување, и затоа странката мора да обиде да се внимава на тоа кои прашања се поставени во вкрстеното испитување.

Дополнителното испитување има за цел да ги намали или елиминира последиците од вкрстеното испитување, како и да се оспорат или објаснат прашањата што произлегле од тоа. Од сведокот може да се побара да даде објаснување за контрадикторноста во неговиот исказ, всушност да се постигне една рехабилитација на неговиот исказ кој сериозно бил разнишан или да се исправат грешките, пропустите кои биле направени при вкрстеното испитување[188].

При одлучувањето дали да се врши дополнително испитување, треба да се има предвид дали испитувањето се однесува на битни околности и дали постои можност за корекција. Ако тоа не е случајот, дополнителното испитување не треба да се одржи.

[188] https://www.defence-barrister.co.uk/re-examination (Пристапено на 9.06.2024)

Страната која го предложила сведокот ја врши оваа процедура, фокусирајќи се на фактите кои не биле споменати или не биле доволно обработени во текот на директното испитување.

Целта на дополнителното испитување е да се истражат причините за евентуална контрадикторност во изјавата на сведокот, да се исправи нарушена репутација, да се покаже уверливост и сигурност на сведокот и да се исправи секоја можност за заблуда или несогласност што можеби настанала во текот на вкрстеното испитување[189].

Процесот на дополнително испитување треба да започне со објаснување од сведокот за недоследноста во претходно дадениот исказ и да се објасни зошто одредени аспекти од вкрстеното испитување не биле споменати во текот на директното. На овој начин, се овозможува сведокот да ги исправи грешките и да ја дополни својата изјава, враќајќи ја својата кредибилност и веродостојност на изјавата.

На крајот на дополнителното испитување, се поставуваат прашања кои ги нагласуваат важните факти од случајот и ги потврдуваат веќе утврдените аспекти кои ги поддржува страната што го спроведува дополнителното испитување.

ЗКП им овозможува право на претседателот на советот и членовите на советот да поставуваат прашања на лицата кои се испитуваат, но тоа може да се случи само по завршувањето на испитувањето од страна на обвинителот и одбраната. Ова ограничување се воведе поради стравот дека, доколку судиите имаат неограничен пристап за поставување на прашања во секој момент, може да се создаде опасност од надмоќ на судиите во процесот на испитување. Во оваа смисла, правилото ја истакнува улогата на странките како главни испитувачи, а прашањата поставени од претседателот и членовите на советот се дозволени само по завршувањето на вкрстеното или дополнителното испитување.

Со отстапувањето од улогата на активен испитувач, судот е задолжен да се фокусира на три главни функции: гарантна, контролна и раководна, кое што особено се реализира во текот на главната расправа. Во процесот на изведување на доказите, судот ги има следни обврски:

[189] Калајџиев, Г., Бужаровска, Г. (2010). Вкрстено испитување, прирачник за практичари. ОБСЕ, стр. 22-23.

- Да го контролира начинот и редоследот на испитување на сведоците и вештаците, како и изведувањето на доказите, водејќи сметка за ефикасност и економичност на постапката.
- Да одбие изведување на доказ кој го смета за непотребен и беззначаен за предметот, образложувајќи ја својата одлука.
- Да го одобри вкрстеното испитување на сведокот доколку е потребно.
- Да се грижи за дозволеноста на прашањата, валидноста на одговорите, праведното испитување и оправданоста на приговорите.
- Во текот на изведувањето на доказите, да се грижи за достоинството на странките, обвинетиот, сведоците и вештаците.

Освен според сопствената оценка, судот дејствува и во согласност со приговорите од страна на учесниците во постапката. Посебно, со одлука заснована на усмен приговор од страна на странките, судот може да забрани прашање и одговор кои се веќе поставени, ако ги процени како недопуштени или ирелевантни, истовремено имајќи право да го забрани поставувањето на прашања кои вклучуваат и прашање и одговор, освен при вкрстено испитување.

2.10. Испитување на сведок

Европската конвенција за човекови права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права,го гарантираат правото на испитување сведоци против одредено лице и правото да се повикаат сведоци[190].

Кога станува збор за испитувањето на сведок Законот за кривичната постапка предвидува одредени правила, насоки кои предходно ги елаборирав подробно, така што тука би додал дека во случај кога сведокот не може да присуствува лично пред судот или има значителни пречки за тоа, може да се одлучи за негово испитување преку видеоконференциска врска, како што предвидува Законот. Странките и оштетениот ќе бидат известени за времето и местото на сведочењето со цел да присуствуваат и да учествуваат во испитувањето.

[190]Декларација за човекови права на Обединетите нации, член 10; ЕКЧП, членови 6 (1) и (3); Меѓународен пакт за граѓански и политички права, член 14.

Во контекст на заштитата на достоинството на сведоците, ЗКП овозможува на претседателот на советот да го предупреди или парично да го казни учесникот во постапката или било какво друго лице кое го заплашува, навредува или му ја загрозува безбедноста на сведокот. По предлог од страна на учесниците, судот може да ги замоли полициските органи да ги преземат потребни мерки за заштита на сведокот. Ако, пак, при заплашувањето, навредувањето или загрозувањето на безбедноста на сведокот е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, судот веднаш го известува надлежниот јавен обвинител.

2.10.1. Испитување на вештак и технички советник

Како и во случајот со испитувањето на сведок, претседателот на советот има задача да предупреди вештакот за неговата обврска да го изрази своето мислење на јасен начин и во согласност со правилата на струката. Припремата на вештакот треба да биде во согласност со овие правила, а исто така, вештакот се предупредува дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело. Може да биде побарано од вештакот да положи заклетва пред почетокот на испитувањето, а ако некоја страна бара вештакот да сведочи на главната расправа, писменото мислење и наод што ги има изработено тој вештак, ќе бидат прифатени како доказен материјал само ако истиот вештак даде свој исказ на главната расправа и е дадена можност за вкрстено испитано. Истите одредби постојат и за испитување на технички советник наместо вештак.

Испитаните вештаци по правило остануваат во судницата, до крајот на седницата освен ако претседателот на советот не одлучи различно. Постои можност за отстранување на вештаците од судницата, по предлог на страните или по службена должност, и може да се нареди повторно повикување и ново испитување во присуство или отсуство на други сведоци или вештаци.

2.10.2. Испитување на обвинет

Исказот на обвинетиот, иако со право се смета за еден од најважните докази во казнената постапка, има различен статус во контекст на негово користење како извор на сознанија за кривичниот настан во зависност од природата на казнената постапка[191].

Испитувањето на обвинетиот може да се спроведе само ако одбраната даде соодветен предлог за тоа. Пред да започне со испитувањето, судот е должен да се увери дека обвинетиот ги разбрал и бил запознат со правата што се утврдени со Законот за кривична постапка. Истиот се испитува согласно правилата како и секој друг сведок при што дозволено е директно, вкрстено и дополнително испитување. Важно е да се напомене дека обвинетиот не може да избегне вкрстено испитување ако е предложен за испитување.

Ако обвинетиот не изнесе одреден исказ или се произнесе различно за одделни факти на главната расправа, јавниот обвинител има право да бара да се прочита или репродуцира исказот на обвинетиот што го дал во текот на истражната постапка.

Според одредбата од членот 378, став 2 од ЗКП, сите обвинети остануваат во судницата за време на целата главна расправа. Само во исклучителни ситуации, прецедателот на советот или судијата поединец може да одлучи обвинетиот привремено да се оддалечи од судницата, ако сообвинетиот, сообвинетите или сведокот одбијат да дадат свој исказ во негово присуство, или ако постојат околности кои покажуваат дека сообвинетиот или сведокот можеби нема да ја зборуваат вистината во негово присуство. Во таков случај, откако ќе заврши исказот на лицето, обвинетиот се враќа во судницата и ќе му се прочита или репродуцира исказот што го дал сообвинетиот или сведокот во текот на главната расправа.

2.11. Исклучок од непосредно изведување на доказите

За време на главната расправа, важи правило дека доказите се изведуваат на непосреден и директен начин и секогаш кога доказот за одреден факт се заснова врз сведочење од некое лице, тоа лице треба лично да се испита на главната расправа, освен во случаите кога се испитува заштитен сведок. Испитувањето не може да се замени со

[191]Калајџиев Г, Воведување на акузаторна кривична постапка со вкрстено испрашување, оп. цит. V. BAYER, Kazneno procesno pravo, odabrana poglavja, knjiga I: Uvod u teoriju kaznenog procesnog prava, Zagreb, 1995, Стр. 269; D. KRAPAC, Kazneno procesno pravo, II izdanje, Narodne novine, Zagreb, 2003, Стр. 356-364.

читање на записник од негов претходно даден исказ, ниту со писмена изјава. Сепак, ЗКП предвидува некои исклучоци од принципот на непосредност[192], а тоа се:

- ситуациите кога исказите на сведоците кои се дадени во истражната постапка се користат при вкрстено испитување или при побивање на изнесени наводи или во одговор на побивање, со цел за утврдување веродостојност на даден исказ и кредибилитет на лицата што се испитуваат,
- ситуациите кога судот одлучува да користи записници за изјави дадени на рочишето како доказ, преку нивно читање или репродукција.
- ситуациите кога по почетокот на главната расправа постојат индиции кои укажуваат на тоа дека сведокот бил изложен на принуда, заплашување, ветување на пари или други привилегии, за да не сведочи или да даде лажен исказ, исказите на сведокот пред судијата може да се користат како доказ, според одлуката на судот.
- ситуациите кога записниците од изјавите пред јавниот обвинител се користат како доказ на судот преку читање или репродукција, во случај кога лицето кое го дало исказот починало, има душевна болест или не е достапно, и покрај сите законски предвидени мерки за неговото наоѓање.

2.12. Дополнение на доказната постапка

Откако ќе заврши доказната фаза на главната расправа, законот овозможува можност за предлагање на дополнителни докази ако е потребно. Странките и оштетениот имаат право да предложат дополнителни докази во врска со нови околности и факти што се појавиле во текот на расправата.

Со завршување на доказната фаза и во случај на разлики во мислењата или ставовите на вештаците или стручните лица, судот, по предлог од страна на учесниците или по сопствена иницијатива, може да нареди дополнителни експертски вештачења, односно супер вештачења.

[192] Член 388, ЗКП

Доколку по завршувањето на доказната постапка не се поднесат предлози за дополнување или ако предлогот на странките биде одбиен од страна на судот, претседателот на советот објавува дека доказната постапка е завршена и таа се затвора.

2.13. Завршни зборови и завршување на главната расправа

"Кажаното ќе стане појасно кога подетално ја развиваме нашата мисла" – Аристотел[193]

Завршните зборови се крајот, односно последното обраќање на тужителот, оштетениот, бранителот и обвинетиот пред судијата, односно пред судскиот совет. Тие ги изнесуваат своите завршни зборови по завршувањето на доказната постапка. Ако обвинетиот има повеќе бранители, секој од нив има можност да го изрази својот став преку давање на завршен збор, но тие меѓу себе не смее да се повторуваат. Времетраењето на завршните зборови не е ограничено, но сепак во некои исклучителни ситуации истото може да биде ограничено од страна на судијата или претседателот на советот.

Во своите заврши зборови, односно изјави, учесниците и бранителот го изразуваат своето гледиште за она што произлегло од прикажаните докази и изведуваат свои заклучоци за докажаноста или недокажаноста на фактите. При тоа, ги образложуваат причините поради кои сметаат дека преку доказите што ги претставиле, неспорно докажале надвор од секакво разумно сомневање дека нивната теорија на случај е точна, вистинита и непобивна, истовремено се дава осврт и на доказите од спротивната странка со тврдење дека истите не се од таква природа. Завршните зборови служат за изнесување на своите ставови по сите правни прашања, од значење за случајот. Истите треба да бидат во сооднос со првичните изложувања на учесниците, односно воведните говори на странките.

За да го постигнеме најдобриот резултат, сите поентирања што што сме ги направиле во текот на главната расправа, тука силно ги истаккнуваме, за да одекнат како ѕвоно, токму завршниот збор треба да ни служи како "шлагот над тортата", ова е исклучително моќно оружје затоа треба да се искористи со огромна умешност и уметност на одлично

[193] Аристотел, Реторика, ТНИД Ѓурѓа, Скопје, 2010, стр. 21

избраните зборови за нашата позиција или аргументација. Во овој дел не се споменуваат зборовите "јас мислам", "верувам" или слични на нив, напротив се употребуваат силни зборови како "докажавме" "произлезе".

Исто така не смеете да ги заборавите реторичките прашања, кои се одличен начин да ги изразите вашите заклучоци, да го истакнете значењето на вашата позиција. Најважните аспекти треба да бидат изложени јасно и гласно, при што треба да се фокусираме на силните аспекти на нашата одбрана. Во исто време, доколку имало слабости во вашата теорија на случај, мудро е да се кажат некаде кон средината на завршниот говор, веднаш по нив да следи силна увертира за вашата позиција со цврсти докази и бетонирани правно релевантни факти[194].

Интересно е да се користат зборови како "супер моќ", "над човечка сила" и слични на нив. Ова е во насока доколку сведокот нешто слушнал или видел, а од фактичката состојба јасно произлегува дека тоа било невозможно, на ваков начин можете да го украсите, збогатите вашиот завршен збор со речениците како што се:

- од сведокот произлезе дека истиот имал "супер моќи", па слушнал на огромна далечина толку тивок тон или глас,
- има "супер моќи" да слуша преку ѕидови,
- има "супер моќи" да гледа во мрак, на далечина или додека толку брзо поминало возилото итн.

Од понапред изнесеното, јасно е дека истите треба да бидат одлично структурни, со концизна содржина и правилен редослед, вклучувајќи ги најважните елементи на вашата теорија, воедно и во насока кон пресудата по која целите. Визуелните помагала исто така можат многу да ни помогнат, така што, користете ги и во оваа фаза од постапката. Не заборавајте дека важно е да избегнете долготрајна, досадна одбрана. Затоа, дајте силен фокус, насочете се кон доказите што одат во ваша полза, поточно што ја бранат, штитат вашата позиција. Малку време треба да потрошите за дискредитација на спротивната странка.

Не заборавајте дека токму завршните зборови се вашите "последни минути" за конкретниот предмет, па затоа искористете ги паметно, дадете се од себе за да ја

[194] Lubet, S. (2000). Modern Trial Advocacy: Analysis and Practice. National Institute for Trial Advocacy, стр. 311-315.

одбраните својата теорија. Од, одлично формулираната приказна, завршен збор треба да произлезе, дека токму тоа што вие го зборувате е вистината на која треба да и се даде шанса или казна. Односно на истакнатото од ваша страна, судијата треба да даде верба[195].

Завршните зборови, освен што ги даваат странките и бранителот, му се дозволени и на оштетениот. За разлика од воведните говори што ги изнесуваат само странките и бранителот, оштетениот има можност да даде завршен збор во кој се осврнува на значајни факти поврзани со имотно-правното барање што го предјавил во текот на расправата.

Откако ќе бидат изнесени завршните зборови, претседателот на советот објавува завршувањето на главната расправа и записнички ја констатира временската точка на завршување на расправата. По завршувањето на главната расправа, советот преминува на советување и гласање со цел да се донесе пресуда.

2.14. Објавување на пресуда

Објавувањето на пресуда во кривичната постапка претставува завршниот чекор во еден правосудниот процес. Пресудата претставува заклучок кој судот ќе го изнесе за секои конкретен кривично правен предмет. Судот, како единствен компетентен орган, има право да донесе пресуда, преку која се одредуваат кривичните санкции за обвинетиот. Процесот вклучува разгледување на сите спорни прашања, утврдување на фактите и одлучување во согласност со применетите правни норми. Пресудата мора да одговори на барањата на странките и да утврди дали обвинетиот е виновен за кривичното дело и која санкција е најсоодветна[196].

Пред да донесе пресуда, судот мора совесно да ги оцени сите докази, вклучително и нивната взаимна поврзаност. Само преку внимателно оценување на доказите и разбирање на нивната значајност може да се стекне уверување за вистинитоста на правно релевантните факти.

Имено, пресудата не претставува само заклучок, туку и финален израз на правдата и правичноста. Со нејзиното донесување, се задоволуваат потребите на правната заедница, се штитат правата и интересите на општеството во целина.

---

[195] Brown, M. (2018). The Art of Closing Arguments: Strategies for Persuasion in the Courtroom. Journal of Legal Studies, 45(3), стр. 456-475.
[196] Член 405, ЗКП, Објавување на пресуда

Оваа фаза е животен момент во кој обвинетиот, обвинителството, одбраната и јавноста добиваат крајно одлучување за случајот. Пресудата, како краен продукт на постапката, треба да биде објективна, непристрасна и во согласност со законот.

Пред самото објавување, судијата е должен да ги извести страните за датумот, времето на објавата. Ова дава сигурност дека сите учесници се подготвени за моментот на крајната одлука. Процесот на објавување на пресудата обично се одвива во судската сала пред страните, одбраната, обвинителството и јавноста. Ова е јавна сесија каде што судијата го чита текстот на пресудата и ги образложува причините, доказите, фактите врз кои ја заснова таквата одлука. ЗКП во Член 401 предвидува видови на пресуда и тоа:

(1) Со пресудата обвинението се одбива[197] или обвинетиот се ослободува од обвинението[198] или се огласува за виновен[199].

(2) Ако обвинението опфаќа повеќе кривични дела во пресудата ќе се изрече дали и за кое дело се одбива обвинението или обвинетиот се ослободува од обвинението или се огласува за виновен.

Судијата ја образложува пресудата, како и правните последиците кои ќе настапат кон обвинетиот[200]. Во случај на осуда, се наведува видот на казна која ќе биде изречена, додека во случај на ослободување се изложува основата за оправдувањето. По читањето на пресудата, судијата ја потпишува како потврда на нејзината важност и веродостојност. Оваа потпишана копија се чува во судските архиви како документ кој го одразува исходот на случајот.

Со читањето и образложувањето на одлуката, судијата ја завршува постапката и ги известува учесниците и јавноста за исходот. Ова е момен од кој треба да произлезе правдата но и довербата во правосудниот систем од учесниците и јавноста.

По ова, следат поуките и предупредувањата во смесла на член 406 од ЗКП и то:

(1) По објавувањето на пресудата, претседателот на советот ќе ги поучи странките за правото на жалба, како и за правото на одговор на жалбата.

---

[197] Член 402, ЗКП, Одбивателна пресуда
[198] Член 403, ЗКП, Ослободителна пресуд
[199] Член 404, ЗКП Осудителна пресуда
[200] Калајџиев, Г., Трombева, М., и др. (2018). Коментар на законот за кривичната постапка. ОБСЕ, стр. 821-837.

(2) Ако на обвинетиот му е изречена условна осуда, ќе биде предупреден од претседателот за значењето на условната осуда и за условите кон кои мора да се придржува.

(3) Претседателот на советот ќе ги предупреди странките до правосилното окончување на постапката за секоја промена на адресата да го известат судот.

2.15. Жалбена постапка

Правото на правен лек е од суштинско значење во правната држава, каде секој граѓанин треба да има можност за одбрана и исправка на неправдите ширум светот[201]. Европската конвенција за човекови права, пропишувајќи го правото на правен лек, обезбедува сигурност дека секое лице има право на жалба, односно да се преиспита донесената предходна пресуда. Во Член 13 "право на реална жалба" од ЕКЧП се гарантира можноста и преиспитувањето на пресудите за кривичните дела пред повисокиот суд[202].

Во контекст на казнените постапки, Уставот во Член 15, став 1, гарантира правото на жалба против одлуките донесени во прв степен пред суд. Ова право не е задолжителна стадиум во кривичната постапка, туку зависи од ставот и постапката на странките. Доколку странките не го искористат, тоа може да се толкува како прифаќање на пресудата. Сепак, ако се смета дека има неправилности или незаконитости во првостепената пресуда, странките имаат право да поднесат жалба.

Жалбата е еден од основните редовни правни лекови. Овој процес овозможува исправка на грешки во првостепената пресуда и ја зацврстува довербата на обвинетите, јавноста во казненото правосудство. Правни лекови вклучуваат процеси кои овозможуваат преглед на пресудата пред второстепениот суд, Апелационен Суд.

Под поимот на правни лекови се подразбираат процесни дејства со кои овластеното лице оспорува одлука (пресуда или решение) донесена во казнената постапка[203].

Правните лекови се поделени на редовни и вонредни, суспензивни и несуспензивни. Жалбата е пример за редовен, суспензивен правен лек, што значи дека се одложува

---

[201] Bubalović, T. (2006). Pravo na žalbu u kaznenom postupku. Sarajevo, стр. 1.
[202]" https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_mkd " (Пристапено на 11.06.2024)
[203] Pavlović, S. (2014). Zakon o kaznenom postupku. стр. 918.

извршувањето на пресудата, се прегледува од повисок суд. Тоа е единствен редовен правен лек во нашата кривична постапка со кој се напаѓаат како фактичките (error facti) така и правните (error juris) повреди[204]. Вонредните правни лекови, се состојат од барање за заштита на законитоста или вонредно преиспитување на пресудата, служат за коригирање на правосилните пресуди како трет степен на преиспитување и истите се поднесуваат до Врховниот Суд како гаранција на правилната примена на законот, овие правни лекови се од несуспензивна природа, што значи тие не ја одложуваат пресудата, ниту пак кривичните санкции внесени во пресуда.

Имено, по објавувањето на пресудата, страните имаат право да поднесат жалба против пресудата донесена во прв степен, во рок од 8 дена од денот на доставувањето на преписот од пресудата во скратена постапка, 15 дена од денот на доставувањето на преписот од пресудата во редовна постапка, а во сложени предмети во рок од 30 дена "Член 481 ст.2, Член 410 од ЗКП".

Жалбата се поднесува писмено прку основниот суд кој ја изрекол пресудата до повисокиот суд и треба да содржи јасни аргументи и правни основи зашто истата се поднесува.

Жалбата треба да содржи[205]:

1) означување на пресудата против која се изјавува жалбата;

2) основ за побивање на пресудата;

3) образложение на жалбата;

4) предлог побиваната пресуда наполно или делумно да се укине или преиначи,

5) потпис на лицето што изјавува жалба

Исто така таа мора да содржи и жалбени основи со кои се побива пресудата[206]:

1) поради суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка,

2) поради погрешно утврдена фактичка состојба

3) поради повреда на Кривичниот законик и

4) поради одлука за кривичните санкции, за одземање на имотна корист, за трошоците за кривичната постапка, за имотноправните барања, како и поради одлука за објавување на пресудата преку печатот, радиото или телевизијата.

---

[204] Матовски, Н., Бужаровска, Г., & Калајџиев, Г. (2009). Казнено процесно право. Скопје, стр. 365.
[205] Член 413, ЗКП
[206] Член 414, ЗКП

Конечно, внимание се обрнува на принципот на еднообразна примена на правото и на ефикасниот пристап до правда за сите граѓани. Иако постојат различни законски рамки и организации на судството, правните лекови се средство за обезбедување на фер и праведно постапување во казнениот систем, обезбедувајќи дека сите граѓани имаат право на правичен третман и корекции, исправки на неправдите. Повторно разгледување на донесената пресуда, но и можност за донесување на нова одлука.

ГЛАВА 3. КОМПАРАТИВЕН ПРИСТАП КОН ГЛАВНАТА РАСПРАВА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА: ПРИМЕРИ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО, ГЕРМАНИЈА И СРБИЈА

3.1. Анализа на главната расправа во Англија и Велс (Обединетото Кралство)

Во системот на обичајното право кој постои во Обединетото Кралство, судењата функционираат според чист акузаторен модел. Судењето е на некој начин вид на натпревар помеѓу странките. Интересно за констатација е дека акузаторниот натпревар пред судот е своевиден облик на игра во која вистината не мора секогаш да победи. Затоа се тврди дека акузаторните системи се фокусираат врз процедуралната правичност и доказите, а континенталните врз вистината.[207]

Најзначајни Закони во областа на Кривичното право и кривичното процесно право се:

Criminal Justice Act 2003 "Закон за кривичната правда од 2003 година": Оваа реформа воведува разни промени во кривичното право, вклучувајќи и воведувајќи нови кривични

[207] Калајџиев, Г., Раичевиќ-Вучкова, Л., и др., Преуредување на главниот претрес во Република Македонија, MRKK, 2-3/2008, стр. 213-234.

дела, промени во казните, процедурите за осуда и извршување на казни, како и подобрување на правата на сите инволвирани во кричичното право, како и на жртвите[208].

Criminal Justice and Courts Act 2015, "Закон за кривичната правда и судовите од 2015 година": Овој закон воведува разни реформи во областа на кривичното право, вклучувајќи ги промените во постапките за прекршоци, реформи на судските процеси, измена на правилата за судење, подобрување на ефикасноста и пристапноста до судството, казни и извршување на казни, рехабилитација и ресоцијализација, Права на затворениците, односот на јавноста кон затворениците. Закон се фокусира на подобрувања во областа на кривичната правда и судството, како и на аспектите поврзани со работата на судовите и процесите за судење. Иако во неговиот фокус главно се кривичните аспекти, тој вклучува и изменувања и дополнувања во други закони и области.[209]

Sentencing Act 2020 "Закон за казнување од 2020 година": Овој закон воведува нови казни и процедури за осуда за разни кривични дела, вклучувајќи ги и промени во критериумите за извршување на казната и условите за ослободување на осудените[210].

Police and Criminal Evidence Act- PACE "Закон за полиција и докази во кривичната постапка". Овој закон во Обединетото Кралство е од суштинско значење за полициските процедури и правата на граѓаните во кривичните постапки. Законот воведува стандардизирани процедури за собирање, чување и користење на докази од страна на полицијата, како и за заштита на правата на обвинетите и другите лица во кривичните процеси. Овој закон определува правила за апсење,приведување на лица, лишување од слобода, претреси, испитувања, и други аспекти од полициската работа во контекст на кривичната постапка[211].

Покрај овие најзначајни закони во кривичната област, од особена важност се и правилата Criminal Procedure Rules (CrimPR) "Правила во кривичната постапка": Ова се правилата кои ги определуваат процедурите, правилата во кривичната постапка пред судовите на Обединетото Кралство. Тие ги опфаќаат различните фази на кривичната постапка, вклучувајќи ја подготовката за судење во Магистратскиот суд, Крунскиот суд,

[208]https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2003/44/enacted#:~:text=An%20Act%20to%20make%20provision,make%20provision%20about%20civil%20proceedings (Пристапено на 22.06.2024)
[209] https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2015/2/contents/enacted
[210] https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2020/17/contents
[211] https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1984/60/contents

текот на главната расправа, испитувањето на сведоците, доказната постапка завршните зборови, пресудата, жалбата.[212]

Судови

1. Magistrates' Court (Магистратски суд):

Ниво на кривични дела: Суди за помали кривични дела (summary offences), како што се помали кражби, вандализам, нарушување на јавниот ред и мир, и одредени прекршоци поврзани со сообраќајот.

Јурисдикција: Овој суд може да изрече помали казни, како што се парични казни, условни казни и затворски казни до 6 месеци (или 12 месеци за повеќе прекршоци сторени од исто лице).

Судиите се обични граѓани кои не се професионални правници (lay magistrates). Тие работат на доброволна основа и не се платени за својата служба, единствено тие добиваат надоместок за трошоци. Тие поминуваат низ специјализирана обука пред да започнат со својата работа и редовно добиваат поддршка и насоки од професионални правни советници (legal advisers), кои им помагаат да ги разберат правните принципи и применливите закони. Во овој суд работат и од District Judges (професионални судии).

Состав на судот: Обично, во секој конкретен предмет седат по три магистрати судии, зкако дел од еден состав при решавањето на случаите, за да обезбедат балансиран и колективен судиски процес.

2. Crown Court (Крунски суд):

Ниво на кривични дела: Суди за посериозни кривични дела (indictable offences), како што се убиство, силување, вооружен грабеж, тешки кражби, измами и други сериозни кривични дела.

Јурисдикција: Овој суд има овластување да изрече поголеми казни, вклучувајќи долгорочни затворски казни и доживотен затвор.

Состав: Се состои од судија и порота (jury) од 12 лица кои одлучуваат за вината на обвинетиот.

Состав на поротата: Поротата во Крунскиот суд секогаш се состои од 12 поротници. Овој број е фиксна величина и не зависи од сериозноста на кривичното дело. Должност на

[212] https://www.legislation.gov.uk/uksi/2020/759/contents/made

поротата е да ги слушаат доказите и аргументите презентирани од двете страни (обвинителството и одбраната) и потоа да донесат одлука за вината или невиноста на обвинетиот. Нивната улога е исклучиво да утврдат факти врз основа на презентираните докази. По завршување на главната расправа, поротниците се затвораат на тајно советување, каде што ја дискутираат вината на обвинетиот и на крајот донесуваат пресуда. Одлуката мора да биде донесена со едногласност или, во некои случаи, со мнозинство (обично најмалку 10 од 12 поротници).

Улога на судијата

Судија: Крунскиот суд е воден од професионален судија кој ги надгледува правните аспекти на судењето и се грижи за тоа да се следат сите правни процедури и правила. Судијата дава правни насоки на поротата пред таа да се повлече за да донесе пресуда. Овие насоки ги вклучуваат објаснувањата за применливите закони, но и за тоа како треба да ги толкуваат доказите. Доколку поротата го прогласи обвинетиот за виновен, судијата ја изрекува казната. Судијата има во предвид различни фактори пред да ја оформи својата одлука како што се природата и сериозноста на кривичното делото, степенот на кривичната одговорност, претходната криминална историја на обвинетиот и други релевантни околности.

3. Court of Appeal - Criminal Division (Апелационен суд):

Ниво на кривични дела: Пресудува по жалби доставени од странките, а кои се однесуваат на одлуките во вид на пресуди изречени од Crown Court (Крунски суд):.

Јурисдикција: Може да ја потврди, измени или укине пресудата или казната од понискиот суд.

Состав: Се состои од повеќе судии (обично тројца) кои ги разгледуваат жалбите. Апелациониот суд обично заседава во панел од тројца судии. Судии во овој суд се искусни правници и обично се состојат од лорд судии на апелациониот суд (Lord Justices of Appeal), а понекогаш еден од судиите може да биде од Врховниот суд (High Court Judge).

Апелациониот суд – "Кривична дивизија" е надлежен за разгледување на жалби по кривичните случаи. Овој суд ја обезбедува правната сигурност во кривичниот систем, бидејќи првостепените пресуди донесени од пониските судови повторно ги разгледува и

носи конечна правосилна одлука. Апелациониот суд може да донесе различни одлуки по разгледување на жалбите и тоа:

1. Потврда на осудата или казната.
2. Поништување на осудата и ослободување на обвинетиот.
3. Намалување на казната.
4. Наредување за ново судење во Кралскиот суд.

Највисокиот судски орган во Обединетото Кралство е:

4. Supreme Court of the United Kingdom (Врховен суд):

Овој суд е највисоката инстанца за граѓански и кривични случаи и има овластување да ги разгледува конечните правосилни пресуди изречени од пониските судови, вклучувајќи ги и одлуките на Апелациониот суд (Court of Appeal). Врховниот суд е основан во 2009 година, заменувајќи го Апелациониот комитет на Домот на лордовите (House of Lords) како највисок судски орган. Оваа промена е дел од реформите со кои се подобрила јасноста и одвоеноста меѓу судската и законодавната власт[213].

Тој одлучува по правосилни одлуки од сите апелациони судови, ги разгледува најсложените правни прашања, дава толкувања кои што понатака мора да се применуваат од сите пониски судови. Одлучува по жалби како вонреден правен лек. Жалбите се прифаќаат само ако вклучуваат важни правни прашања што треба да бидат разрешени. Судот е составен од 12 судии, кои се назначуваат заради нивната правна експертиза и искуство. Заседањата се одржуваат во состав од најмалку пет судии, кои ги разгледуваат случаите и издаваат конечни одлуки. Одлуките се јавни и неприфатливи за нови жалби.

Врховниот суд е основан во 2009 година, заменувајќи го Домот на лордовите во Англискиот парламент (House of Lords) како највисок судски орган. Оваа промена е дел од реформите со кои се подобрила јасноста и одвоеноста меѓу судската и законодавната власт. Ниво на кривични дела: Суди правосилни одлуки изречени од Крунскиот суд.

3.1.1 Посебни судови и трибунали

[213] До 2009 година Домот на лордовите (House of Lords) беше највисокиот судски орган во Обединетото Кралство, по 2009 е (Врховен суд), Supreme Court of the United Kingdom.

Покрај овие главни судови, постојат и посебни судови и трибунали за специфични видови на кривични дела, како што се Youth Court (Суд за млади), кој суди за дела извршени од млади лица под 18 години, и Military Court (Воен суд), кој суди за кривични дела извршени од воен персонал.

Главната расправа во Обединетото Кралство

1. Услови за почеток на главната расправа
2. Обвинение: Формално поднесено обвинение против обвинетиот.
3. Прифатливо обвинение: Обвинетиот треба да одговори на обвинението, обично со признавање или одбивање на вината.
4. Присуство на странките: Присуство на обвинетиот, обвинителот, како и адвокатите доколку се задолжителни во конкетниот кривично правен предмет.

Пред започнување на главната расправа, на обвинетиот му се доставува обвинението и покана за присуство на судењето. Заедно со обвинението на обвинетиот му се предочува можноста дека тој и неговиот бранител може да извршат увид во списите, да ги разгледаат доказите со кои располага обвинителството (advance disclosure) [214]. По ова обвинетиот може да достави до судот приговори заради одстранување на некои докази, доколку тој може да докаже дека истите се собрани на недозволен начин (preliminaries)[215].

Судот закажува подготвително рочиште пред самата главна расправа, каде што на обвинетиот и формално му се презентира обвинението (arraignment), ова рочиште служи за признавање или негирање на вината од страна на обвинетиот. Оваа постапка ги поставува основите за натамошното одвивање на процесот. Ако обвинетиот не ја признае вината, тогаш случајот преминува на главната расправа. По признавањето или негирањето на вината, главната расправа започнува со воведен говор од страна на обвинителството. Во Обединетото Кралсто, предметот на обвинителството се гради во текот на главната расправа, а само на првото рочиште обвинителот има обврска да покаже дека поседува prima facie[216] докази. Кога обвинителството презентира prima facie докази против обвинетиот, во суштиона значи поседување на доволно докази кои укажуваат на

[214] Redmayne, M. (2006). Expert Evidence and Criminal Justice. Oxford Journal of Legal Studies, 26(4), 805-831

[215] Членот 29 од Законот за кривична правда од 2003 година (јавниот обвинител ќе поведе постапка со писмено обвинение) е изменет на следниов начин.

[216] Терминот „prima facie“ е од латинско потекло и значи „во прво лице“ или „на прв поглед“.

основаното сомневање против обвинетиот. Ова не значи дека обвинетиот е сигурно виновен, туку дека има доволно основа за да се разгледа случајот подетално во судот[217].

Во суштина, prima facie доказите претставуваат почетен праг, а подоцна се представуваат дополнителни докази во текот на јавната и усна судска постапка. Тие обезбедуваат основа за обвинување која треба да биде потврдена или побиена со подетално разгледување на сите докази и аргументи за време на главната расправа, кои ќе бидат доставени од двете странки.

Од погоре изнесеното може да заклучиме дека главната расправа се води континуирано и без прекини, освен во исклучителни случаи кога судот може да ја одложи или прекине расправата[218], и истата се состои од четири етапи:

1. Воведен говор[219]
2. Изведување на докази[220]
3. Завршни зборови[221]
4. Пресуда[222]

Воведен говор

Воведниот говор е момент каде што страните ги поставуваат основите за своите аргументи и го претставуваат случајот пред судот. Ова е првата можност обвинителството и одбраната да го артикулираат својот став, да ги презентираат важните точки и да го подготват судот и поротата за тоа што следи[223]. Обвинителството има обврска да даде воведен говор. Овој говор треба да биде јасен, прецизен и убедлив, фокусирајќи се на најдобро претставување на случајот. Обвинителот го претставува обвинението и ги идентификува основните факти на случајот, и нагласува во која правна рамка ќе се движи, какви докази има намера да представи, со цел да се докаже обвинението како издржано

[217] Ashworth, A., & Redmayne, M. (2010). The Criminal Process. Oxford University Press, стр. 305-330.
[218] Criminal Procedure Rules, Part 24
[219] Criminal Procedure Rules, Part 3
[220] Criminal Procedure Rules, Part 25 - Изведување на докази, Criminal Procedure Rules, Part 26 - Испитување на сведоци: Сведоците се испитуваат директно, вкрстено и дополнително од страна на странките.
[221] Criminal Procedure Rules, Part 27
[222] Criminal Procedure Rules, Part 28
[223] Keane, A., & McKeown, P. (2016). The Modern Law of Evidence. Oxford University Press, стр. 265-292.

така и вистинито. Ова вклучува опис на кривичното дело, времето, местото и околностите во кои се случило[224].

На пример, „Ваша чест, денеска ќе докажеме дека обвинетиот, на 15 јули минатата година, со умисла и претходна подготовка, го извршил кривичното дело тешка кражба во куќата на господинот Смит.“ Понатаму, обвинителот ги наведува доказите кои ќе бидат презентирани, вклучувајќи ги материјалните докази, сведоците и вештаците кои ќе сведочат. Ова помага да се создаде слика за случајот, ја подготвува поротата за тоа што ќе слушне и види. На пример, „Ќе ви ги покажеме отпечатоците најдени на местото на настанот, како и исказите на сведоците преку кој несомнено ќе увидите сите, ќе биде повеќе и од јасно дека обвинението е целосно точно, вистинито и непристрасно напишано, поточно пред вас ќе докажеме дека обвинетиот го сторил кривичното дело провалувајќи ја куќата на господинот Смит и одзимајќи ги вредните предмети.“

Обвинителот, исто така, објаснува како доказите ќе го поддржат случајот и ќе ги поврзе фактите со законските елементи на обвинението. Ова вклучува краток преглед на применливите закони и како доказите ги исполнуваат критериумите за кривично дело. „Ќе докажеме дека обвинетиот ги исполнил сите елементи на кривичното дело кражба, вклучувајќи го и намерното присвојување на противправниот имотот одземен од куќата на господинот Смит.“

Одбраната потоа го има својот воведен говор. Одбраната треба да ги идентификува својте важни правни точки по кои ќе елаборира, да презентира алтернативни факти или да укаже на недостатокот на докази за клучните елементи на кривичното дело. На пример, „Ќе покажеме дека нема директни докази кои го поврзуваат обвинетиот со местото на настанот.“

Воведниот говор е шанса за одбраната да го претстави својот став и да го изнесе случајот од своја перспектива[225]. Ова може да вклучува и повикување на карактерот на обвинетиот, недостаток на мотив или присуство на алиби. „Обвинетиот има цврсто алиби за времето на настанот и ќе го докажеме тоа преку сведочењата на неколку независни сведоци.“

---

[224] Spencer, J. R., & Flin, R. (1993). The Evidence of Children: The Law and the Psychology. Blackstone Press. стр. 95-112.
[225] Dennis, I. H. (2015). The Law of Evidence. Sweet & Maxwell, стр. 220-245.

Во целина, воведниот говор е основен дел од кривичната постапка, каде што и обвинителството и одбраната имаат можност да ја презентираат својата теорија на случајот, да ги постават рамките на доказите и да го подготват судот, поротата за тоа што ќе следи. Ова е момент каде што реторичките вештини, познавањето на законите но и други тактики и техники што ги совладале правниците во текот на својот живот доаѓаат до израз, бидејќи токму преку нив правниците се обидуваат да ја придобијат поротата, да го добијат случајот кој што го застапуваат.

Доказна постапка

Во кривичните судови на Обединетото Кралство, обвинителството има обврска да ги презентира своите докази прво, бидејќи според принципот на презумпција на невиност, обвинителството мора да докаже дека обвинетиот е виновен "вон разумно сомнение" "ultra dubium rationabile" [226].

Обвинителството ги презентира својте докази, кои можат да вклучуваат физички предмети поврзани со делото, како што се оружје, украдени предмети, документи, електронска комуникација, финансиски извештаи и други материјални докази. Покрај овие докази, обвинителството ги повикува своите сведоци. Секој сведок се испитува директно од страна на обвинителот, со цел да ги изнесе сите релевантни факти кои го поддржуваат случајот на обвинителството. Сведоците можат да бидат очевидци на делото, жртви или експерти кои можат да дадат стручни мислења за одредени аспекти на случајот[227]. Обвинителството има дискреција да одлучи за редоследот на изведување на доказите за да го презентира својот случај на најдобар можен начин. Може да одлучи прво да ги повика своите сведоци и да ги презентира материјалните докази преку сведочењата на тие сведоци, или да започне со презентација на материјалните докази директно, во зависност од тоа што смета дека ќе биде поефективно за убедување на поротата или судијата.

Главната цел на обвинителството е да ги презентира доказите на начин што ќе биде јасен и убедлив. Затоа, редоследот на изведување на доказите може да се прилагоди според потребите на конкретниот случај. Додека во некои случаи може да биде

[226] Овој израз се користи во правен контекст за да се означи стандардот на докажување во кривичните случаи, при што обвинителството мора да ги презентира доказите на начин што ќе ја убеди поротата или судијата дека обвинетиот е виновен без да остане разумно сомнение за неговата вина.
[227] Dwyer, D. (2011). The Judicial Role in Criminal Proceedings. Hart Publishing, стр. 129-150.

поефикасно прво да се презентираат материјалните докази, во други случаи може да биде поефикасно прво да се слушнат сведоците кои ќе го постават контекстот за тие докази.

Значи, нема точно утврден редослед кој мора да се следи од страна на странките, тие сами ценат како ќе го прилагоди начинот на презентирање на доказите според околностите на секој конкретен случај[228].

По завршувањето на изведувањето на доказите од страна на обвинителството, одбраната има можност да ги презентира своите докази. Одбраната може да ги оспори доказите на обвинителството преку вкрстено испитување на сведоците. Вкрстеното испитување е критична фаза каде што адвокатите на одбраната се обидуваат да ги разоткријат слабостите или противречностите во исказите на сведоците. По вкрстеното испитување, одбраната може да презентира свои докази, вклучувајќи сведочења од сопствени сведоци, материјални докази или експертски мислења. Во некои случаи, обвинетиот може да одлучи да сведочи во своја одбрана, но тоа не е обврзно. По оваа фази, исто така и обвинителството има можност вкрстено да ги испитува предложените сведоци на одбраната. Од ова очигледно е дека во доказната постапка покрај изведување на материјалните докази постои и:

1. Дирекно испитуваање
2. Вкрстено испитување
3. Дополнително испитување

Дирекно испитување

Во директното испитување, правникот[229] што ги повикува сведоците има задача да ги води низ нивните сведочења со внимателно подготвени прашања кои ќе ги изнесат фактите на јасен и логичен начин. Притоа, адвокатот не смее да поставува наведувачки прашања, односно прашања кои сугерираат одговор, бидејќи целта е сведоците самостојно да ги изнесат своите искуства и набљудувања.

„Секој сведок е глас на вистината“, како што кажал Лорд Денинг, еден од најпознатите британски судии. Во оваа фаза, сведоците стануваат најважниот алат на правниците. Нивната способност да ја раскажат својата приказна, да ги опишат настаните со детали и емоции, е од исклучително значење за крајниот успех.

[228] Darbyshire, P. (2000). The misdirection of juries in criminal trials. Criminal Law Review, 60(10), 731-747
[229] Се мисли на обвинителство или адвокатот.

Пример за важноста на директното испитување може да се најде во многу историски случаи. Еден од таквите е случај на О. Џ. Симпсон[230], каде што обвинителството презентирало ДНК докази кои го поврзуваа Симпсон со местото на злосторството, вклучувајќи крвави траги најдени во неговото возило и на неговата облека, Одбраната, водена од тимот наречен „Дрим тим“ (Dream Team), кој вклучуваше познати адвокати како Џони Кокран и Роберт Шапиро, аргументираше дека доказите биле манипулирани или фабрикувани од страна на полицијата. Тие исто така го ставија фокусот на расистичките предрасуди на детективот Марк Фурман, кој беше клучен сведок на обвинителството. Адвокатите вешто ги воделе своите сведоци низ низата на прашања, преку кои ја изградиле приказната што ја претставиле пред судот. Во овој случај не само што адвокатите ги презентирале фактите на најдобар можен начин, туку преку пат на добро подготвено директно испитување влиалеле на емоционалната слика што ја креирале, која несомнено влијаела на поротата, а со тоа и врз исходот на постапката[231]. Еден од клучните моменти на судскиот процес било кога Симпсон требал да ги стави на својте раце крвавите ракавици најдени на местото на злосторството, кои, според обвинителството, биле користени во убиствата. Раквиците не му одговараа на Симпсон, што го поттикна адвокатот на одбраната Џони Кокран да изјави: „If it doesn't fit, you must acquit“ (Ако не одговара, мора да се ослободи). На 3 октомври 1995 година, по деветмесечен судски процес и по размислување на поротата, истата го ослободи О. Џ. Симпсон од сите обвинениј за двојното убиство. Замислете колку добра одбрана имал тој, што и покрај сериозните докази кои оделе на негова штета, сепак бил ослободен. Овој пример е во насока на добро спроведена целоста тактика и техника на адвокатскиот тим, во сите фази од постапката.

Директното испитување се базира на „вистината и ништо освен вистината“, и токму затоа адвокатот мора да биде добро подготвен и да знае како да ги изведе своите сведоци до точка каде што нивното сведочење ќе биде неоспорно. Внимателно избраните зборови, јасноста на прашањата и емпатијата кон сведокот се од суштинско значење.

Вкрстено испитување

[230] https://famous-trials.com/simpson/1862-home
[231] https://www.britannica.com/event/O-J-Simpson-trial

Вкрстеното испитување се врши од спротивната странка, каде што обвинителството или одбраната имаат можност да им поставуваат прашања на свидоците кои веќе дале исказ во текот на дирекното испитување. Овие прашања често се поставуваат со цел да се истражат нивните искази. Важно е во ова испитување да се претстави аргументиран и внимателно изграден случај, за да се добие релевантна информација која може да ја поддржи теоријата на случајот на спротивната странка. Со еден збор, ова испитување треба да го дискредитира исказот на сведокот, да го стави под прашање нивниот кредибилитет, вклучувајќи го неговото познафање на фактите, објективноста (непристрасноста), интегритетот, дали ја зборува вистината, како и дали е свесен за својата обврска да ја зборува вистината[232].

Еден од интересните аспекти на вкрстеното испитување е тоа што може да го разоткрие неполното или непрецизно изложување на доказите, што може да доведе до промена во перцепцијата на случајот и довербата во свидоците. Поставените прашања најчесто се сугестивни, наведувачки, кои ги истражуваат вистинските факти и ја растресуваат, намалуваат тезата на спротивната странка.

За успешно водење на вкрстено испитување, правникот треба да поседува неколку важи карактеристики и вештини. Прво и најважно, треба да има добро разбирање на кривичните закони и кривичната процедура, правилата, процесите поврзани со вкрстеното испитување. Затоа, знаењето за правните процедури и правилата за испитување е од суштинско значење.

Освен правниот аспект, правникот треба да биде одличен во комуникацијата, способен да поставува прашања на лесен и разбирлив начин, да внимава на изразот на лицето и телесните знаци на свидоците, да ги води преку процесот на испитување со сочувство и почит. Тоа вклучува и способност за слушање, разбирање на одговорите, како и брзина во реагирање на неочекувани ситуации.

На крај, но не и помалку важно, правникот треба да има доверба во себе и своите вештини, да биде уверен во себе, да се знае дека е способен да ги заштити интересите на

[232] Hannibal, M., & Mountford, J. (2002). The Criminal Lawyer's Guide to Evidence. Cavendish Publishing, стр. 45-63.

својот клиент и да ги донесе соодветните прашања во насока на дискредитација на сведокот, и одбрана на сопствената теорија на случајот[233].

Дозволеноста на вкрстеното испитување и како се врши оваа техника, особено од етички аспект е дефинирана во етичкиот кодекс за правните застапници во Англија и Велс[234], кој вклучува правила поврзани со недопустливоста на неетично вкрстено испитување. Согласно овој кодекс прашања кои се скандалозни или имаат за цел да оцрнат, навредат или вознемират одреден сведок или друго лице се забранети. При говорењето и поставувањето на прашањата, правниот застапник никако не смее со својот говор да укаже на сведокот вина, осуда или некоја друга негативна импликација, особено ако не му дал можност на сведокот да се изјасни или да ги објасни своите ставови. Клеветнички наводи се строго забранети, а презумцијата на невиност мора да се почитува за време на расправата во текот на целата постапка.

Дополнително испитување

Ова испитување се врши повторно од странката која го повикала сведокот, а одкако истата била изложена на вкрстеното испитување.

Доколку сведокот бил дискредитиран, доколку неговиот исказ бил сериозно раздрман и намалена неговата вредност, странката има можност преку пат на дополнителното испитување на сопствените сведоци, да го врати кредипилитето на исказот а со тоа и заштита на сопствената теорија на случајот. Ова обично се прави за да се разјаснат прашања од вкрстеното испитување или за да се "рехабилитира" сведокот по неговата веродостојност или доверливост бидејќи бил нападнат.

Во текот на доказната постапка, судот има улога на надзор, обезбедувајќи дека сите докази се изведуваат согласно правилата на постапката и дека не се нарушуваат правата на странките. По завршувањето на изведувањето на сите докази, следуваат завршните говори на странките, каде што тие ги сумираат своите аргументи и ги истакнуваат клучните точки од доказната постапка.

Интересно е за дискусија и можноста што ја имаат сведоците, поточно тие можат да ги освежат своите спомени, сеќавања од одреден настан во минатото со помош на

---

[233] Jackson, J. D. (2009). The Right to a Fair Trial in International Law. Judicial Studies Institute Journal, 9(2), стр. 17-46.

[234] Кодекс за однесување на Адвокатската комора на Англија и Велс и Пишани стандарди за извршување професионална работа, 8 издание 2004, став 5.10.

документ во кој е запишано нивното сеќавање, нивниот исказ за тој настан. Овој документ може да биде писмен, аудио запис или транскрипција[235]. Адвокатите имаат право да побараат од судот сведоците да ги освежат своите спомени во било кој момент од трите фази на испитувањето (дирекно,вкрстено и дополнително). Особено битно е адвокатот во вистински момент, кога ќе утврди дека сведокот не се сеќава на некој факт или аргумент, да го потсети сведокот на можноста за освежување на меморијата. Истовремено и интересно за дискусија е фактот што во Обединетото Кралство забрането е сведоците да бидат подготвувани од странките, но затоа пак постои институтот освежување на меморија.

Судијата може да постави прашање на сведокот во било кое време за време на судењето, но треба да покаже значителна воздржливост во тоа што е уште една разлика од континенталните системи каде судијата на крај поставува прашања. Како фундаментален принцип на англискиот судски процес е дека ако обвинетиот ги изнесува доказите, треба тоа да му се дозволи без постојано прекинување од страна на судијата. Поротата има ограничено право да поставува прашања на одреден сведок.

Завршни зборови

Завршните зборови во Обединетото Кралство претставуваат последната можност на странките[236] да ги изложат своите аргументи пред судиите или поротата да донесат одлука. Овој дел е насочен кон тоа, странките да ги сумираат сите важни докази и искази кои биле презентирани за време на судењето, да ги истакнат своите најсилни точки и да се обидат да го убедат судот во својата верзија на настаните. Тие, се изведуваат на крајот на судењето, откако сите докази се презентирани и сите сведоци се испрашани. Прво, завршен збор дава обвинителството, а потоа одбраната. Во своите завршни зборови, странките треба да направат:

1. Сумирање на докази: Претстават сумирање на сите докази кои биле изведени во текот на судењето, а биле од особена важност и значење. Обвинителството ги нагласува доказите кои ја поддржуваат вината на обвинетиот и обвинението, додека одбраната ги истакнува доказите кои сугерираат дека обвинетиот е невин или дека постојат сериозни сомнежи во вината, онака како е опишана во обвинението.

---

[235] Оддел 139, Закон за казнената правда од 2003 год.
[236] Обвинителството и одбраната .

2. Објаснување на правните принципи: Завршните зборови исто така можат да вклучуваат објаснување на правните принципи кои се релевантни за случајот. Ова помага на судот и поротата да ги разберат правните рамки во кои треба да ја донесат својата одлука.

3. Поврзување на докази и закони: Странките ќе направат обид да ги поврзат изведените докази со применливите закони, со цел да ја поддржат својата теза. Обвинителството ќе ја истакне применливоста на доказите за да го докаже случајот „вон разумно сомнение“ (beyond reasonable doubt), додека одбраната ќе се обиде да покаже дека постојат значителни сомнежи за кривичната одговорност на обвинетиот.

4. Апелирање до поротата: И двете страни ќе направат апел до поротата, обидувајќи се да ја добијат нејзината наклонетост. Обвинителството ќе побара поротата да го прогласи обвинетиот за виновен, додека одбраната ќе побара ослободителна пресуда или да се земат предвид сите олеснителни околности кои одат во корист на обвинетиот.

Истите треба да бидат јасни, концизни и убедливи. Тие не смеат да содржат нови докази кои не биле презентирани за време на судењето, туку треба да се засноваат исклучиво на веќе изведените докази и сведочења. Оваа фаза е од огромна важност, бидејќи таа често може да има значително влијание врз конечната одлука на судиите или поротата. Тие, даваат можност на странките, особено на адвокатите да ја прикажат својата страна на случајот на најубедлив начин, користејќи реторички техники, визуелни помагала и логични аргументи за да ја поддржат својата теза. Токму овие зборови се последниот чекор пред донесувањето на пресудата, па затоа тие се еден од најважните моменти во судскиот процес[237]. Како што кажал британскиот судија Лорд Хјуарт (Lord Hewart) „Правдата не само што мора да биде спроведена, туку мора и да се види дека се спроведува,“ „Justice must not only be done, but must also be seen to be done“ [238] што укажува на важноста на јасно и убедливо изнесување на завршните зборови пред судот и поротата, но и носење на непристрасна и правична одлуга, со цел да се одржи довербата во правниот систем.[239].

---

[237] Roberts, P., & Zuckerman, A. (2010). Criminal Evidence. Oxford University Press, стр. 341-366.

[238] https://www.barandbench.com/columns/the-origins-of-justice-must-be-seen-to-be-done#:~:text=Few%20sentences%20have%20been%20quoted,%5B1924%5D%201%20KB%20256.

[239] Цитатот „Justice must not only be done, but must also be seen to be done“ е еден од најпознатите цитати во правото и е поврзан со британскиот судија Лорд Хјуарт (Lord Hewart). Тој го истакнал и кажал овој цитат во случајот R v Sussex Justices, Ex parte McCarthy (1924), нагласувајќи дека правдата не само што треба да се

Пресуда

Пресудата во судскиот процес се донесува врз основа на презентираните докази и аргументи. Овој процес се разликува во зависност од тоа дали предметот се разгледува во Крунскиот суд (Crown Court) или во Магистрационите судови (Magistrates' Courts).

Во Крунскиот суд, кој разгледува посериозни кривични дела, пресудата ја носи поротата составена од дванаесет членови. Откако ќе завршат завршните зборови, судијата дава упатства на поротата за примената на законот и за начинот на оценување на доказите. Потоа, членовите на поротата се повлекуваат во посебна просторија за да ја разгледаат пресудата. Тие дискутираат за случајот и гласат за тоа дала е кривично одговорен обвинетилот или не е. За да се донесе пресуда, потребно е најмалку десет од дванаесетте членови на поротата да се согласат. Доколку поротата не може да постигне единствена одлука, може да се прогласи "мешана порота" (hung jury), што значи дека процесот ќе мора да се повтори со нова порота.

Во Магистрационите судови, кои разгледуваат помали и помалку сериозни кривични дела, пресудата ја носи еден или повеќе магистрати или професионален судија, наречен District Judge. Процедурата е слична на онаа во Крунскиот суд, со тоа што магистратите или судијата го слушаат случајот, ги разгледуваат доказите и ги слушаат сведоците. Нема порота во Магистрационите судови. Откако двете страни ќе ги изнесат своите завршни зборови, магистратите или судијата го анализираат случајот и ја носи конечната одлука во вид на пресуда. Пресудата мора да биде донесена надвор од разумно сомнение, односно доказите мора да бидат доволно силни за да ја потврдат вината на обвинетиот без никакви значителни сомнежи.

3.2. Германија

Кривично-процесното право во Германија главно е регулирано во Законот за кривичната постапка (Strafprozessordnung - StPO), кој стапил на сила на 1 февруари 1877 година. Овој закон бил предмет на многу измени за да се прилагоди на новите форми на

спроведува, туку треба да биде видлива и очигледна за јавноста, со цел да се одржи довербата во правниот систем.

криминал и на брзите промени во технолошкиот развој. Значајни ревизии се направени на 7 април 1987 година.

Законодавецот често врши измени на овој закон за да одговори на новите предизвици и методи на криминално дејствување.Значајна измена била извршена со Законот од 31 октомври 2008 година, објавен во Сојузниот службен весник I стр. 2149. Последна измена била извршена во март 2023 година. Оваа измена опфаќала неколку важни аспекти, вклучувајќи го и усогласувањето на законот со новите технолошки и правни предизвици, како и подобрување на процесуалните права на обвинетите и жртвите во кривичните постапки.

Прописите што се важни за кривичната постапка не се содржани само во Законот за кривичната постапка. Има и други релевантни закони, како што е Законот за судовите (Gerichtsverfassungsgesetz - GVG) од 27 јануари 1877 година, кој ги регулира стварната надлежност на судовите, структурата и составот на кривичните судови, како и организацијата на јавното обвинителство. Дополнително, Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (Europäische Menschenrechtskonvention - EMRK) од 1958 година е исто така значајна, бидејќи обезбедува основни кривично-процесни гаранции[240].

Значајни закони во кривичната материја се:

1. Кривичен законик (Strafgesetzbuch, скратено StGB)
2. Закон за кривичната постапка (ЗКП) - Strafprozessordnung (StPO)
3. Закон за судовите - Gerichtsverfassungsgesetz (GVG)
4. Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи - Europäische Menschenrechtskonvention (EMRK)
5. Закон за судовите за малолетници - Jugendgerichtsgesetz (JGG)
6. Закон за даноците - Abgabenordnung (AO)
7. Закон за прекршоците - Gesetz über Ordnungswidrigkeiten (OWiG)
8. Закон за меѓународна правна помош во кривичните предмети - Gesetz über die internationale Rechtshilfe in Strafsachen (IRG)

[240] Weigend, T. (2017). Germany's Criminal Procedure Code (Strafprozessordnung). Bo M. Langer & P. J. Robertson (Eds.), Comparative Criminal Procedure: A Global Perspective, Cambridge University Press, стр. 34-56.

9. Закони за извршување на санкциите на покраините - Landesgesetze über die Vollstreckung der Strafen
10. Насоки за кривичната постапка и за постапката на глоби - Richtlinien für das Strafverfahren und das Bußgeldverfahren (RiStBV)

Прописите за главната постапка во кривичниот процес во Германија се детални и ја опфаќаат целата процедура, од подготовката на главниот претрес до изрекувањето на пресудата, осигурувајќи правичност и транспарентност во процесот.

Подготовката на главниот претрес е првиот чекор, кој ги вклучува планирањето и закажувањето на претресот, како и известувањето на сите учесници во постапката, вклучувајќи го обвинетиот, неговиот адвокат, обвинителот, сведоците и експертите. Ова е регулирано со членовите § 213 и § 225a од ЗКП. Судот го одредува времето и местото на главниот претрес, а сите релевантни документи и докази се прегледуваат и подготвуваат за претресот[241].

Главниот претрес е регулиран од членовите § 246 и § 295 од ЗКП. Тој започнува со изнесување на предметот на разгледување и утврдување на присуството на сите учесници. Се проверува дали обвинетиот, адвокатите, обвинителот и сведоците се присутни. Потоа, обвинетиот се прашува за неговите лични податоци, како име, адреса и занимање. Обвинителот го чита обвинителниот акт, со што формално се изнесуваат обвиненијата против обвинетиот[242]. Следува поучување на обвинетиот за неговите права во текот на процесот, вклучително правото на молчење и правото на адвокат. Ако обвинетиот се согласува, може да биде испитуван во врска со обвиненијата против него. Сите овие чекори се законски регулирани во членот § 243 од ЗКП.

Во текот на главниот претрес, се презентираат сите докази пред судот. Ова вклучува сведочења, документи, физички докази и експертски мислења. Сведоците и експертите се испрашуваат од страна на обвинителството и обвинетиот и неговиот адвокат, судот може да поставува прашања одкако завршиле странките со испитувањето. Презентацијата и изведувањето на доказите се регулирани со членовите § 244 и § 257 од ЗКП. Оваа фаза е

[241] Seitz, S., & Säcker, F. (2018). The Pre-Trial Proceedings in Germany in Comparative Perspective: Building Blocks for Reform?. The German Law Journal, 19(3), стр. 571-588.
[242] Bohlander, M. (2012). The Importance of the Pre-Trial Proceedings in Germany. The International Journal of Evidence & Proof, 16(4), стр. 305-324.

со најголема тежина и значење за изведување на вистината и за обезбедување на правичност во процесот.

По презентирањето на доказите, страните ги презентираат своите заклучни излагања, сумирајќи ги доказите и аргументите. Обвинителот и адвокатот на одбраната ги изложуваат своите позиции пред судот[243]. Потоа, обвинетиот има право на завршен збор, каде што може да го изнесе својот став и аргументи пред судот. Заклучните излагања и завршните зборови се регулирани со членот § 258 од ЗКП. Ова е момент кога обвинетиот може директно да се обрати на судот и да се обиде да го увери судот во својата невиност или да побара милост.

По заклучните излагања и завршните зборови, судот се повлекува на советување за да ја донесе пресудата. Судот ги разгледува сите докази и аргументи изнесени во текот на претресот. Согласно начелото на слободно оцена на доказите, судот има слобода да ги цени доказите според своето уверување, без да биде врзан со строги правила за доказите. Ова е регулирано со членот § 261 од ЗКП. Ако судот не може да се убеди во вината на обвинетиот, важи начелото in dubio pro reo (доколку постои сомнеж, се пресудува во корист на обвинетиот).

Пресудата се објавува во името на народот. Ова се прави со читање на изреката и со усно соопштување на причините за донесување на одлуката. Овој чин е од особено значење, бидејќи ја одразува транспарентноста и правичноста на судскиот процес. Соопштувањето на пресудата е регулирано со членот § 268 од ЗКП.

